УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

# МАГИСТЕРСКИ ТРУД

## ПОВРЗАНОСТ НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА И СО САМОПОЧИТУВАЊЕТО КАЈ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Ментор
проф.д-р Виолета Арнаудова

Кандидат:
Весна Миниќ

СКОПЈЕ – 2012

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | ВОВЕД | 4 |
| 1. | ТЕОРЕТСКА ПОЗАДИНА ---------- | 8 |
| 1.1 | НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ---------- | 8 |
| 1.1.1 | ФОРМИ НА НАСИЛСТВО---------- | 13 |
| 1.1.2 | ИНДИВИДУАЛНИ ФАКТОРИ НА РИЗИК---------- | 16 |
| 1.1.3 | ВОСПИТУВАЊЕТО И УСЛОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ---------- | 17 |
| 1.1.4 | СИТУАЦИСКИ ФАКТОРИ---------- | 19 |
| 1.1.5 | ТИПИЧНИ ЗНАЦИ НА НАСИЛНИКОТ---------- | 20 |
| 1.1.6 | ТИПИЧНИ ЗНАЦИ НА ЖРТВАТА---------- | 21 |
| 1.1.7 | ПОСЛЕДИЦИ ОД НАСИЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ---------- | 27 |
| 1.2 | КВАЛИТЕТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА---------- | 30 |
| 1.3 | САМОПОЧИТУВАЊЕ---------- | 44 |
| 1.4 | РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА---------- | 51 |
| 1.4.1 | РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА НА РЕЛАЦИЈА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ-КВАЛИТЕТ НА СЕМЕЈНА ИНТЕРАКЦИЈА---------- | 51 |
| 1.4.2 | РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА НА РЕЛАЦИЈА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ-САМОПОЧИТУВАЊЕ---------- | 54 |
| 1.5 | ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕ---------- | 57 |
| 1.6 | ИСТРАЖУВАЧКИ ХИПОТЕЗИ---------- | 60 |
| 1.7 | ВАРИЈАБЛИ---------- | 66 |
| 2. | МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО---------- | 69 |
| 2.1 | ПРИМЕРОК---------- | 69 |
| 2.2 | ИНСТРУМЕНТИ---------- | 69 |
| 2.3 | ПОСТАПКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ---------- | 74 |
| 2.4 | СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ---------- | 75 |
| 3. | РЕЗУЛТАТИ---------- | 76 |
| 3.1 | ПОВРЗАНОСТ НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА---------- | 79 |
| 3.2 | ПОВРЗАНОСТ НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО САМОПОЧИТУВАЊЕТО---------- | 82 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.3 | РЕЗУЛТАТИ ОД РЕГРЕСИВНАТА АНАЛИЗА---------------------------- | 84 |
| 3.4 | РАЗЛИКИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ ВО ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛСТВО------------ | 89 |
| 3.5 | РАЗЛИКИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА------ | 90 |
| 3.6 | РАЗЛИКИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ ВО ДОЖИВУВАЊЕТО НА ДИМЕНЗИЈАТА САМОПОЧИТУВАЊЕ----- | 91 |
| 4. | ДИСКУСИЈА------------------------------------------------------------------ | 93 |
| 4.1 | ДИСКУСИЈА ЗА ПОВРЗАНОСТА НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА----------------------- | 94 |
| 4.2 | ДИСКУСИЈА ЗА ПОВРЗАНОСТА НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО САМОПОЧИТУВАЊЕТО------------------------------------------------------ | 101 |
| 4.3 | ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РЕГРЕСИВНА АНАЛИЗА----- | 104 |
| 4.4 | ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ЗА ПОЛОВИТЕ РАЗЛИКИ ВО ОДНОС НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛСТВО, КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА И САМОПОЧИТУВАЊЕТО------------------------------------------------------ | 107 |
| 4.5 | ОГРАНИЧУВАЊА И НЕДОСТАТОЦИ-------------------------------------- | 116 |
| 4.6 | ПРАКТИЧНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД НАОДИТЕ---------------------------- | 117 |
| 5. | ЗАКЛУЧОК------------------------------------------------------------------- | 119 |
| 6. | ЛИТЕРАТУРА--------------------------------------------------------------- | 124 |
| 7. | ПРИЛОЗИ------------------------------------------------------------------- | 131 |

Во процесот на растење како и во текот на целиот живот сме изложени на бројни случувања во средината кои влијаат на нашите размислувања и однесувања. Ефектите од овие случувања зависат од периодот на живот во кој се наоѓа индивидуата, од ситуациските фактори, од нивната моќ но, и од особините на личноста. Социјализацијата има значајно влијание врз однесувањето на поединецот во групата. Преку процесот на социјализација детето презема вредности, ставови и прифаќа конструктивни или деструктивни модели на однесување. Нема сомнение и во однос на улогата на врсниците во поглед на процесот на растење, формирањето на идентитетот на поединецот, како и во поглед на формирањето на неговите навики и однесувања.

Во текот на историјата, детето било сфатено како незрело и несоцијално суштество („мал човек„) кое во текот на универзалната, биолошки одредена преобразба станува општествено суштество (Trebješanin, 2000). Концептот на детството и положбата на детето го привлекоа вниманието особено во текот на 60.те години од 20.век. Потребата детството да се разбере како посебен феномен го одразува зголемениот интерес за децата во современото општество (Žegarac, 2004).

Однесувањето на детето зависи од многу фактори, а потребно е особено да се нагласат воспитните, индивидуалните и ситуациските фактори. Во тој контекст неопходно е да му се даде приоритет на семејството. Тоа е примарна биолошка, општествена, економска, психолошка и сексуално заснована заедница која ја сочинуваат пред се возрасните репродуктивно способни партнери (мајка и татко) и нивното потомство. Меѓу членовите на семејството се воспоставува цврста емоционална поврзаност, взаемни симпатии, солидарност и несебично взаемно помагање. Покрај репродуктивна и социјалната улога, семејството има и значајна психолошка, воспитна и социјализаторска улога во формирањето на личноста на потомците. Тоа е најзначајниот агенс, односно фактор во процесот на социјализација (Trebješanin, 2004).

Постапките на родителите, односно нивниот начин на воспитување, во најголема мера придонесуваат за обликувањето на личноста на детето. Емоционалните односи и целокупната атмосфера во семејството се составен дел од воспитните влијанија кои семејството ги остварува, директно или индиректно. Со своите воспитни постапки

родителите влијаат на формирањето на младиот човек како комплетно изградена личност која може адекватно да функционира во општеството.

Семејството е првото место каде се поставуваат темелите на емоционалниот, социјалниот и моралниот развој (Žegarac, 2001 i 2004), односно тоа е базична средина во која се создаваат механизмите за инхибиција на непожелните форми на однесување. Но, не смее да се заборави дека некои карактеристики на семејството, исто така, влијаат и за развојот на насилното однесување. Во тој поглед доколку родителите манифестираат агресивно однесување децата нема да усвојат механизми на инхибиција, туку на агресија. Насилството во семејството може да се дефинира како збир на однесувања чија цел е да се воспостави контрола над другите преку употреба на сила, застрашување и манипулирање. Наспроти ваквите семејства постојат семејства кои ја унапредуваат здравата комуникација, развиваат позитивна слика за себе, јасно го истакнуваат ставот на неприфаќање на насилство и на тој начин можат да превентивно да влијаат на намалување на насилството меѓу децата.

Што се однесува до училиштето, тоа е општествена институција која е организирана да се грижи за развојот и добросостојбата на учениците. Но, и покрај тоа, на многу ученици им се случува на училиштето да се сеќаваат како на место во кое биле предмет на потсмевање и навредување, каде што биле застрашувани и физички напаѓани, и каде што научиле што значи да се биде социјално изолиран, исплашен и понижен. Сето ова најчесто е дел од интеракцијата меѓу учениците, што значи дека ако се набљудува од друга перспектива, училиштето е и место каде многу ученици трпат одделни форми на насилство од страна на нивните соученици. За жал, насилството во училиштата не е нов феномен во светот, но насилното однесување на учениците во последните неколку години доби нови карактеристики бидејќи тоа не е изолирано од случувањата во општеството. Перцепцијата на насилничкото однесување меѓу учениците го привлекува вниманието на јавноста, родителите, ангажира многу институции и организации кои се обидуваат овој проблем да го стават под контрола (Krkeljić,2005).

Насилството (злоставувањето) е збир од намерни, негативни постапки кои се долготрајни (2-3 пати месечно и почесто), кои се насочени на ист ученик (главно послаб) од страна на еден ученик или група, најчесто 2-3 ученици злоставуваат еден (Olweus 1998). Факт е дека некои ученици често се вознемирувани и напаѓани од страна на други ученици, а многу возрасни луѓе имаат лични искуства за тоа од сопствените училишни денови.

Агресијата, деликвенцијата и другите форми на насилно однесување кај учениците се јавуваат кога индивидуалните способности за сфаќање и реагирање на општествените барања, ситуации и можности не се соодветни и не се прилагодени на барањата за акција. Овие барања за акција се всушност предизвиците со кои индивидуата мора да се соочи. Поради проблеми во однесувањето, кај децата можат да се појават не само моментални потешкотии, туку и ограничувања во личниот развој и успешното прилагодување во општеството, како и ширење на ваквиот вид на однесување кај други лица. Поради тоа може да се претпостави дека учениците кои се агресивни и кои на било кој начин ги злоставуваат другите ученици се потенцијални носители на подоцнежното проблематично однесување. Училишниот насилник повеќе отколку некој друг ученик ќе биде склон кон извршување на кривични дела. На ова укажуваат и емпириските наоди според кои приближно 60% од момчињата (кои биле означени како насилници во периодот од 5. до 8. одделение) до својата 24 година биле барем еднаш осудувани (Olweus,1998).

Насилството во училиштата опфаќа широк спектар на агресивни однесувања кои се случуваат меѓу децата, од решавање на конфликти по пат на насилство, неприфатливо изразување на лутина или фрустрации, до предизвикување на сериозни инциденти.

Истражувањата покажуваат дека децата кои се жртви на насилното однесување од своите врсници најчесто имаат ниско самопочитување (Elez, 2003). Самопочитувањето се стекнува во текот на растењето и низ интеракцијата, а кај учениците од основно училишна возраст во голема мера зависи од тоа како другите ги проценуваат, односно како се проценети од страна на родителите, наставниците, врсниците. Тоа е поврзано со различни карактеристики и однесувања на поединците.

Наодите зборуваат дека интеракциите со родителите се важни за создавање и менување поимот за себе. Во тој контекст, за децата на помала возраст интеракциите со родителите се одлучувачки, а во периодот на адолесценција, интеракциите со врсниците стануваат многу позначајни, иако и натаму се значајни интеракциите и со родителите. Во периодот на доцната адолесценција се развиваат сопствените верувања и ставови кои во мала мера зависат од влијанието на другите од опкружувањето (Lebedina-Mazoni, 2007).

Највисоко самопочитување во групата имаат децата кои имаат статус на популарно дете (Bezinović, Lacković-Grgin,1990). Пониско самопочитување се јавува кај децата кои не се во можност да воспостават блиски односи со членовите на групата, односно, доколку референтната група го отфрла детето, тешко е дека тоа може да се смета за вредно (Lacković-Grgin,1994).

Перцепцијата на насилното однесување меѓу учениците од основно училиште, квалитетот на семејната интеракција и нивоата на самопочитување ќе бидат предмет на изучување во овој магистерски труд. Постојат, барем три главни причини поради кои треба да се проучува насилството меѓу децата. Прво, повеќето култури сведочат за зголемување на насилството меѓу децата. Второ, распространетоста на агресивноста формирана во раниот период од животот, односно во детството, може да биде основа за развој на агресијата кај возрасните. Трето, квалитетот на детството и формирањето на личноста се под влијание на експресијата и инхибицијата на агресијата.

Во овој труд имаме намера да одговориме на прашањата: Зошто децата манифестираат насилство? Зошто некои деца се поподложни на насилство во споредба со други? Зошто насилството меѓу децата е штетно? Како насилството е поврзано со семејната интеракција? Како насилството е поврзано со самопочитувањето? Дали постојат разлики во насилството од аспект на половата припадност? Дали постојат разлики во доживувањето на семејната интеракција кај ученици од различен пол? Дали постојат разлики во самопочитувањето кај учениците од различен пол?

Поставените прашања се само дел од прашањата кои се поврзани со насилното однесување на децата, а на дел од нив ќе се обидеме да дадеме одговор во нашето истражување.

Првиот дел од трудот е **теориски** и во него ќе бидат прикажани теориските основи на истражувањето-насилството, квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето. Вториот дел од трудот е **истражувачки** и во него ќе бидат прикажани врските меѓу перцепцијата на насилното однесување кај учениците од основно училиште, квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето. Оваа поврзаност ќе се разгледува преку анализа на резултатите кои ќе бидат добиени со примена на соодветни инструменти со кои ќе се создадат можности за тестирање на поставените хипотези.

## 1. ТЕОРЕТСКА ПОЗАДИНА

Во последно време голем број студии се фокусирани на проучување на насилното однесување меѓу учениците, на факторите кои влијаат за манифестирање и за доживување на насилно однесување. Насилното однесување меѓу учениците во последните години стана многу широко поле за проучување со цел да се обезбеди превенција од оваа форма на однесување. Истражувањата и проучувањата на насилството претставуваат предизвик и поттик за психолозите од институциите да се ангажираат во решавањето на овој многу сериозен општествен проблем.

### 1.1 НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Насилството постои откако постои човекот. За насилството како општествена појава пишувале многу филозофи, почнувајќи од античките филозофи, како што се Хераклит и Платон, па до "поновите" филозофи, како што е Хобс, психоаналитичарот Сигмунд Фројд и многу други. Од средината на минатиот век, многу психолози се заинтересирале за феноменот на насилно однесување. Особено се обрнувало внимание на оние аспекти од насилството кои се условени од социјални, односно општествени девијации, па вниманието интересот се фокусирал на насилството во општеството како целина и на карактеристиките на однесувањето на припадниците на одредени култури (Lalić, 1999). Насилството над децата е општ проблем кој е присутен во сите општества, сите култури и сите региони од светот. Милиони деца секојдневно се изложени на насилство, кое всушност претставува грубо кршење на нивните права.

Кога зборуваме за насилство меѓу учениците од психолошка перспектива, насилството можеме да го набљудуваме како вид на агресивно однесување. Всушност, агресивноста е поширок поим кој во себе вклучува насилство, па со самото тоа и насилство меѓу учениците. Во поширока смисла, насилството предизвикува намерна повреда на жртвата од страна на насилникот. Повредата може да биде физичка и психичка. Насилството меѓу учениците ги крши правата на учениците за човечко достоинство, приватност, слобода и сигурност. И покрај големиот број на истражувања поврзани со насилството, сеуште не е разјаснета етиологијата на насилното однесување. Насилното однесување се јавува во сите аспекти од животот на поединецот, а емпириските наоди покажуваат дека најподложни на насилно решавање на проблеми се

младите кои се всушност во процес на созревање и формирање на идентитет и животни ставови. Целите на насилниците се различни. Некои имаат цел по пат на агресија да нанесат штета и бол (импулсивна агресија), други имаат цел да постигнат нешто, без оглед на тоа кој ќе настрада на тој пат (инструментална агресија) (Bilić, 1999). И причините за насилното однесување се комплексни, па така насилното однесување може да претставува обид за стекнување популарност, но и обид да се покаже одлучност, способност или обид да се сврти вниманието кон себе. Насилството може да биде и израз на љубомора, но и обид за надминување на личните проблеми и фрустрации кои личноста не е во состојба да ги реши на некој друг начин.

Детето кое е изложено на насилство во сопственото семејство може истиот начин на однесување да го пренесе и во својата училишна средина. Некои деца не прифаќаат дека нивниот начин на однесување е лош и неприфатлив, ниту пак можат да согледаат како се чувствува нивната жртва. Понекогаш нема остри граници меѓу "злоставувачот" и "жртвата", бидејќи во различни периоди и ситуации улогите можат и да се заменат, па насилникот станува жртва, а жртвата-насилник. За да се спречи тенденцијата на зголемување на насилството меѓу учениците, и да се сузбие оваа појава, потребно е да се ангажира целото општество, вклучувајќи ги учениците, наставниците, родителите и медиумите. Во поразвиените делови од светот занимавањето со насилството меѓу учениците помина низ неколку фази: од утврдување на присуството на насилство, работење на сензибилизирање на јавноста за овој проблем, создавање свест за потребата од интердисциплинарен пристап, зголемување на ангажираноста на надлежните институции, собирање средства и поддршка од институциите, до изработка на превентивни и интервентни програми, како и нивна евалуација.

Насилството меѓу учениците претставува социјален проблем, посматран како краткорочно така и долгорочно. Тоа предизвикува патење кај децата, сериозно го загрозува нивниот раст и развој, добросостојбата па и животот, а последиците често се тешки и долготрајни. Без сомнение дека насилството меѓу училишните деца е многу стара појава. Не е мал бројот на оние кои се сеќаваат на учениците во одделението кои биле отфрлени од другите, со кои никој не сакал да седи, на кои целиот клас им се потсмевал, ги предизвикувал, па дури и физички ги злоставувал. Искуствата на детето во училиштето во голема мера влијаат на неговото подоцнежно прилагодување во животот и работата. Имајќи го ова предвид, можеме да заклучиме дека важна улога имаат некои институции во поглед на осмислувањето на програми кои би создале оптимални услови за континуиран

развој на децата (учениците) како телесен, морален, интелектуален и социјален во согласност со нивните способности и интереси.

Насилството меѓу учениците, создава најинтензивни психички трауми, остава долготрајни последици врз психичкото здравје. Без оглед на тоа дали насилството е свртено кон себе, кон другите или кон средината, тоа секогаш подразбира односи меѓу луѓето и тоа односи кои се нарушени и кои водат до злоупотреба на моќта и до губење на довербата. Насилството никогаш не се сведува само на еден акт. Тоа вклучува континуирана серија на меѓусебно зависни настани кои се одвиваат во одреден контекст. Понатаму, насилството се извршува со намера да му се нанесе бол или повреда на друго лице. Кога постои повреда без постоење на намера и намера без постоење на повреда, постапките неможе да се сметаат за насилни.

Односот на целокупната општествена јавност во однос на насилството е двоен. Од една страна насилството, со оглед дека спаѓа во опасните општествени појави, кај луѓето предизвикува загриженост, анксиозност и идеи за пропаст на општеството. Но, од друга страна, во општеството преку насилството може понекогаш многу лесно да се поминува, така што насилството се премолчува. Во последните години, се појасен е ставот дека во однос на насилството не треба и не може да се биде неутрален, односно дека насилството меѓу учениците се однесува на сите и бара активен и ангажиран став. Во согласност со тоа, како и во согласност со фактот дека насилството меѓу децата во светот е во пораст, расте и интересот како кај лаиците така и кај експертите за работа со оваа проблематика.

Првите систематски истражувања за насилството меѓу врсниците почнале во 70-те години од минатиот век (Olweus, 1978) во Скандинавските земји. Проблематиката со која Olweus се бавел од научен аспект, на јавноста и се наметна како исклучително значајна, кога три момчиња од Норвешка извршија самоубиство поради насилството што врз нив го вршеле нивни врсници. Норвешкото министерство за образование во 1983 година започна кампања на ниво на државата насочена кон решавање на проблемот на насилство меѓу учениците, со што се означи новиот период во работењето и обидите за надминување на овој проблем. Она што е исто така значајно, е фактот дека со оваа постапка проблемот на насилството меѓу врсниците "се помести" од позицијата на поединечни и осамени трудови кон потребата за интердисциплинарен пристап кон овој проблем. Насилството меѓу учениците достигнало експанзија кон крајот на 80-тите и почетокот од 90-тите години на минатиот век, па тоа поттикнало истражувања и во други земји меѓу кои Јапонија, Англија, Канада, SAD и Австралија. Денеска, многу експерти нагласуваат дека појавата на насилство во училиштата и натаму има тенденција на растење како во светот така и кај

нас. Со право можеме да констатираме дека насилството меѓу учениците како облик на манифестирано агресивно однесување е се позастапен во современово општество.

Светската здравствена организација секои четири години реализира голема теренска студија за училишното насилство, а во последната студија која беше спроведена во 2006 година, биле вклучени 29 земји. Резултатите од спроведеното истражување покажуваат дека насилството меѓу учениците во европските земји е најприсутно во Австрија -68.1%, во Данска, Гренланд, Литванија и Германија 61.2%, Израел-43%, Северна Ирска 21.3% итн. Овие истражувања се спроведени на ученици на возраст од 11-15 години. И во Црна Гора во изминатите неколку години им се посветува големо внимание на проблемите поврзани со насилството меѓу учениците. Оваа состојба беше и непосредниот поттик овој труд да се посвети на овој актуелен проблем. Во рамки на проектот "Училиште без насилство – кон сигурна и стимулативна средина за децата (2006-2008 год.) инициран од UNICEF во соработка со Министерството на образование и спорт, реализиран е одреден број истражувања кои ги изучуваа формите и распространетоста на насилството во основните училишта како и реакциите на децата и возрасните во однос на училишното насилство. Насилството меѓу учениците добива различни форми и станува посурово и побрутално и за децата и за младите, па често пати е и поголем проблем отколку што сметаат возрасните. Насилството е присутно на сите возрасти и меѓу сите учесници во процесот на образование.

Терминот насилство меѓу учениците, булинг односно насилништво (според англискиот збор „bullu„ означува дијапазон на манифестации на насилно однесување на учениците. Од психолошка перспектива, насилството меѓу учениците како форма на однесување може да се дефинира на различни начини. Во дефинициите за насилството заедничко е што под насилство се подразбира секое физичко или психичко насилно однесување насочено кон децата од страна на нивните врсници, кое е направено со цел да се нанесе повреда, кое вклучува повторување на ист образец и одразува нерамноправен однос на силите (појаките против послабите или групата против поединецот). Секоја насилна постапка може да се разликува според формата, тежината, интензитетот и времетраењето. Во тој контекст насилничкото однесување на учениците се разликува од краткотрајните инциденти и кавги. Основната разлика меѓу насилничкото однесување на учениците од една страна и инцидентите и кавгите од друга страна, е всушност во намерната желба на друг ученик да му се нанесе зло, потоа во поглед на повторување на акцијата во текот на одреден временски период и во поглед на доминирањето на силите на индивидуален или групен план. Под насилство меѓу врсниците, Olweus (1999) ја

подразбира појавата кога ученикот повторно и трајно е изложен на негативните постапки од еден или повеќе ученици. Според ова определување, под врсничко насилство не се подразбираат краткотрајните повремени безначајни напади кои се насочени против еден ученик. Поимот насилство се користи кога постои несоодветен однос на силите, односно кога ученикот кој е изложен на нападн има проблем да се одбрани и на извесен начин е беспомошен во однос на ученикот кој го злоставува. Исто така, според ставовите на Olweus, поимот насилство не би требало да се применува во случајот кога два ученика со приближно иста сила (физичка или психичка) се тепаат или препираат. Во согласност со претходно наведените определби за насилството, можеме да речеме дека за насилство меѓу учениците се работи кога се вклучени следниве елементи: негативни постапки кои се повторуваат и се трајни, како и постапки во кои постои асиметричен однос на силите.

**Негативни постапки** се постаките што некој намерно ги нанесува или настојува да ги примени на некој друг за да го повреди или да му нанесе непријатност. Berkowitz агресијата ја дефинира како било кое однесување (физичко или вербално) спроведено со намера да се повреди некој (физички или психички) (Žužul, 1989). Значи, негативните постапки всушност се агресивни постапки кои можат да се спроведат со употреба на зборови, со физички контакт, или без успотреба на зборови или физички контакт. Оние негативни постапки кои употребуваат зборови вклучуваат закани, потсмевање, навредување; негативните постапки со физички контакт вклучуваат постапки како што е исклучување од групата или играта. За да може негативната постапка да се смета за насилство, таа мора да се повторува во подолг временски период. Доколку постапките со агресивен карактер продолжуваат со знаци на непријатност или отпор, тогаш се сметаат за насилство.

**Повторување и трајност**: за да може да се смета негативната постапка за насилство таа мора да се повторува во одреден временски период. Овој услов е вклучен во дефиницијата за насилството за да може од појавата на насилство во училиштето да се исклучат беззначајните постапки кои се насочени кон ученикот (како што е предизвикувањето), а кои се составен дел на играта и се од пријателска природа. Значаен елемент на насилството претставува намерата да се нанесе штета, а со тоа се овозможува да се прави разлика меѓу насилното однесување и обичните детски предизвикувања, докажувања, повремени "жртви", и случајни повредувања, но ваквиот пристап создава и значајни потешкотии (Popadić,2009). Затоа, се нагласува дека насилството претставува неоправдано нанесување штета на некој друг (Popadić i Plut, 2007), при што однесувањето со кое се нанесува штета може да биде вербално и невербално и може да се состои во

физичко повредување, нанесување материјална штета или психичко повредување. нанесување материјална штета или психичко повредување, како на пример застрашување, засрамување, социјална изолација и слично. Неоправданоста укажува дека постапката е нелегитимна, незаслужена, несоодветна.

**Асиметричен однос на силите:** терминот насилство се применува само доколку меѓу учениците постои несоодветен однос на силите, односно асиметричен однос на силите. Со други зборови, ученикот е изложен на насилство доколку тешко се брани и донекаде е беспомошен во однос на ученикот (учениците) кој го злоставува. Реалната или перцепираната несоодветност на силите може да се појави во ситуации на директно насилство ако ученикот (жртва) навистина физички е послаб во однос на ученикот злоставувач, ако жртвата себе си се доживува послаба (како физички така и ментално), ако постои несоодветност во бројот на жртви и злоставувачи. Во ситуациите на индиректно насилство несразмерот на силите може да се јави во случај на изолација на ученикот од групата, ширење на гласини итн. Злоставувањето вклучува нанесување штета со физичка сила, но и без примена на физичка сила како во случајот на емоционално злоставување, занемарување, сексуално злоставување. Мета на насилството може да биде поединец или група. Резултатите од истражувањата покажуваат дека жртвата е злоставувана од група од 2-3 ученика во 60-65%, а во 35-40% случаи врсничкото злоставување го вршат поединци (Olweus, 1998). Реазултатите од едно истражување спроведено во Србија укажуваат дека околу 5% ученици од едно училиште го сочинуваат насилното јадро во едно училиште, а од контекстот, присутноста и ставовите на возрасните зависи колкава штета ќе направи таа група на насилници (Plut i Popadić, 2007).

## 1.1.1 ФОРМИ НА НАСИЛСТВО

Од аспект на формата, насилството или злоставувањето меѓу децата во училиштето може да се подели на **директно насилство и индиректно насилство**. За директно насилство се зборува кога жртвата долготрајно е напаѓана со директно нанесување штета, како на пример физичко повредување, вербално навредување, крадење пари итн. Додека пак, за индиректно насилство се зборува кога жртвата долготрајно е напаѓана со индиректно нанесување штета, како на пример, ширење на гласини и невистини за некое дете од страна на неговите врсници, наговарање на врсниците да не се дружат со некое дете итн. (Baldry, 2003).

Покрај наведената класификација, насилството меѓу децата во училиштето може да биде и **вербално** (навредување, ширење гласини, постојано предизвикување, исмејување, заканување) и **физичко насилство** (удирање, туркање, штипење, кубење). Во рамки на наведените форми на насилство можат да се одвојат четири дополнителни форми на насилство: **сексуално насилство** (кое подразбира несакан физички контакт по интимните делови на телото и навредливи коментари), **културно насилство** (кое подразбира навредување на национална, религиска и расна основа), **економско насилство** (кое вклучува однесување како крадење и изнудување на пари), и **емоционално насилство** (кое вклучува однесување како намерно исклучување на жртвата од заедничките активности на класот или групата и игнорирање). (Поликлиника за заштита на децата од градот Загреб, 2003).

Со оглед на функцијата, насилното однесување може да се подели на **инструментално и непријателско насилство** (Žužul, 1989). **Инструменталното насилство** е однесување кое има функција на обезбедување на нешто корисно за оној кој го извршува, додека **непријателското насилство** наменето е пред се за нанесување бол и штета на друга личност. Наодите од бројни истражувања зборуваат дека голем дел од насилството меѓу децата може да се толкува со инструменталната агресија. Така, Patterson, Litteman и Bricker (според Olweus, 1998) наведуваат дека децата насилници често ги присилуваат своите жртви да им обезбедуваат пари, цигари, пиво и други материјални добра, додека Bandura наведува дека со агресивното однесување во многу ситуации се обезбедува награда во форма на уживање и углед.

Насилниците ја користат агресијата и насилството за постигнување доминација и моќ меѓу врсниците (Olweus, 1998). Овие лица главно се социјализирани во неадекватна семејна атмосфера во која постои отсуство на родителска грижа, недоволно внимание за чувствата на децата, физичко казнување, недостаток на топлина, внимание, бурно реагирање на родителите. Ваквото однесување може да биде причина за настанување на насилно однесување меѓу учениците (buling).

Испитувањата покажаа дека учениците над кои се врши насилство (жртви на насилство) најчесто се плашливи и несигурни, внимателни, осетливи, тивки, реагираат со плачење и повлекување, имаат ниско самопочитување, презаштитени се од страна на родителите, не се агресивни (освен во некои ситуации), имаат посебни потреби, претставуваат малцинство во однос на другите ученици, субмисивни се итн.

Како последица од насилното однесување меѓу учениците може да се случи кај жртвата на насилство да дојде до намалување на академските способности. Ученикот-

жртва на насилство чувствува страв да оди во училиште, па ваквиот страв може да доведе до почесто отсуство од училиште, проблеми со концентрацијата и слаби резултати во училиштето. Некои истражувања покажуваат дека меѓу децата кои се жртви на насилство се јавува симпатија, сочувствување едни со други бидејќи имаат ист проблем, а со тоа всушност тие ја намалуваат напнатоста што не можат да ја контролираат. Кај нив се забележува доверување едни на други со желба да разговараат за проблемот, сакаат некој да ги сослуша и охрабри. Битен елемент на многу програми за превенција од насилство е охрабрувањето на жртвата и разговор со неа. Hunter во своето истражување спроведено на деца од 9 до 14 години ја потврди потребата од взаемна доверба и отворена комуникација (Hunter, 2004). Наодите покажуваат дека учениците повеќе бараат помош кога ќе почувствуваат дека некој им верува. Поради тоа, наставниците и стручните соработници во училиштата мораат да бидат упатени во епизодите на насилство за да ги сослушаат децата кои се жртви на насилство и да ги спречат идните напади. Истото истражување покажа дека девојчињата повеќе бараат помош од стручњаци и полесно им се доверуваат.

Децата кои злоставуваат други деца често се сметаат за извршители на насилство. Нив им е својствено да ги предизвикуваат другите на непријатен начин, да се потсмеваат, да заплашуваат, да се туркаат, удираат, гаѓаат, да го оштетуваат имотот на другите деца. Тие главно избираат за своја мета послаби или беспомошни ученици, но се случува своето насилничко однесување да го покажуваат и кон други ученици.

Се поставува прашање, зошто децата воопшто вршат насилство? Постои голем број на одговори. Наодите од истражувањата потврдуваат дека постојат многу фактори кои на индивидуален, семеен и социјален план водат до насилство, а меѓу нив можеме да ги издвоиме стресот, идентификацијата со агресорот, нискиот степен на едукација, невработеноста, медиумската пренагласеност, војната, карактеристиките на соседството, квалитетот на семејната клима, отсуството на самопочитување.

Наодите од истражувањата спроведени во Европа и Америка укажуваат дека 80% од извршителите на казнени дела направени од адолесценти и самите имале искуство на лично злоставување и занемарување во периодот на детството. Децата кои израснале без љубов, поддршка и заштита, често под влијание на ниското самопочитување го напуштаат училиштето, а тоа пак најчесто води до невработеност и сиромаштија, до можно учество во кривични дела, насилство, конзумирање алкохол и др.

Мотивите за појава на насилство можат да бидат разновидни. Во таа смисла Scott наведува дека агресивните реакции се резултат од заедничкото дејствување на агресивната личност и стимулацијата на средината (според Žužul, 1989). Дали некое дете ќе се

однесува насилно условено е од голем број фактори-индивидуални, воспитни и ситуациски. Овие фактори ќе бидат разработени во делот што следува.

## 1.1.2 ИНДИВИДУАЛНИ ФАКТОРИ НА РИЗИК

Како карактеристика на личност, агресивноста се појавува на две нивоа, како **латентна агресивност** и како **манифестна агресивност**. **Латентната агресивност** Žužul (1989), ја дефинира како релативно трајна и стабилна карактеристика на поединецот во провокативни ситуации да реагира со зголемување на емоционалната тензија и со појава на тенденција за напад на изворот на провокација. Според тоа, за искажување на насилничкото однесување неопходно е постоењето на агресивна мотивација. Сепак, во ситуациите во кои постои агресивна мотивација не мора да дојде до **манифестна агресија** поради постоењето на агресивна инхибиција. Латентната агресивност е карактеристика која главно е одредена со наследство, додека агресивната инхибиција е под влијание на учењето. Значи, на настанувањето на насилното однесување од индивидуалните фактори пред се влијае наследната и релативно стабилната карактеристика на нервниот систем, зголемената латентна агресивност (мотивација), намалената агресивна инхибиција, која со учење може да се менува (Žužul, 1989).

Истражувањата за насилството меѓу децата покажаа дека на децата кои се насилници им недостига емпатија со жртвите (Olweus, 1998), а тоа некои автори го толкуваат со потешкотиите во препознавањето на социјалните знаци од средината. Имено, истражувањата на Dodge, на Dodge и Vasta покажаа дека агресивните деца почесто отколку неагресивните на другите им припишуваат непријателски намери (според Vasta, Haith i Miller, 1998). Други истражувања спроведени од Dodge покажаа дека кога постојат знаци кои укажуваат дека намерите не биле непријателски, агресивните деца потешко ги разбираат и ги толкуваат тие знаци (според Vasta, Haith, Miller, 1998). Според тоа, настанувањето на насилното однесување може да се толкува со тоа дека децата кои се насилници голем број ситуации доживуваат како провоцирачки, а тоа кај нив предизвикува агресивна мотивација. Сепак, до манифестна агресивност не мора да дојде доколку со помош на учење е усвоен механизмот на агресивна инхибиција.

## 1.1.3 ВОСПИТУВАЊЕТО И УСЛОВИТЕ ЗА РАЗВОЈ

Преку бројни истражувања Olweus утврди дека родителското воспитување и условите на растење дејствуваат на создавањето на насилникот преку влијанието на четири фактори (Vasta, Haith i Miller, 1998). Првите два фактори се однесуваат на родителските димензии- **родителска топлина и родителски надзор**. Децата чии родители се наоѓаат ниско на димензијата топлина во родителскиот стил, кои не се емоционално осетливи на детските потреби, кои даваат мала емоционална поддршка, недоволно внимание и интерес за децата, често се непослушни, агресивни, покажуваат проблеми во однесувањето. Недостатокот на љубов и топлина, а особено во најмалата возраст, претставува опасност за подоцнежното насилство кај момчињата и за нивното непријателство кон другите. Втората димензија од родителскиот стил е **родителскиот надзор** и се однесува на степенот до кој детето е супервизирано, дисциплинирано и насочувано од страна на родителите. Децата кај кои родителите не поставуваат јасни граници во насилничкото однесување кон врсниците, кон браќата но, и кон возрасните, односно децата чии родители се пермисивни спрема искажувањето на агресијата, ја зголемуваат детската агресивност а со тоа и ја зголемуваат опасноста од подоцнежното насилничко однесување.

Третиот фактор кој значајно го зголемува ризикот од подоцнежното насилство е **емоционалното и физичкото злоставување на детето** од страна на родителите или старателите (Puhovski, 2002). Покрај злоставувањето на детето, фактор кој го зголемува ризикот за агресивно однесување е и **присуствувањето на насилство во семејството**. Овој наод е потврден во бројни истражувања. Во истражување со Канадскиот национален прашалник за деца и млади добиени се резултати кои укажуваат дека децата кои присуствуваат на насилство во куќата во поголем број ги злоставуваат своите врсници како со директно, така и со индиректно насилство (според Baldry, 2003). Насилството на децата кои се емоционално и физички злоставувани и кои се сведоци на насилство во домот делумно може да се толкува со теоријата за социјално учење од Бандура. Според оваа теорија децата кои присуствуваат на насилство, учат дека насилството е прифатлив вид на однесување во ситуација на фрустрација. Злоставувањето на детето (особено емоционалното злоставување) и присуствувањето на насилство во семејството се битни фактори на ризик детето да стане жртва на насилство (Puhovski,2002). Таа поврзаност не е директна туку кај таквите деца доаѓа до смалување на самопочитувањето, депресија, страв и тоа може да доведе до оддалечување од групата на врсници, изолација на детето што во

голема мера ја зголемува можноста детето да стане жртва. Резултатите на многу истражувања упатуваат на семејната клима како значајна детерминанта за настанување и развој на насилното однесување. Rigby смета дека недоволната родителска грижа за децата и недоволното внимание за нивните чувства можат да бидат значајни фактори за настанување на насилство меѓу учениците (Baldry, 2003). Sinobad (2005) наведува дека фактори кои доведуваат до развој на насилно однесување се претераната попустливост на родителите и дозволувањето на насилно однесување, недостатокот на топлина и внимание, физичкото казнување и бурното реагирање на родителите.

Училиштето е без сомнение место каде се случуваат најмногу насилства меѓу децата. Тоа најчесто се манифестира со удирање, уништување на предмети, уништување имот на друг ученик, фрлање предмети преку прозор, потсмевање и вербални навреди. Често вклучува непријатни коментари за семесјтвото на детето или за семејствата на роднините. Другиот вид насилство-индиректното насилство, вклучува намерно исклучување на детето од групните игри. Ваквите инциденти се повторуваат и детето се чувствува непријатно. Во училиштето насилството се случува во ходниците и во другите простории кои се надвор од контролата на наставниците. Тоа може да се случува и во паралелката, пред другите деца кои поради незаинтересираност, страв или недоволна емпатија најчесто не се вклучуваат да и помогнат на жртвата.

Четвртиот фактор во воспитувањето, кој го поттикнува детето да стане насилник е **темпераментот на детето**. Така, Thomas и Chess-ова наведуваат дека "потешко воспитуваните деца", имаат повеќе проблеми во однесувањето (според Vasta, Haithm, Miller, 1998). Наодите од други истражувања зборуваат дека не се работи за директна поврзаност на темпераментот и антисоцијалното однесување туку за поврзаност каде варијабла медијатор е родителскиот однос кон детето. Во интеракција со недоволно осетливи, нетрпеливи, неконзистентни и нестабилни родители постои зголемен ризик децата да развијат несигурна приврзаност, па родителите реагираат агресивно на однесувањето на децата.

## 1.1.4 СИТУАЦИСКИ ФАКТОРИ

Дефиницијата за насилство во училиштата вклучува негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици. Од оваа дефиниција јасно се гледа дека насилството во училиштата може да го направи еден или повеќе ученици. Во повеќето случаи жртвата на на насилтвото е злоставувана од група од 2-3 ученици. Насилството често се одвива во групи, во кои се јавуваат механизми со кои тоа се поттикнува. Во ситуација кога едно или повеќе деца се однесуваат насилно децата го прифаќаат таквото однесување доколку тоа позитивно се вреднува, или како што наведува Бандура ако агресивното однесување придонесува за уживање и углед таквото дејствување на моделот силно влијае на учениците кои се несигурни. Децата кои во тие ситуации почнуваат да се однесуваат насилно, ги нарекуваме насилници. Некои деца, особено на помлада возраст, немаат адекватен увид во сопственото однесување. Така, за нив нема одредена тежина реченицата која подразбира исмевање на друго дете поради неговите физички или материјални недостатоци. Модели за имитација и за креирање на сопствениот имиџ стануваат постарите браќа или сестри, возрасните луѓе на кои им се воодушевуваат или едноставно ликовите од акционите филмови.

Комуникацијата со врсниците претставува вештина која се учи, па можно е децата да не ја усвојат на соодветен начин. Во тој случај единствениот научен модел за комуникација може да биде по принципот- кој тебе со камен ти нему со два. Во детството припадноста на групата е од исклучителна важност, но ако децата се во група мораат да се однесуваат како нејзини членови. Тоа би значело дека некои деца изолирано и не би се однесувале така доколку другарите не ги наговорат на насилство. Децата кои поминуваат низ некој тежок период во животот како губење или развод на родителите, преселба или нешто слично, своето незадоволство можат да го покажат и преку насилство над другите деца. Во тој случај родителите или старателите би морале повеќе внимание да посветат на детето кое не е подготвено за новонастанатата ситуација и да побара помош од стручни лица (Piskin,2002).

Насилство ќе манифестира и дете кое и самото е жртва на семејно насилство или ако во семејството се толерира ваков вид на однесување. Родителите кои се без емпатија и топлина, или се многу попустливи и кои не поставуваат граници во однесувањето, се одговорни за насилното однесување на децата. Исто така, стереотипниот начин на мислење, системот на вредности и менталитетот влијаат на развојот на личноста на секој од нас (Milosavljević, 1998).

Насилниците имаат потреба да почувствуваат контрола и моќ над другите па понекогаш им недостасува сочувствување за жртвата. Горди се, во конфликт се со возрасните, антисоцијални се и склони се кон кршење на училишните правила. Често се склони кон лутина и "лесно експлодираат", тешко се справуваат со фрустрирачки ситуации. Многу често и самите насилници биле жртви на физичко злоставување и насилство во училиштето или во семејството. Тие можат да бидат лути и вознемирени поради ситуацијата во училиштето или во домот. Главно бираат жртви кои се поситни, помлади, послаби, повлечени и попасивни од нив. Напаѓачот не мора да биде вклучен во чинот на насилство, тој може да биде само организатор на групата, односно, да ги поттикнува и наговара другите да се однесуваат насилно. Додека некои насилници уживаат во агресијата, се чувствуваат сигурни и прифатени меѓу врсниците, други имаат послаб училишен успех, помалку се популарни кај своите врсници и се чувствуваат помалку сигурни. Во некои ситуации и самите насилници стануваат жртви. Насилниците секогаш успеваат да пронајдат начин на заплашување и предизвикување кој најмногу ќе ја вознемири жртвата: предизвикуваат заради тежината, изгледот, бојата на косата, семејството, популарноста, вложениот труд, дислексијата, диспраксијата, религијата, поради положбата во општеството, љубомората на жртвата, итн.

## 1.1.5 ТИПИЧНИ ЗНАЦИ НА НАСИЛНИКОТ

Кај малите и предучилишните деца типични манифестации на насилникот се честите напади на бес и агресија и без да постои поголема причина, импулсивност, бестрашност, енергичност, константно одбивање на правила и непослушност кон возрасните, неповрзаност со родителите, уживање во теми поврзани со насилство и покажување злоба кон врсниците.

Насилникот во училишна возраст се препознава по неговото невнимание и отсуство на концентрација. Тој често го спречува извршувањето на училишните активности, има низок успех во училиштето, често влегува во тепачки со други деца, на критиката упатена до него реагира со исклучителна лутина, плачење и освета, често гледа филмови со насилство и игра игри со насилство, има малку пријатели и поради своето лошо однесување често пати не е прифатен. Во оваа возраст насилникот склопува пријателства со други деца кои се познати по агресивноста и непослушноста. Тој

константно им се спротивставува на возрасните, ги предизвикува животните, се чувствува фрустрирано и не покажува емпатија кон другите.

Во периодот на адолесценција постојат исто така знаци според кои е лесно да се препознае насилникот. Најчести знаци во таа смисла се: непочитувањето на авторитети, отсуство на емпатија за чувствата и правата на другите, проблемите ги решаваат со насилно однесување, постигнуваат низок училишен успех поради што дури и ги исклучуваат од училиште, користат алкохол и дроги, учествуваат во тепачки, кражби и ја уништуваат јавната сопственост. Децата кои се склони кон насилство над другите деца обично и се наметнуваат на групата или се обидуваат да ги соберат членовите кои ги поврзува антипатијата кон некое дете. Членовите кои се придружиле на групата обично се подложни на авторитетот на водачот на групата, се трудат да го прошират кругот на омразата, невистината и клеветата. Причина за тоа може да биде остварувањето на заедничка цел и мотив, па имаат потреба да им се придружат други членови кои сакаат својата индивидуалност да ја истакнат во групата. Обично групата на насилници станува многу кохезивна благодарение на добрата социјална структура односно, меѓусебната привлечност на членовите. Нивната привлечност и наклонетост се темелат на сличноста на интересите, на сличните погледи и вредносни преференции (Bilić, Zloković, 2004).

Профилот на насилникот најчесто ги вклучува следните особини: агресивност, импулсивност, изразена потреба за моќ и доминација, непријателски став кон средината, недостаток на емпатија, физичка сила. Како последица на насилното однесување се јавува чувство на несигурност и загрозеност, намалено самопочитување, страв од училиштето и избегнување да се оди во училиште, психосоматски симптоми.

## 1.1.6 ТИПИЧНИ ЗНАЦИ НА ЖРТВАТА

Типични жртви на насилство се оние ученици кои се честа мета на напади на други деца, но кои самите не возвраќаат туку трпат и се повлекуваат. Тие покажуваат некои очекувани, заеднички карактеристики. По правило, тоа се деца кои се физички послаби, пречувствителни, анксиозни, плашливи и повлечени (Byrne, 1994). Тие се несигурни, неасертивни, а на нападот реагираат со плачење и повлекување. Низа истражувања во различни средини покажуваат дека изложеноста на насилство е поврзана со поголема анксиозност, депресивност, мала самодоверба и лоша слика за себе, и дека ваквиот опис се однесува и двата пола и за различни возрасти. Жртвите често имаат некој недостаток како

што е некое физичко оштетување, пелтечење, претерана дебелина и слично, но не значи дека поради тој недостаток станале жртви. Неколку истражувања спроведени во Велика Британија покажуваат дека децата од маргинализираните групи два до три пати се повеќе изложени на ризик од виктимизација, како и на ризик и самите да бидат насилници. Децата со инвалидитет помалку се интегрирани во врсничките групи, имаат помалку пријатели кои ги штитат, а тие фактори се битни (Cowie i Wallace, 2000).

Кога се анализира поврзаноста на улогата на ученикот со некои негови карактеристики, треба да се води сметка дека таа не зборува за каузална врска, ниту пак за директна врска. Некои карактеристики на жртвата без сомнение се последица од изложеноста на насилство. Утврдено е дека изложеноста на насилство има бројни непосредни негативни последици кои спаѓаат и во интернализирани (емоционални) и во екстернализирани проблеми (проблеми во однесувањето). Децата кои се жртви патат и од други проблеми кои се поврзани со стресот, како што се главоболка, несоница, стомачни тегоби. Таквите деца го избегнуваат училиштето, перцепирајќи го како непријатно и опасно место, и почнуваат да заостануваат во учењето. Тие ја губат самодовербата и сигурноста во себе, и ова може да продолжи до возрасниот период (Popadić, 2009). Во екстремни случаи овие деца дури го напуштаат и училиштето. Има многу обиди да се направи разлика меѓу типовите кои се жртви на насилство, а во една класификација се прави разлика меѓу **краткотрајни и стабилни жртви,** бидејќи може да се претпостави дека последиците од виктимизацијата во голема мера зависат од нејзиното времетраење (Popadić, 2009).

Според Olweus жртвите на насилство може да се поделат во две групи: **пасивни и провокативни жртви. Пасивните жртви** на насилство не се агресивни, не ги предизвикуваат другите. Насилството над нив не може да се објасни како последица на нивното провокативно однесување. Жртвите на насилство се плашливи, несигурни, тивки, чувствителни. Кога другите ученици ги злоставуваат реагираат со плачење и повлекување, особено во пониските одделенија (Olweus,1994). Во училиште жртвите на насилство се осамени и напуштени, дури се случува да немаат ниту еден добар другар во одделението. Тие не се насилни во своето однесување, па насилството не може да се протолкува како последица од фактот дека жртвите самите ги предизвикуваат своите врсници (Olweus, 1978). Кога ги напаѓаат други ученици тие реагираат со плачење и отстапување. Жртвите имаат помала самодоверба, самопочитување, имаат негативен став кон себе и својата положба. Често се случува да мислат дека се промашени, се чувствуваат глупави, застрамени и непривлечни (Olweus,1978). Пасивните жртви со своето однесување на

другите им покажуваат дека се работи за несигурни поединци кои нема да возвратат доколку бидат нападнати од страна на друг ученик. Тие можат да се опишат како лица на кои им е својствен плашлив образец на реагирање, а доколку се работи за момче кое е жртва на насилство тогаш неговиот образец на реагирање е поврзан со телесната слабост во однос на насилникот. Учениците кои од страна на ученикот кој е насилник се перципирани како послаби или на некој начин поинакви од него (телесно, односно физички се послаби и помалку вешти, презаштитени или несигурни, деца со посебни потреби, деца кои во некој друг поглед претставуваат малцинска група во однос на другите ученици) стануваат жртви на неговото насилно однесување него или на насилното однесување на група ученици (Krkeljić, 2005).

Втората група која е помала е групата на **провокативни жртви на насилство**. Тие се одликуваат со спој од исплашен и во исто време агресивен образец на реагирање. Однесувањето на провокативните жртви ги предизвикува учениците во класот да манифестираат негативни реакции кон ученикот. Провокативните жртви имаат проблеми со концентрацијата, се однесуваат на начин кој предизвикува напнатост во својата средина, склони се кон потиснување, имаат пониско самопочитување (Olweus,1978). Праксата потврдува дека учениците кои долготрајно биле жртви на насилство од страна на врсниците, возвраќаат во подоцнежниот животен период со изразено насилство, па дури и со убиства (Krkeljić, 2005). Дефиницијата за насилството меѓу учениците која е презентирана во прашалникот на Olweus за насилник-жртва е проширена (Olweus, 1996, Elez, 2003). Според оваа дефиниција над ученикот е извршено насилство кога друг ученик или неколку други ученици му зборуваат на ученикот подли и болни зборови, или му се потсмеваат нарекувајќи го со навредливи имиња, потполно го исклучуваат ученикот од својата група на пријатели или намерно го занемаруваат, го удираат со рака, нога, го туркаат, гаѓаат или го заклучуваат во друга просторија, лажат и шират гласини и ги одвраќаат другите ученици од него или прават други непријатни работи.

За насилство не може да се смета кога двајца ученици кои имаат приближно иста сила (телесна или духовна), се тепаат или препираат. За да се зборува за насилство, како што претходно кажавме, мора да постои несоодветен однос на силите (асиметричен) и ученикот кој е изложен на негативни постапки има проблем да се брани и главно е беспомошен во однос на ученикот кој го злоставува. Некои ученици учествуваат во насилство без притоа да преземат иницијатива, поради што можат да се означат како **пасивни насилници**, придружници или следбеници. Групата пасивни насилници ги опфаќа несигурните и плашливите ученици. Насилните ученици се опкружени од помала

група ученици, главно двајца-тројца ученици кои ги поддржуваат (Carins i др.,1988 според Olweus). Децата кои злоставуваат други деца, како последица од насилството чувствуваат несигурност и загрозеност, намалено самопочитување, страв од училиштето и избегнување да одат во училиште, психосоматски симптоми. Во своите истражувања Olweus зборува за профилот на насилник, кој најчесто го опишува како агресивен, импулсивен, со изразена потреба за моќ и доминација, со непријателски став кон средината, со недостаток на емпатија, со изразена потреба за стекнување материјални добра, со физичка сила (главно момчињата се физички појаки), просечно па дури и подпросечно се омилени во својата група (Avramović, според Krkeljić, 2005).

Особено значајно е да се нагласи дека покрај тоа што учесници во кругот на насилство можат да бидат жртвите на насилство -како група под ризик, или напаѓачите- како иницијатори на насилството и агресијата, и децата посматрачи. Посматрачите се третата група врсници кои индиректно и самите учествуваат во чинот на злоставување. Тие можат да и помагаат и да ја охрабруваат личноста која го иницира злоставувањето. За да се заштитат себе си, поради страв тие дури им се придружуваат на насилниците. Децата кои го посматраат насилството се несигурни и преплашени, склони се да држат страна на насилникот за да се заштитат. Тие се плашат да не станат потенцијални жртви во иднина, па некои сочувствуваат со ученикот кој е жртва на насилство и се несреќни што не можат да му помогнат. Насилството создава атмосфера на страв во која децата се чувствуваат несигурно. Во колкав процент посматрачите активно учествуваат во насилството, покажуваат резултатите од едно истражување спроведено во Торонто во 1995 година, од страна на Pepler i Craig (според Coloroso, 2003.). Според овие резултати:

- во 85% случаи посматрачите на некој начин се вклучени во насилството,
- во 81% случаи тие поттикнувале насилство,
- повеќе пријателства се регистрирани кон насилникот отколку кон жртвата,
- во 48% случаи на насилство посматрачите биле активни учесници,
- само во 13% од случаите интервенирале за да ја заштитат жртвата.




Слика 1. Круг на насилство (Olweus,1998, стр.61)

Поголема е веројатноста насилници да се учениците отколку ученичките. Насилството што го вршат девојчињата потешко се открива бидејќи користат средства што потешко се забележуваат, односно користат поинакви начини на злоставување, како што е озборување, изолирање, манипулирање при дружењето и др. Досегашните истражувања покажуваат дека помалку се знае за насилство на девојчињата во однос на момчињата. Проблемите на насилството треба да се препознаат и да му се спротивставиме без оглед на тоа дали девојчињата се жртви на насилство или пак самите се негови предизвикувачи. Можно е и некои форми на насилство кај девојчињата да се толку префинети што неможат да се откријат ниту со помош на прашалник за насилство меѓу учениците.

Момчињата кои се насилни според телесниот изглед главно се појаки од другите момчиња, особено од жртвите на насилството. Учениците кои ги злоставуваат другите ученици се агресивни и постои веројатност дека подоцна ќе имаат проблематично однесување, како на пример, да бидат алкохоличари и криминалци. Во својата лонгитудинална студија Olweus утврдил дека учениците на адолесцентна возраст, кои учествувале во злоставувањето на други ученици, имаат зголемен криминалитет на возраст од дваесетина години.

Односите меѓу момчињата се погруби, поостри и понасилни отколку оние меѓу девојчињата. Тие разлики можат да се објаснат со биолошки и социјални фактори (Maccoby,1986, според Olweus). Истражувањата покажуваат дека насилството во воспитно-образовните установи подеднакво е застапено како во светот така и кај нас, и дека скоро подеднакво се јавува во руралните и во градските средини. Во загрижувачки пораст е користењето на оружје при тепачките (ножеви, безбол палки, шипки, синџири, пиштоли), а во пораст се и групните и масовните тепачки кои завршуваат и трагично.

Многу долго на повремените тепачки и конфликти се гледало како на составен дел на растењето и на училишната атмосфера, односно се сметало дека тие се составен дел на училишниот живот, меѓутоа се поголемата бруталност, несразмерниот однос во тепачките во кои група напаѓа поединец, како и бесмислените поводи за пресметки укажуваат на тоа дека насилството и културата на насилство претставуваат сериозен општествен проблем. Врсничкото насилство или булинг (англо-саксонскиот термин *bullying* е се почесто во употреба и кај нас) е сложена појава со сериозни и долготрајни последици. Кога ќе се спомене агресивност и насилство, повеќето луѓе под тоа подразбираат физичко насилство, директни напади и нанесување на телесни повреди на друга личност. Физичкото насилство е поочигледно и повеќе го привлекува вниманието на надлежните и на јавноста во споредба со другите видови на насилно однесување пред се заради очигледните повреди и драматичноста на самите случувања, па погрешно се смета дека ваквиот вид на насилство е најраспространет и со најнегативни последици. Меѓутоа, психичкото и социјалното насилство се многу почести форми на насилство кои потешко се забележуваат и можат да оставаат многу подлабоки и подолготрајни последици врз личноста на детето.

Под психичко и социјално наследство најчесто се подразбира вербално злоставување–навредување, исмејување, омаловажување, потсмевање, понижување, потоа застрашување и заканување, одземање пари и личен имот и слично, додека социјалниот аспект подразбира исклучување од друштвото и изолација. Истражувањата покажуваат дека девојчињата се почесто жртва на ваков вид на насилство и повеќе се склони кон изразување на посуптилни видови на насилно однесување како клеветење, ширење гласини, озборувања итн. Ваквиот вид насилство покрај свесната намера да се наштети некому подразбира и насилно однесување насочено кон поединец или група деца, кое се повторува и кое трае подолг временски период. Во таа смисла врсничкото насилство е резултат од смислени кампањи против поединец или група на деца, и никако не е резултат

на моментална лутина или бес. Исто така, една од главните карактеристики на насилничкото однесување е дисбалансот на силите-жртвата е секогаш послаба во споредба со насилникот, без оглед дали се работи за физичка сила или бројчана, и овде секогаш постои јасна поделба на оние кои го извршуваат насилството и на оние кои го трпат. Ваквиот вид на насилство многу често го следи таканаречената *завера на молчење* каде повеќето од децата мирно го набљудуваат злоставувањето и не сакаат да се мешаат во конфликтот ниту за тоа да ги информираат родителите или надлежните служби.

## 1.1.7 ПОСЛЕДИЦИ ОД НАСИЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ

Последиците од насилното однесување се многубројни. Настануваат психички и бихевиорални проблеми, како што се депресија, високо ниво на анксиозност, ниска самодоверба, пострауматски стресни пореметувања (Boney-McCoy i Fenkelhor,1995 според Brajša-Žganec, Kotrla, Topić, Raboteg-Šarić, 2009). Истражувањата покажуваат дека учениците кои се изложени на насилство од своите врсници имаат повеќе интернализирани проблеми, другите ученици не ги сакаат, имаат лоши комуникациски вештини и лоши вештини за решавање на проблеми, подепресивни се, имаат пониско самопочитување. Стравот од изложеност на насилство од страна на врсниците во училиштето влијае на тоа учениците да имаат поголем број изостаноци од настава, помала мотивација за учење а со тоа и понизок училишен успех (Juvonen и сор., 2000 според Brajša-Žganec, Kotrla, Topić, Raboteg-Šarić, 2009). Насилството меѓу врсниците може да има многубројни последици. За учениците кои се жртви на насилство тоа значи дека тие одат во училиште секој ден плашејќи се од малтретирање и понижување. Голем број наоди добиени од многубројни истражувања зборуваат за тоа дека различни видови на насилство можат да имаат сериозни, долготрајни последици врз менталното и физичкото здравје. Од последиците на менталното здравје најчесто се наведува губењето на самодовербата, деморализираност, депресија, стресна состојба, проблеми во сексуалните односи, а во сегментот на физичкото здравје-психосоматски проблеми, болести како последица на намалениот имунитет на организмот, телесни повреди како последица на физичкото насилство (Brain, 1997, според Smith и Brain, 2000). Keriikowska (2003) утврдила дека 26% од девојките кои се жртви на насилство од страна на врсниците наведуваат дека се депресивни. Исто така, кај жртвите се забележува поголем процент на суицидалност во споредба со децата кои не се жртви на насилство од страна на други

ученици и тоа кај 8% од девојчињата и кај 4% од момчињата, во споредба со 1% од децата (не земајќи го предвид полот) кои не се жртви на насилство од врсниците. Децата кои се жртви на насилство од врсниците често имаат проблеми со концентрацијата, па поради тоа нивниот училишен успех е слаб (Balldri, 1999).

Процентот на отсуствување од наставата и напуштањето на училиштето е поголем кај децата кои се жртви на насилство од страна на врсниците отколку кај оние кои не се жрвти. Rigby, (1997) во своето истражување утврдил дека како последица на насилството од врсниците, 16% од момчињата и 31% од девојчињата соопштуваат дека го напуштиле училиштето во обид да го избегнат насилството. Nansel и соработниците (2001) соопштуваат резултати од истражување кои покажуваат дека учениците кои се жртви покажуваат поголема несигурност, анксиозност, депресија, осаменост, незадоволство во споредба со учениците кои не се жртви. Исто така, резултатите од други истражувања (Drake, 2003) покажуваат дека жртвите на насилство во училиштето се помалку популарни во споредба со другите ученици (Nedimović, 2010). Насилството меѓу врсниците кое се повторува може да има долготрајни негативни последици врз жртвите и по повеќе години од завршувањето на школувањето (Olweus, 1993). Clarke и Kiselica, (1997, според Nedimović, 2010) сметаат дека чувството на изолираност и губењето на самодовербата кај жртвите трае до зрелоста. Ова го поткрепуваат и наодите од истражувањата кои укажуваат дека кога ќе пораснат, лицата кои биле жртва на насилство во училиштето од страна на другите ученици, имаат проблеми да се вклопат во средината (Nedimović, 2010).

Во случаите кога не се интервенира за да се спречи насилството и на жртвата не и се помага за да се охрабри, последиците од насилството, како на пример, потиштеноста и намаленото чувтсво на самодоверба не се нормализираат дури ни по 23 години (Olweus, 1998, Krkeljić, 2005). Децата кои долг период биле жртви на насилство од страна на други ученици во подоцнежната возраст возвраќаат со насилство, па дури и со убиства (Krkeljić, 2005). Доколку не се работи на корегирање на однесувањето кај учениците кои манифестираат насилство кон другите ученици ќе дојде до зголемување на агресивното однесување, како и до здружување со деца со слично однесување.

Агресијата, деликвенцијата и другите видови на насилно однесување кај децата, претставуваат однесувања кои се јавуваат кога индивидуалните способности и реагирања на општествените барања, ситуации и можности не се соодветни и не се прилагодени на барањата на акциите. Овие барања за акција се предизвици со кои индивидуата мора да се соочи. Поради недостатоци во однесувањето во периодот на адолесценцијата и подоцна,

како краен производ можат да се појават не само моментални тешкотии, туку и ограничувања за личниот развој и за успешно прилагодување на поединцот кон средината, како и ширење на овој вид на однесување и на други поединци. Од оваа причина, разумно е да се претпостави дека учениците кои се агресивни и кои на било кој начин ги злоставуваат другите ученици се во многу поголема опасност од подоцнежното проблематично однесување, како што е на пример, криминалот. Насилникот во училиштето ќе биде повеќе склон кон кривични дела во споредба со оние кои не се насилници (Olweus, 1998). Насилството може да се посматра и како составен дел на поширокото антисоцијално однесување и однесување кое е насочено кон кршење на прописите на прифатените обрасци на однесување (»пореметување на однесувањето«).

Како што истакнуваат некои теоретичари и истражувачи, агресивното дете е дете во „неволја", дете кое е спречено во психичките потреби, и кое е сеуште без добро развиени когнитивни способности, без можност за соочување со проблеми. Кај децата кои имаат помали можности да одат во кино, парк, музеј, на излет или да се вклучат во други активности, децата кои имаат помалку играчки, касети, музички инструменти, односно кои немаат можности за адекватен социјален и културен живот, постои отсуство на имагинација, исто така и отсуство на можност за флексибилно стекнување на вештини, а се охрабрува ригидноста. Сето ова претставува збир од фактори кои во интеракција со особините и способностите на личноста помалку или повеќе влијае врз јавувањето на насилно однесување кај децата. Тоа би значело дека за да се намали насилното однесување меѓу децата и учениците, потребно е да им се овозможат средства и можности да ги откријат, насочат и развијат своите интереси (Marković, Jovičić, Petrović, 2005).

Агресивноста меѓу децата и младите би требало да се проучува и да се направат обиди да се контролира и регулира особено поради следните три причини: *прво*, повеќето култури сведочат за зголемување на насилството меѓу младите; *второ*, распространетоста на агресивноста формирана во раниот период во животот, односно детството, може да биде основа за развој на агресија кај возрасните, и *трето*, квалитетот на детството и формирањето на личноста се под влијание и на експресијата и на инхибицијата на агресијата (Marković, Jovičić, Petrović, 2005).

Родителите би морале да имаат увид во однесувањето и во расположението на своите деца. Доколку забележат дека детето е поповлечено од вообичаено, послабо јаде, раздразливо е, лошо спие и се буди мокрејќи в кревет, треба да поразговараат што се случува со него. Силното трагање при изненадни звуци, менување на патот на одење или враќање од училиште, доцнењето во училиште, модриците по телото можат исто така да

бидат индикатори дека над детето се врши некој вид на насилство. Постојаните главоболки, болките во стомакот можат да бидат алармантни сигнали. Исчезнувањето на личните работи и поголемите барања за џепарлак можат да бидат знаци за изнудување на пари.

Првиот чекор кон решавање на насилството претставува отворениот разговор со детето. Родителите треба да сознаат од кога се случува насилството, како, каде и кои се актерите. Треба да му покажат на детето дека сочувствуваат со него. Тие и детето треба заедно да најдат решение, да се договорат за претстојните чекори за решавање на проблемот. Родителите кои нема да го пријават насилството, не можат ниту да го спречат. Многу деца ќе престанат со насилство доколку нивните родители знаат со што се занимаваат децата.

Родителите чии деца вршат насилство не сакаат секогаш да се соочат со проблемот. Се бранат со невистинити аргументи, како на пример дека вработените во училиштето го мразат нивното дете, дека тие биле уште полоши во нивните години, или едноставно не пронаоѓаат начин да го контролираат своето дете.

## 1.2 КВАЛИТЕТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА

Семејството претставува универзална човечка, социјална, економска и психолошка заедница што ја сочинуваат возрасни репродуктивно способни членови (татко и мајка) и нивното потомство, кои живеат заедно. Меѓу родителите и децата се воспоставува цврста емоционална поврзаност, солидарност и несебично помагање. Семејството покрај серија важни функции има и многу значајна психолошка, воспитна и социјализациска улога во формирањето на личноста на детето. Тоа е важна примарна група и еден од најзначајните агенси на социјализацијата.

Семејната клима и искуството што детето го стекнува во неа имаат одлучувачка улога за целокупниот развој на детето, низ сите фази во процесот на растење и развивање. Од таа клима зависат и првите емоционални искуства и тука можат да се евидентираат првите проблеми во емоционалниот развој на детето, а кои се однесуваат на релацијата родител-дете, како на пример: отфрлање на детето (несакани деца, доживување на детето како товар, недостаток на љубов), преголема грижа за детето (патолошка љубов,

разгалени деца), амбиваленција во изразување на емоциите (брз премин од голема љубов кон детето кон ладен однос кон него).

Познати се тврдењата дека родителскиот дом претставува првата училница, а родителите се првите и најважните учители. Семејството е првото природно училиште за хуманизирање на младите, најсилен фактор во обликувањето на младата личност. Тоа е и најмоќното училиште во животот, основна општествена заедница во која се соединува биолошко-репродуктивната, економската и воспитната функција. Токму поради тоа моќта на семејството како воспитен фактор е незаменлива, но во сето тоа постојат потешкотии кои се одразуваат на крајниот резултат-воспитувањето на децата. Одговорното родителство се забележува во целокупната грижа за сопственото потомство, се покажува во одлучувањето за раѓањето, во грижата за подигањето, згрижувањето и издржувањето, во родителската нежност и љубов, во правилното воспитување, во соработката со училиштето и во човечкото насочување на своите деца (Vukasović, 1999). Детето гледа на животот низ призмата на семејниот живот – набљудува, прифаќа и ги имитира меѓусебните односи на родителите и другите членови. Семејството и денеска, во општествените услови во кои живееме, има огромна и тешка одговорност. Тоа мора да се грижи за здравјето на своите членови, особено за децата, да се грижи за нивниот правилен физички развој, за усвојувањето на знаења, за развојот на интелектуалните способности, интересите, склоностите за формирање на моралните вредности, ставови, навики за културно однесување, за позитивните особини и карактерот на личноста, за развивањето на работните способности, за правилниот однос кон работата, за поставување на здрави темели за развој на личноста.

Условите од кои зависи дали семејството ќе одговори на сите овие задачи се различни. Во таа смисла, во прв план се истакнува значењето на складните, врамнотежени семејни односи, меѓусебната љубов и доверба меѓу родителите, односно семејната атмосфера која е резултат од меѓусебните односи на членовите и воспитниот стил во семејството. Семејството лесно ќе ги оствари воспитните задачи ако е пред се, потполно засновано на љубовта на сопружниците, ако овозможува идентификација на децата со родителите кои со својот однос овозможуваат правилен емоционален, социјален и морален развој, во кое постојат складни односи, кое е економски стабилно и може да ги задоволи потребите на своите членови-исхрана, живеење, здравје. Само вакво семјство на воспитен план може да го даде она што не можат да го дадат другите воспитни фактори.

Во семејството како мала група, владеат внатрешни односи, се остварува интеракција, комуникација и динамика при што членовите ги стекнуваат првите искуства. Со утврдени начини и правила на однесување семејството функционира а успешно функционира секогаш кога членовите потполно ги почитуваат правилата на однесување. Односот меѓу родителите и децата се темели на однос кој се остварува преку социјализацијата. Се наметнуваат следните прашања: Кои се суштинските димензии на родителското однесување, кои се наоѓаат во родителските постапки и во нивното однесување? Дали тие однесувања се стабилни или се менуваат со текот на времето? Како се менува однесувањето на родителите со развојот на децата? Дали постојат разлики во воспитувањето што го применуваат татковците и мајките? Дали родителите се разликуваат по своите воспитни постапки насочени кон машките, односно, кон женските деца?

Skiner (според Todorović, 2005), ги наведува следните видови семејства кои се оптимални за психичкиот развој на своите членови:

- Оптималните семејства бараат контакт, отворени се кон средби со луѓето, покажуваат доверба наспроти недоверба и повлекување.
- Овие семејства покажуваат високо почитување на автономија и индивидуалност, наспроти конформизам, сложување.
- Во овие семејства постои отворена, јасна и директна комуникација.
- Меѓу родителите постои цврста коалиција која ја следи егалитарна распределба на моќта.
- Наспроти ригидната контрола и непроменливите правила, постои договарање меѓу родителите и децата.
- Во семејството постојат многу спонтани интеракции меѓу членовите, наспроти крутата интеракција.
- Постојат високи нивоа на иницијатива, наместо пасивност.
- Се охрабруваат специфичностите и разликите, наспроти стеретипното и конформистичко однесување.

Низ процесот на социјализација семејството треба да му помогне на детето да се трансформира од биолошко суштество во личност и да стекне социјално релевантни форми на однесување. Во семејството се усвојуваат првите обрасци на однесување, комуникација (како во семејството, така и во групата). Семејството има улога да

посредува меѓу индивидуалното и општественото и треба успешно да ги реализира психолошките цели во социјализацијата на детето. Од досегашните сознанија може да се каже дека проучувањата на семејството како фактор на социјализација ставаат акцент на интеракцијата мајка-дете, иако не можеме да го прифатиме фактот дека таткото е помалку значаен или незначаен фактор за социјализацијата. Резултатите за перцепцијата на квалитетот на односите во семејството од страна на адолесцентите, укажуваат на значајни разлики во перцепирањето на односот со мајката и таткото, што ги отсликува општествено нормираните улоги на родителите (Mihić i Petrović, 2009). Имено, истражувањето од наведените автори покажува дека преку мајката се задоволуваат емоционалните, внатрешните потреби на детето. Релациите со мајката се карактеризираат со близок, некритичен однос, а таткото се поврзува со надворешната, економската и општествената сигурност на детето и семејството. Значи, членовите од женски пол во семејството во поголема мера се насочени кон афективниот живот, додека машките претставуваат поддршка на неемоционален план. Оттаму, интеракцијата на детето со семејството се објаснува со детското доживување на прифаќањето од страна на мајката и таткото, одбивањето од мајката и таткото, како и доживувањето на задоволство во семејството (Hartup,1979). Процесот на социјализација на детето е динамички процес во кој сите учесници меѓусебно делуваат едни на други и истовремено се менуваат врз основа на искуството. Скоро и да не постојат исклучоци меѓу авторите во областа на психологијата во поглед на вреднувањето на значењето на семејниот контекст за формирањето на личноста на поединецот. Многу истражувања се интерсирале за значењето на семејниот контекст и родителските ставови за развојот на децата. Во согласност со тоа истражувачите се интересирале за можностите и ограничувањата на родителските влијанија. Кога зборуваме за воспитанието, многу автори кои се занимавале со оваа проблематика се согласуваат дека не постои универзален начин на воспитување кој со сигурност ќе доведе до пожелни особини на личноста и однесувањето на детето. За нормален развој на детето потребна е зрелост и способност на родителите да се занимаваат со воспитување. Покрај тоа, треба да постои емоционална врска на родителот и детето, адекватен однос меѓу членовите на семејството и заедничко решавање на проблеми.

Семејството претставува комплексен социјален систем на односи кој се развива и менува. Меѓу бројните теории засновани на интерактивна циркуларна комуникација е и еколошката теорија на Bronfenbrener (1997). Оваа теорија се темели на сфаќањето на семејството како еко-систем во кој се одвиваат циркуларни интеракциски односи со

помош на кои настануваат промени кај секој член од семејството, вклучувајќи го и детето. Разработувајќи го поимот еколошка средина (социјална средина), Bronfenbrener дава модел на таа средина во кој таа се претставува со поединечни системи организирани во вид на концентрични кругови, еколошки системи кои постојат во опкружувањето на поединецот и кои дејствуваат на повеќе различни, меѓусебно поврзани нивоа. Во центарот на тие кругови се наоѓа единката во развој-детето. Следниот систем е-микросистемот, непосредното опкружување, интеракцијата меѓу членовите во семејството; социјалното и образовното опкружување-училиштето, другарите, учителот; соседството; следниот систем е мезосистемот-интеракцијата меѓу два или повеќе микросистеми, на пример семејство-училиште; егзо-систем и последниот макро-систем.

Појдовна точка на систематскиот концепт за семејството претставува фактот дека семејството е еден жив организам, односно, социјален систем на вмрежување на взаемно реципрочни влијанија. Тоа значи дека семејството во целина, а не само мајката, влијае на развојот на децата, но и дека децата влијаат на однесувањето на родителите и на изборот на нивните постапки во воспитувањето (Bronfenbrener, 1997).

Современите психолошки истражувања укажуваат дека здравиот и складен интелектуален, емоционален и морален развој на личноста неопходно се постигнува во стабилно семејство во кое постои љубов и грижа за децата. Незаменлива е улогата на семејството во развојот на неговите членови и во воспитувањето на децата, што се остварува давајќи ги моделите на однесување. Семејството на човекот му останува за целиот живот, а неговото влијание за развојот на личноста е позначајно од било кое друго влијание на социјалната група (Trebješanin, 2004). Семејството му обезбедува на детето емотивна поддршка, чувство на припадност, поддршка во разни ситуации и безусловна доверба. Емоционалните односи и целокупната семејна атмосфера се дел од воспитното влијание кое семејството го остварува директно или индиректно. Ако постапките на родителите и нивните воспитни настојувања не се усогласени со можностите за одредена возраст на детето, тие можат да имаат дејство на кумулативна траума за детето. Покрај ставовите на родителите, на однесувањето на детето влијаат и други фактори: брачната состојба на родителите, конфликтите во семејството, стамбено-материјалните неприлики, бројноста на семејството, и бројот на деца во семејството. Бројни стресори-развод на родителите, алкохолизам на родителите, хронични болести на членови од семејството на кои детето може да биде изложено, одредени периоди од животот-можат да водат до зголемена агресивност на децата (Olweus, 1998).

Дополнителните фактори за ризик произлегиваат од недоволните или неточните знаења за детскиот развој и несоодветните очекувања од детето. Бидејќи децата се зависни од возрасните кои се грижат за нив може да се истакне дека сите деца се потенцијално ранливи бидејќи зависат од емоционалната нега и заштита од возрасните (Žegarac,2004). Децата зависат од своите родители и потребно им е многу време да постигнат потполна независност. Незаменлива е улогата на семејството во воспитувањето на децата, со што се дава модел за однесување на детето. Семејството на детето му обезбедува емоционална поддршка, чувство на припадност, поддршка и доверба (Trebješanin, 2004). Во семејството детето има можност да ги учи семејните улоги и да стекнува искуство важно за целиот живот. Растејќи децата градат односи, покажуваат интереси, избираат друштво, прифаќаат обврски во училиштето. Преку своето функционирање семејството го подготвува детето за живот во заедницата, а тоа подразбира пренесување на одредени обрасци на однесување кои се неопходни за успешна интеграција во општеството.

Семејството би требало да биде извор за добросостојба за сите негови членови. Зрелиот родител презема одговорност за воспитување на децата но, и за развојните карактеристики на детето кои ги определуваат границите до кои нешто може да се бара од детето. Целта на воспитувањето е кај детето да се изгради вредносен систем, внатрешна инстанца која треба да биде регулатор на однесувањето, но сознанијата за динамиката на семејните односи покажуваат дека тоа не се случува секогаш. Нарушените односи во семејството можат да придонесат детето да се развива во неповолни и отежнувачки услови. Семејствата кои пронаоѓаат начин да ги решат своите проблеми и конфликти се сметаат за функционални. Семејствата кои го одложуваат решавањето на проблемот, не ги препознаваат или прменуваат ригидни обрасци на функционирање додека семејството не се распадне, ги нарекуваме дисфункционални (Todorović, 2005).

Родителите некогаш можат да изберат погрешни воспитни цели за детето или пак целокупниот однос кон детето може да биде погрешен (Žegarac, 2001, 2004). Бројни истражувања се занивале со изучување на влијанието на воспитувањето и условите за растење, како фактори за ризик. Olweus (1998), врз основа на резултатите добиени во неговите истражувања, дошол до податок дека воспитувањето од родителите и условите во кои детето расте, влијаат на појавата на насилство кај децата преку четири фактори. Првите два фактори се однесуваат на димензијата родителство, родителска топлина и родителски надзор. Децата чии родители се лоцирани ниско на димензијата топлина на родителскиот став, родители кои не се емотивно осетливи на детските потреби, кои даваат мала емотивна поддршка, внимание и интерес за децата, почесто се непослушни,

агресивни и покажуваат проблеми во однесувањето. Како што наведува Olweus, недостатокот на топлина и внимание, особено на најмала возраст, ја зголемува опасноста од подоцнежното насилство на момчињата и нивно непријателство кон другите. Особено е важен емоционалниот однос на родителите. Негативниот емоционален пристап, чија карактеристика е недостаток на топлина и внимание, ја зголемува опасноста од подоцнежното насилство и непријателство кон другите.

Rigbi (1996, според Baldry, 2003) смета дека недоволната грижа за децата и необрнувањето внимание за нивните чувства, можат да бидат значајни фактори на ризик за настанување и изразување на насилството. Растењето во ваква семејна средина води до тоа детето да развие ниско ниво на емпатија кон другите. Втората димензија на родителскиот стил е родителскиот надзор кој се однесува на степенот до кој детето е надгледувано, дисциплинирано и насочувано. Децата кај кои родителите не воспоставуваат јасни граници во однос на насилничкото однесување кон врсниците и возрасните, односно децата чии родители се пермисивни кон искажувањето на агресија, ќе ја зголемат детската агресија, а со тоа ќе ја зголемат и опасноста од подоцнежно насилничко однесување. Имено, според Olweus, ако манифестираното агресивно однесување не е санкционирано, детето во својот репертоар на однесување ќе ги фиксира агресивните реакции и тоа преку неусвојување на механизмот на инхибиција на агресивноста. Доколку родителите се попустливи и толерантни, ако не поставуваат строги граници во однос на насилничкото однесување, нивото на детската агресивност ќе се зголеми. Трет важен фактор кој го зголемува нивото на детското насилство претставува физичкото казнување и насилните емотивни изливи од страна на родителите.

Резултатите од истражувањата што во Англија ги спровеле Bowers и соработниците (1994, според Baldry, 2003) во училиштето, покажуваат дека децата кои се однесуват насилно кон врсниците како и оние кои се жртви, израснале во семејства во кои родителите имале тенденција да бидат насилни едни кон други или кон децата. Во ваквите семејства, насилното однесување на децата и адолесцентите се објаснува како научено однесување. Третиот фактор во воспитувањето кој го зголемува ризикот од подоцнежното насилно однесување меѓу децата е и емоционалното и физичкото злоставување на децата од страна на родителите или старателите. Освен злоставувањето на децата, присуството на насилство во семејството е фактор на ризик за изразување на агресивно однесување, а во согласност со тоа и за насилство меѓу врсниците. Ваквите претпоставки се поткрепени со резултати од бројни истражувања. Во истражувањето на канадската национална

лонгитудинална студија на деца и млади, резултатите покажуваат дека децата кои присуствуваат на изливи на насилство во семејството во поголема мера ги злоставуваат врсниците на директен или индиректен начин (Baldry, 1999). Злоставувањето на детето, особено емоционалното злоставување и присуството на насилство во семејството, воедно претставуваат и фактори на ризик детето да стане жртва на насилство. Оваа поврзаност не е директна, туку кај тие деца доаѓа до намалување на самопочитувањето, депресијата, стравот и слично. Тоа може да доведе до оддалечување од групата врсници.

Четвртиот фактор на ризик за манифестирање на насилство кај децата, а кој се однесува на воспитувањето, според Olweus претставува темпераментот на детето. Thomas i Chessova (Vasta, Haith i Miller, 1998) наведуваат дека добиените резултати од истражувањата зборуваат за тоа дека не се работи за директна поврзаност на темпераментот и антисоцијалното однесување, туку за поврзаност каде медијаторска варијабла е односот на родителите кон детето. Во интеракција со недоволно осетливи, недоволно трпеливи, недоволно упорни и недоволно стабилни родители, постои зголемен ризик децата да развијат несигурна приврзаност и родителите агресивно да реагираат на однесувањето на детето.

И некои истражувања од земјите во соседството (Србија, Македонија, Хрватска) покажаа дека постои поврзаност меѓу недоследноста на родителите и особините на личноста на детето. Недоследноста на родителите и одбивниот став кон детето се во корелација, односно родителот не е адекватен во својата улога и со еден дел не го прифаќа детето (Todorović, 2005). Резултатите покажуваат дека кај адолесцентите со нестабилно самопочитување доминирале недоследните воспитни стилови на мајката. Семејството влијае на детето, родителите со своите ставови и со својот однос кон децата придонесуваат за обликување на особините на нивните личности (Mladenović i Todorović, 2008). Истражувањата ја покажуваат важноста на хармоничните односи меѓу родителите и нивното влијание за развојот на децата. Арнаудова (2008) истакнува дека за развојот на самопочитувањето поважна е општата атмосфера во семејството отколку одделни форми на постапување кон децата. Кога постои топла семејна атмосфера, каде родителите искажуваат безрезервна љубов, нежност и поддршка кон детето, тие придонесуваат да се развие самодоверба кај детето, му помагаат во градење на системот на вредности, му помагаат да биде прифатено во средината. Опишаното однесување од страна на родителите им помага на адолесцентите полесно да се соочат со негативните и штетните влијанија на средината. На појавата на насилство меѓу учениците големо влијание имаат и

родителите, односно воспитните стилови на родителите, квалитетот на односот родител-дете (Lebedina-Manzoni, 2008).

И теоријата на Рохнер за родителското прифаќање-одбивање, го истакнува значењето на однесувањето на родителите за развојот на личноста на детето. Податоците што се добиени во различни култури покажуваат дека возрасните во општествата во кои децата се чувствуваат отфрлени, исто така покажуваат исти особини на личноста како и децата во тоа општество (Kuburić, 1994). Оваа теорија се темели на две главни епистемолошки претпоставки, а тоа се: човечките суштества секаде во светот имаат филогенетска потреба за позитивни одговори од луѓето кои нив им се битни (тоа е фигура на афективна врзаност); децата имаат филогенетска тенденција да реагираат на конзистентни начини кога таа потреба нема да им биде задоволена.

Крос-културните истражувања ги поддржуваат заклучоците дека децата и возрасните на кои потребата за позитивни одговори од страна на нивните родители не им е задоволена и кои се чувствуваат отфрлено, имаат тенденција да развијат седум диспозиции и однесувања на личноста. Тоа се тенденциите да станат:

1. хостилни, агресивни, пасивно агресивни или да имаат проблеми со поднесувањето и контролирањето на непријателството и агресивноста;

2. зависни или одбранбено независни на перцепирањето на родителското отфрлање;

3. емоционално ладни;

4. емоционално нестабилни;

5. личности со намалено самопочитување;

6. личности со чувство на неадекватност и

7. да развијат негативен поглед кон светот.

Во согласност со наброените диспозиции, оваа теорија тврди дека доживеаното отфрлање од родителите или другите блиски лица, има тенденција да биде поврзана со анксиозноста и несигурноста (Rohner, 2004).

Прифаќањето или отфрлањето на детето од страна на родителите може да се набљудува од аспект на две перспективи: како субјективно доживување на детето или субјективен извештај на родителите и како мерка што ја донесува надворешниот набљудувач. Во поголемиот број на случаи двете перспективи на прифаќање-одбивање од страна на родителите се супстанцијално поврзани, но можно е детето да се чувствува „несакано" иако надворешниот набљудувач не забележува јасни и објективни индикатори на агресивност и занемарување од страна на родителите. Исто така, надворешниот

набљудувач може да открие присуство на голема доза на агресивност од страна на родителите, но детето да не перципира дека оваа агресивност е насочена кон него и според тоа не се чувствува отфрлено. Прифаќањето и отфрлувањето од страна на родителите одат заедно и ја формираат топлата димензија на воспитните постапки. Родителската топлина е конструирана како биполарна димензија, каде отфрлањето или отсутноста на родителската топлина и афективноста се наоѓаат на едниот пол, а прифаќањето се наоѓа на другиот пол. Сите луѓе можат да се распределат по должината на овој континуитет. Родителите кои го прифаќаат детето се опишуваат како личности кои покажуваат љубов кон детето физички или вербално. Физичката љубов може, на пример, да ја покажуваат во форма на гушкање, бакнување или милување на детето, а вербалната емоционалност ја покажуваат во форма на давање комплименти, пофалби, зборување за убави работи во врска со детето итн. Сите овие форми на однесување придонесуваат детето да се чувствува дека е сакано и прифатено.

Родителите кои го отфрлаат своето дете се опишуваат како личности кои не го сакаат или како личности кои на различни начини го отфрлаат своето дете. Отфрлањето може да се изрази на два начина: во форма на родителска хостилност и агресивност и во форма на родителска индиферентност и занемарување на детето (Rohner, 1980).

Отфрлањето се однесува на различни начини на доживување на постапките на родителите во опсегот од неразбирање и преголеми барања, до занемарување и казнување.

Занемарувањето се карактеризира со тоа што детето доживува дека родителите не се заинтересирани за него, дека не му посветуваат доволно време и внимание (особено за емоционалните потреби). Со казнување се опишуваат сите оние доживувања за безпричинско обвинување, непримерно казнување поради направените грешки или пак нерасположенија на родителите кои детето ги доживува како грубост (Vulić-Protorić, 2004). Отфрлените деца ќе бидат хостилни и агресивни или ќе имаат проблеми со контролирање на агресивноста. Тие можат да бидат зависни или дефанзивно независни, ќе имаат ниско самопочитување и чувство на лична неадекватност и ќе бидат емоционално нестабилни. Отфрленото дете ќе биде повеќе зависно отколку прифатеното, бидејќи ако значајните лица го отфрлаат детето, тогаш неговата потреба за топлина и љубов не е задоволена па поради тоа ќе настојува да придобие љубов и внимание, односно ќе стане зависно. Ваквите деца нема да бидат способни слободно и отворено да формираат топли односи со другите, ќе бидат склони да станат хостилни, агресивни или пасивно агресивни ако одбивањето има форма на родителски хостилитет. Под опишаните услови детето има еден агресивен модел и на тој начин неговата агресивност може да се зголеми. Детето ќе

развие одбранбена независност или во емотивна смисла ќе се повлече. Доколку детето не е прифатено во семејството, туку е омаловажувано, секако дека ќе развие чувство на помала вредност.

Децата кои имаат чувство дека се отфрлени од страна на своите родители, стануваат поанксиозни, подепресивни и имааат помало самопочитување наспроти децата кои имаат чувство дека се прифатени. Имајќи ги предвид облиците со кои се соочуваат, односно кои децата најчесто ги користат, утврдено е дека децата кои чувствуваат дека се прифатени од страна на мајката и таткото повеќе ќе користат стратегии да ги решат проблемите, когнитивно да ги реструктуираат и при наидување на стресни ситуации да се потпрат на поддршката од своето семејство.

Децата кои чувствуваат дека се отфрлени од страна на своите родители во поголема мера реагираат емотивно, што веројатно уште повеќе го влошува квалитетот на нивната комуникација со родителите и ги воведува во ситуации на уште поголем стрес и уште поголема непријатност. Децата кои во своите семејства не се прифатени и се изложени на отфрлање, во своето однесување ќе манифестираат насилство и непослушност. Доколку родителите избегнуваат односи со детето тоа ја губи способноста за воспоставување на трајни емотивни врски, не е упорно во своите постапки и може да биде непријателски настроено кон својата средина.

Избегнувањето од страна на родителите, придонесува за осиромашување на емотивните врски и тие се губат и исчезнуваат што негативно влијае на подоцнежното воспоставување на блиски односи со другите луѓе.

Отфрлањето на детето може да биде од страна на двата родители, или пак детето може да има чувство дека само едниот родител го отфрла. Во тој случај детето е сакано и прифатено од срана на мајката, а отфрлено од страна на таткото, но мајката не е во состојба да го компензира неповолниот став на таткото, бидејќи тој временски многу долго трае и многу е изразен. Ако отфрлањето не е така изразено или доколку постои од страна на едниот родител, детето може да изразува потреба да биде прифатено од страна на членовите на разни групи (Todorović, 2005). Потребата за зависност е пореметена и детето има проблем да воспостави блиски врски со другите. Иако има потреба да биде прифатено, тоа чувствува страв и несигурност од нови ситуации и лица бидејќи чувството за сопствената вредност е ниско. Поради отфрлање од страна на родителите детето не е истрајно, недоверливо е и насилно е кон своите врсници.

Родителите кои ги отфрлаат своите деца склони се кон физички казни, скратување на внимание и поддршка со што ја зголемуваат емоционалната зависност од нив, бидејќи

љубовта на детето е условена од неговото добро однесување (Todorović, 2005). Доколку родителите немаат воспоставени емотивни врски со детето тоа исто така не ќе може да воспостави емотивни врски, нема да биде истрајно во своите постапки и може да се случи да биде непријателски настроено кон своите врсници.

Прифаќањето се однесува на позитивните емоционални аспекти на односот родител-дете во форма на меѓусебна блискост, давање поддршка, доверба и разбирање, па и релативна симетричност во меѓусебните односи (Vulić-Protorić, 2004). Детето кое се чувствува прифатено од родителите е расположено, динамично, сигурно во себе, емотивно и храбро, а ставот на соработка со детето придонесува за развој на доверба меѓу него и родителите. На однесувањето на детето можат да влијаат уште некои фактори, како на пример, брачната состојба на родителите, конфликтите во семејството, стамбено-материјалните услови, бројноста на семејството, бројот на деца во семејството, миграциите.

Факторите што се јавуваат во семејството, а кои влијаат на однесувањето на децата, можат да се поделат во две групи: посредни и непосредни фактори.

Посредни фактори претставуваат влијанијата на условите за живот на семејството како што се просторните услови, економските услови, образованието и занимањето на родителите, некои промени во семејството во економски поглед и во поглед на миграциите. Непосредните фактори влијаат на интелектуалните способности, вредностите, мотивите (Brajsa,1974, Marova,1975 според Piorkowska-Petrović,1990).

Scoott (според Žužul,1989) смета дека агресивните реакции кај децата се резултат од влијанијата на агресивните личности и стимулациите од средината. На појавата на насилство кај децата влијаат повеќе фактори, а како особено значајни се истакнуваат: условите што ги имаат при растењето и некои индивидуални фактори.

**Услови при растењето**- Olweus во бројни истражувања што спровел констатирал дека воспитувањето од страна на родителите како и условите при растењето дејствуваат на создавањето на насилник преку четири фактори: родителска топлина, родителски надзор, темперамент на детето, индивидуални фактори на ризик.

**Родителска топлина** – родителите кои на скалата на родителска топлина се наоѓаат ниско, кои не се емоционално осетливи на потребите на детето, кои даваат мала емоционална поддршка, недоволно внимание и интерес кон детето придонесуваат да се изградат непослушни и агресивни деца кои покажуваат проблеми во однесувањето. Истражувањата покажуваат дека децата кај кои постои

недостаток на топлина и внимание на рана возраст се изложени на ризик за манифестирање на подоцнежно насилство.

**Родителски надзор**-подрзабира дека детето од страна на родителите е насочувано, надгледувано и дисциплинирано. Децата кај кои родителите не успеваат да постават јасни граници стануваат насилни кон другите деца, а често и кон возрасните. Ако родителите се пермисивни кон искажувањето на агресија, ја зголемуваат агресивноста на детето, а со сето тоа се зголемува ризикот за подоцнежно насилно однесување.

**Темпераментот** на детето исто така влијае детето да стане насилно. Thomas и Chessova (според Miler,1995), наведуваат дека децата кои потешко се воспитуваат имаат повеќе проблеми во однесувањето.

**Злоставувањето на детето** од страна на родителите претставува ризик фактор за развој на насилство. Покрај злоставувањето на детето ризик фактор е и присуството на детето на изразување на насилство во семејството. Овие наоди се потврдени во бројни истражувања. Во тој контекст Канадскиот национален лонгитудинален прашалник за деца и млади (според Baldry, 2003), покажува дека децата кои присуствуваат на насилство во семејството во поголем број ги злоставуваат своите врсници (како директно, така и индиректно). За овие деца насилството претставува прифатлив облик на однесување во ситуациите на фрустрација.

Злоставувањето на детето, со посебен акцент на емоционалното злоставување, како и присуствувањето на насилство во семејството, претставуваат ризик фактори за детето да стане жртва на насилство (според Puhovski, 2002).

Родителите на кои им недостасува самодоверба и кои не ги прифаќаат своите деца, често применуваат физички казни. Физичките казни пак, предизвикуваат спротивни чувства кај детето и на него влијаат фрустрирачки (Todorović, 2005). Влијанието на физичкото казнување кај детето може да има многу сериозно влијание врз развојот на неговата личност бидејќи агресивниот родител претставува првиот модел што детето го имитира, а тоа може да трае и кога детето ќе порасне (Žegarac, 2001).

Tomas Gordon (според Todorović, 2005) истакнува дека многу роители не забележуваат во колкава мера им соопштуваат неприфаќање на своите деца, бидејќи не се во состојба сериозно да ги сфатат потребите и чувствата на децата. Нарушените односи во семејството можат да придонесат личноста на детето да се

развива во неповолни и отежнувачки услови. Неодминлива е констатацијата дека семејството треба да биде извор на добросостојба на детето. Семејствата кои ќе успеат конфликтите и внатрешните проблеми да ги разрешат пронаоѓајќи го вистинскиот пат, се сметаат за функционални. Крајна цел на родителството е да ги научат децата да бидат самостојни и да станат здрави личности кои нема да се почувствуваат загрозени со одвојувањето од родителите (Delibašić,1993). Семејствата кои ја унапредуваат здравата комуникација, кои развиваат позитивна слика кај своите деца, кои јасно го истакнуваат ставот за неприфаќање на насилството, превентивно влијаат на намалување на насилството меѓу децата.

## 1.3 САМОПОЧИТУВАЊЕ

Секојдневно во различни ситуации го соопштуваме она што го доживуваме, ги оценуваме сопствените искуства, сопствените и туѓите постапки. Сите ние ја доживуваме својата личност согласно нашиот изглед, цртите, навиките, карактеристичните начини на однесување, способностите, вештините, знаењата, убедувањата, вредностите, целите. Децата имаат сопствено доживување за своите односи со средината на која припаѓаат, за нејзините очекувања, за нивното место во семејството, меѓу врсниците. Сите тие сознанија се интегрираат во еден психички ентитет, односно, во специфичната **слика за себе** (Такашманова-Соколовска,1998).

*James* (1890 според Bezinović, 1988) сметал дека самопочитувањето претставува мерка за компетентноста и аспирациите на поединецот, односно дека поединецот се вреднува себе си врз основа на компетенциите во избрани подрачја, а тие вреднувања директно влијаат на самопочитувањето.

За развој на самопочитувањето значајни се односите на поединецот со другите од неговата социјална средина. Самопочитувањето зависи од тоа како поединецот мисли дека другите го проценуваат. Така, на помала возраст важна е интеракцијата со родителите, подоцна е важна интеракцијата со врсниците, а на подоцнежната возраст се развиваат сопствени верувања и ставови кои се под помало влијание од средината (Lebedina-Manzoni, 2007).

Перцепцијата на личната компетентност го определува глобалното самопочитување на личноста. Повеќето автори се согласуваат околу тоа дека кај луѓето постои основна потреба за позитивно самопроценување, па врз основа на тој податок испитале и интерпретирале низа феномени (Leary i sor., Tombor, Terdal, Downs, 1999).

Иако самопочитувањето е многу важно во животот на поединецот, помалку е јасно со кои механизми тоа се остварува. Самопочитувањето претставува централен аспект на самосознанието, кое пак претставува психолошки конструкт кој може да се дефинира како феноменолошка организација на искуствата на поединецот и на идеите за него самиот во сите аспекти од неговиот живот (Combs,1981, според Lackovic –Grgin, 1994).

Coopersmith (1967) под самопочитување подразбира евалуација со која поединецот го одразува ставот на прифаќање или неприфаќање на себе, што зборува за степенот на увереност на поединецот во сопствените вредности, во важноста, успешноста и способноста. Позитивното самопочитување води пред се до конструктивно и социјално пожелно однесување, додека негативното може да доведе до девијантно и социјално

неадекватно однесување. Неговата студија водела до толкување на социјалните услови и субјективните искуства кои се во врска со зголемувањето или намалувањето на самопочитувањето.

Така на пример, количината на вниманието и интересот на родителите за детето е во значајна корелација со самопочитувањето. Субјективната процена на самопочитувањето е поврзана со различни манифестации на однесувањето на поединецот (Bezinović, 1988).

Истражувањето на Todorović (2005), чија цел била да се испита поврзаноста на воспитните стилови на родителите и самопочитувањето кај адолосцентите и како на природата на таа врска влијаат некои параметри од социо-економскиот статус, покажува дека ниското самопочитување претставува одлика на депресивните состојби. Истражувањата покажале дека овие лица во детството покажувале многу малку симптоми кои се слични на клиничката слика на депресија, но во адолосценцијата покажувале разни форми на дисоцијално поведение, како што се криминал, наркоманија, алкохолизам, деструктивност и агресивност (според Todorović, 2005).

Резултатите што ги добила Todorović (2005) покажале дека емоционалната топлина, особено на мајката, е значајно поврзана со самопроцената на адолесцентите, дека воспитниот стил на одбивање води до ниска самопроцена. Овде се истакнува дека низ блиската емоционална размена со мајката, кај детето се развива базична доверба кон себе и кон светот. Внатрешниот механизам со кој детето ги прима воспитните влијанија е идентификација со родителите, оттаму многу е важно моделот за идентификација да не покажува непожелни особини (како што е агресивноста) (Todorović,2005).

Врз основа на повеќето наведени истражувања утврдено е дека клучна улога во развојот на самопичитувањето има атмосферата во родителскиот дом и непосредната социјална средина. Во најраната возраст децата ги прифаќаат мислењата што за нив ги имаат возрасните кои се значајни за децата и ги интернализираат како свои. Односот на родителите кон детето кој е грижлив, топол, полн со љубов и прифаќање, доследен и праведен, во кој се почитуваат правата и мислењето на детето, придонесува детето да интернализира позитивна слика за себе и чувство на компетентност (Harter, 1999).

Coopersmith во голем број истражувања, дури и во лонгитудинални студии, се обидел да утврди кои фактори влијаат на самопочитувањето кај децата (според Такашманова-Соколовска,1998).

Wylie (1979) смета дека самопочитувањето претставува глобална, стабилна и евентуална диспозиција на личноста спрема себеси, која во определено време и определен

животен контекст директно го определува однесувањето на личноста (според Такашманова-Соколовска,1998).

Според Rosenberg, самопочитувањето претставува позитивен или негативен став спрема себе, односно евалуација со која поединецот го одразува ставот на прифаќање или неприфаќање на себеси. На овој начин личноста покажува степен на увереност во сопствените способности, успешност, важност и вредност. Високото самопочитување води до позитивно вреднување на себеси и до постоење на позитивно мислење за себе, додека ниското самопочитување влијае детето да има негативно мислење за себе (според Bezinović,1988).

Самопочитувањето според Demo и Savin-Villiams претставува глобален суд на личноста за сопствената вредност (според Такашманова-Соколовска,1998).

Anderson истакнува дека во најголемиот број од истражувањата за самопочитувањето, тоа се смета како глобален, мултидимензионален сет од позитивни и негативни чувства за себе (Lipka,1992 според Такашманова-Соколовска,1998).

Vasta, Haith, Miler (1992, според Такашманова-Соколовска, 1998), сметаат дека самопочитувањето претставува резултат од сопственото вреднување, односно дека самопочитувањето е израз на емоционалните реакции на личноста кои се во директна врска со таквата евалуација. Во таа смисла, би можело да се каже дека сопственото оценување претставува широк поим, поглобален емоционално-вредносен конструкт од сликата за себе кој во себе го содржи себевреднувањето и како резултат на сето тоа е специфичното самопочитување.

Самопочитувањето, смета Wylie (1979, според Такашманова-Соколовска, 1998) претставува глобална, стабилна и евалуативна диспозиција на личноста кон себе, која во определно време и во определен животен контекст директно го определува однесувањето на личноста.

Истражувањата покажуваат дека најголемо самопочитување имаат децата кои имаат статус на популарно дете (Lacković-Grgin, 1994).

Истражувањето спроведено во Македонија од страна на Такашманова-Соколовска (1995), во кое сликата за себе била истражувана како фактор на отпорност на личноста при различни фактори на ризик, покажа дека позитивната слика за себе, односно високото самопочитување ја намалува екстерналната ориентација на личноста и ја прави личноста емоционално постабилна, ги редуцира различните стресови и депресивните

расположенија. Самопочитувањето претставува знак дека личноста се смета себеси за вредна, способна да се бори со проблемите и успешно да ги решава. Високото самопочитување води кон оптимизам, надеж, иницијативност, верување во сопствената ефикасност и чувствување на контрола над сопствената судбина (Такашманова-Соколовска, 1998).

Sappington (1989; според Miljković и Rijavec, 2001) дава преглед на истражувањата кои се однесуваат на поврзаноста меѓу високото самопочитување и функционирањето во различни подрачја од животот. Лицата кои се со високо самопочитување имаат подобро физичко и психичко здравје, поотпорни се на стрес, позадоволни од училиштето и личниот живот, посигурни се дека нивните напори ќе доведат до успех, почесто планираат, учествуваат во дискусии, соработуваат со другите, поставуваат прашања во училиште, покомпетентни се во училиштето и во различни социјални ситуации, поподготвени се да им се спротивстават на другите, полесно ја поднесуваат критиката, поподготвени се да го изразат своето мислење, сметаат дека се посреќни и позадоволни. Во повеќето истражувања наодите покажуваат негативна поврзаност меѓу самопочитувањето и осаменоста (Lacković-Grgin и соработниците, 1998). Лицата со пониско самопочитување можат да мислат дека другите луѓе немаат високо мислење за нив, поради што се чувствуваат отфрлени и ретко се одлучуваат да иницираат социјални контакти. Помалиот број на контакти води до помал број на можности за создавање на подлабоки интерперсонални врски од кои би можеле да очекуваат социјална поддршка.

Самопочитувањето може да влијае на општото прилагодување на детето, на однесувањето во некои ситуации во кои е потребно да се искажат сопствените способности, да се изберат социјални ситуации и да се учествува во нив (Pastor, 2004 според Lebedina-Mazoni, Lotar, 2007).

Правејќи разлика меѓу оние со високо самопочитување и оние со ниско самопочитување, Куперсмит (Coopersmith, 1967, според Bezinović, 1988) утврдил дека испитаниците со повисоко самопочитување се поотпорни на влијанијата од опкружувањето ако тие влијанија не се во согласност со нивната перцепција, во однос на оние со ниско самопочитување. Децата со ниско самопочитување покажуваат повеќе емоционални и мотивациски проблеми во однос на децата чие самопочитување е високо или пак умерено. Децата со ниско самопочитување покажуваат склоност кон деликвентно однесување (Bumeister и сор. 2003 според Lebedina-Mazoni, 2005).

Учениците кои се жртви на насилство од страна на други ученици, се чувствуваат осамено во училиштето и немаат вистински пријатели (Olweus, 1994). Децата со ниско

самопочитување имаат потешкотии и во училиштето и во семејството. Многу често имаат ниско мислење за себе, се откажуваат од активности и без да се обидат да ги извршат бидејќи сметаат дека нема да успеат. Важно е да им се помогне на децата да ја променат својата перцепција за себе и да им се овозможи раст и развој во атмосфера на прифаќање на себеси. Секое дете е единствено и има свои потенцијали кои може да ги развие единствено тогаш кога се чувствува прифатено и сакано такво какво што е.

Ribarić-Gruber, самопочитувањето го дефинира како позитивен или негативен став кон себе, како дел од поимот за себе и темелен предуслов за лична среќа, за квалитетни меѓучовечки односи и за успех во она што го работиме. Самопочитувањето е вредносна и емоционална компонента на поимот за себе кој се состои од чувството за сопствената вредност кое се однесува на уверувањето дека имаме право да бидеме среќни, дека заслужуваме успех, пријателство, љубов. За да се има високо самопочитување потребно е чувство за сопствена вредност и висока самодоверба. Ако недостасува самодоверба или чувство за сопствената вредност, самопочитувањето ќе биде ниско и ќе го оневозможи детето да ги развие своите потенцијали и да доживее внатрешно задоволство. Децата кои имаат високо самопочитување се поуспешни во школувањето и имаат подобри односи со други деца. Колку што довербата во себе е поголема и веројатноста да се постигне она што се сака е поголема (Ribarić-Gruber, 2003).

Авторките Miljković и Rijavec (2001) истакнуваат дека на детето кое има ниско самопочитување му недостига базично чувство за сопствената вредност, неверување дека заслужува љубов, почитување, пријателство и се плаши да ги промени своите ставови и своето мислење. Децата со ниско самопочитување се несигурни и тешко пронаоѓаат во себе нешто добро, лесно се повлекуваат, склони се кон конформирање, не можат да се изборат за своите права, да се ослободат од стравот за блискост со другите.

Rogers смета дека самопочитувањето зависи од однесувањето на другите луѓе кон детето. За ниското самопочитување придонесува казнувањето, недоволната љубов, условената љубов, непочитувањето на личноста на детето и друго.

Високото самопочитување, пак, се стекнува кај децата доколку родителите ги воспитуваат со љубов и почитување, ги прифаќаат, им поставуваат разумни правила и очекувања, доследни се во своите постапки, не им се потсмеваат, не ги понижуваат и физички не ги казнуваат, туку им покажуваат дека веруваат во нивната добрина и во нивните способности (според Miljković, Rijavec, 2001).

Од самопочитувањето во голема мера зависи како детето ќе ги решава конфликтните ситуации, како ќе се спротивставува на негативните влијанија и колку ќе

биде среќно во животот (Pastor, 2004). Покрај тоа што децата се обидуваат да одговорат на прашањето кој сум јас, тие исто така бараат одговор и на прашањето каков сум јас, колкава е мојата вредност. Одговорот на тоа прашање зависи од нивното самопочитување. Самопочитувањето претставува позитивен или негативен став кон себе, тоа е дел од поимот за себе, но и основен предуслов за лична среќа, за квалитетни меѓучовечки односи и за успех во она што го работиме. Значи, самопочитувањето е вредносна и емоционална компонента од поимот за себе која се состои од два дела:

1.Чувство за сопствената вредност, кое се однесува на нашето верување дека имаме право да бидеме среќни и дека заслужуваме постигнување, успех, пријателство, љубов и исполнување.

2.На личноста со ниско самопочитување и недостасува основното чувство за сопствената вредност, таа не верува дека заслужува љубов и почитување од страна на другите луѓе, чувствува дека е предодредена да биде несреќна и се плаши да го изрази своето мислење, чувства, желби и потреби (Lindenfield, 2002).

За да се има високо самопочитување, потребни се и чувство за сопствената вредност и висока самодоверба. Самодовербата претставува уверување дека сме способни да размислуваме, учиме, избираме, донесуваме одлуки, совладуваме предизвици и промени. Личноста со ниска самодоверба не се чувствува способна да се соочи со животните предизвици и нема базична доверба во своите интелектуални способности и во начинот на размислување. Доколку недостасува било кој дел, самопочитувањето ќе биде ниско и ќе влијае на социјалниот и семејниот живот, ќе не спречува во развивање на нашите потенцијали и во градење на успешна кариера, односно ќе го нарушува чувството на внатрешно задоволство и лична среќа.

Луѓето со високо самопочитување, односно оние кои се ценат себеси и мислат дека заслужуваат почитување, по правило се поуспешни во школувањето, во работата која ја извршуваат и имаат поздрави и поцврсти односи со другите, поотпорни се на стрес, поупорни се во решавањето на проблеми и едноставно-посреќни се. Колку што чувството за сопствената вредност и верувањето во себе е поголемо, поголема е веројатноста дека ќе се постигне тоа што се сака. Наспроти тоа, децата со ниско самопочитување не се гледаат себеси како безвредни или лоши, туку едноставно кај себе тешко пронаоѓаат нешто добро, лесно ја губат надежта или се плашат дека ќе бидат отфрлени од другите. Тесно поврзани со недостатокот на самопочитување се претераната срамежливост и повлеченост,

склоноста кон конформирање, неможноста да се избориме за своите права, стравот од блискост со другите луѓе или повлекувањето од животот.

Лицата чиј поим за себе ни приближно не одговара на она што тие би требало да бидат, се изложени на поголем ризик од насилство од врсниците (Miljković, Rijavec, 2001). Сите ние длабоко во себе ја носиме сликата, за која можеби не сме потполно свесни, за тоа кои сме, какви сме и колку вредиме во однос на другите-односно, секој од нас има слика за себе. Без оглед на тоа колку нашата слика за себе е во согласност со реалноста, таа не следи, или подобро речено не води од ден во ден и силно влијае на она што го правиме од навидум неважните нешта како што се изборот на гардероба или фризура, до донесување на значајни животни одлуки. Сликата за себе е комплексна и слоевита. Таа се гради постепено и долго почнувајќи од најраното детство, врз основа на повратните информации кои ги добиваме од родителите, наставниците и врсниците, како и врз основа на своите интерпретации за однесувањето на другите луѓе кон нас. Поради тоа, сликата за себе тешко, па дури и невозможно е да се промени (Ribarić-Gruber, 2003).

Многу луѓе имаат ниско самопочитување и тешко им е да ги прифатат позитивните чувства за самите себе. Познатиот психолог Rogers (според Ribarić-Gruber, 2003) вели дека причината за таквото однесување треба да се бара во значајните луѓе од периодот на детството. Родителите, роднините, учителите и врсниците во детството поставуваат многу ограничувања за поставените прашања и искажаните коментари (Како можеш да бидеш толку глупав? Зарем никогаш не можеш ништо да направиш како што треба? Не го прави тоа! Зарем не можеш да се однесуваш како другите деца?).

Авторките Miljković и Rijavec (2001) истакнуваат дека кога децата нешто нема да направат како што треба, често биле казнувани. Казните можеле да бидат различни, а една од најчестите била заканата за скратување на љубов. Условена љубов е онаа што не ја добиле децата додека не се покориле на барањата на родителите, врсниците или другите значајни лица. Резултат од таквото однесување е ниското самопочитување и склоноста за донесување одлуки според потребите и стандардите на другите, а не според сопствените.

Бидејќи воспитувањето е од многу голема важност за развојот на самопочитувањето, важно е да се овозможи почитување на личноста на детето и на неговото мислење, рамноправен разговор, ненаметливи совети, доследност на родителите, нивно меѓусебно сложување и умереност во контролата. Најсигурен начин за создавање на високо самопочитување се родителите кои и самите имаат високо самопочитување и

им претставуваат модел на своите деца. Високо самопочитување најчесто имаат децата чии родители ги воспитуваат со љубов и почитување, ги прифаќаат и им поставуваат разумни правила и очекувања, кои се доследни во своите постапки, не ги исмејуваат, не ги понижуваат и физички не ги казнуваат децата, покажуваат дека веруваат во нивните способности (според Miljković, Rijavec, 2001).

Како детето ќе ги решава конфликтните ситуации, како ќе се спротивставува на негативните влијанија, како ќе ги прифати предизвиците, како ќе биде среќно и ќе ужива во животот-многу зависи од нивото на самопочитување (Pastor, 2004). "Здравото" самопочитување на детето му претставува вистинско оружје за предизвиците во животот. Таквите деца уживаат во интеракцијата со другите деца, реални се и оптимистични. Наспроти нив, на децата со ниско самопочитување предизвиците во животот им претставуваат извор за незадоволство и фрустрации. Тие деца тешко наоѓаат решение за проблемот, брзо се откажуваат и многу се самокритични. Привремените неуспеси ги доживуваат како трајни, неподносливи состојби, пасивни се, повлечени и имаат интензивно чувство на песимизам, а веројатно доживуваат и насилство од страна на другите деца.

## 1.4 РЕЛЕВАНТНИ ЕМПИРИСКИ ИСТРАЖУВАЊА

### 1.4.1 РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА НА РЕЛАЦИЈА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ -КВАЛИТЕТ НА СЕМЕЈНА ИНТЕРАКЦИЈА

Поврзаноста на насилството со квалитетот на семејната интеракција е потврдено во истражувањето што го спровела Nedimović, 2010 година во Војводина. Целта на истражувањето била да се утврдат манифесните форми на насилство, зачестеноста и факторите на ризик за појава на насилство меѓу врсниците во основните училишта во Јужен Банат. Пригодниот примерок на кој е извршено истражувањето опфатил 520 испитаници, на возраст од 9-14 години, кои биле ученици од трето до осмо одделение од основните училишта. Структурата на примерокот во однос на полот била 48,8% ученици од машки пол и 51,2% ученички од женски пол. Добиените резултати покажуваат дека учениците од основните училишта со различен успех препознаваат и проценуваат различни интеракции меѓу врсниците како форми на врсничко насилство. Најуспешно го

препознаваат сексуалното вознемирување и физичкото насилство-видови на насилство кои спаѓаат во отворен односно директен вид на насилство, а најмалку го препознаваат манипулирањето и навредувањето како вид на насилство. Добиените резултати кои се однесуваат на влијанието на факторите кои можат да придонесат за појава на насилство, покажуваат дека секој од испитуваните сетови на варијабли е значаен предиктивен фактор. Од варијаблите опфатени во ова истражување, битни предиктори за директното насилство меѓу учениците се одвоиле полот, насилството во семејството и ладниот воспитен став на таткото и мајката, додека за индиректното насилство меѓу врсниците се одвоиле варијаблата пол, ладниот воспитен став на мајката и ограничувачкиот воспитен став на таткото. Како битен виктимолошки фактор за изложеност на директно насилство од врсниците е ладниот воспитен став на таткото и мајката (Nedimović, 2010).

За поврзаноста на насилството, родителското однесување и локусот на контрола, спроведено е истражување во 2007 година во Хрватска од страна на Salamon. Во истражувањето учествувале 158 испитаници, од прва и втора година средно училиште. Резултатите до кои се дошло со истражувањето, зборуваат дека влијанието на врсниците врз учениците позитивно корелира со попустливоста на таткото и со негативното родителство од мајката и таткото. Учениците кои воспитните постапки на своите родители ги перципираат како негативни, се повеќе изложени на влијанието од врсниците. Утврдена е негативна корелација меѓу влијанието од врсниците и позитивното родителство од двата родители (Salamon, 2007).

Во 2003 година Поликлиниката за заштита на децата од градот Загреб, спровела истражување за насилството меѓу децата во 25 основни училиштата. Прашалниците ги пополнувале ученици од четврто до осмо одделение од основни училишта во 13 града во Хрватска. Во врска со чувството на сигурност се покажало дека 6% од децата лошо се чувствуваат во училиште, а дека дури 20% од нив не се чувствуваат ниту добро ниту лошо. 3% од децата се чувствуваат отфрлено во училиштето, а 9% ниту прифатено ниту отфрлено. Што се однесува до чувството на сигурност во одделни простории од училиштето, 12% од децата се чувствуваат несигурно во школското WC, 11% на патот од/до училиштето, 9% во училишниот ходник, 8% на школското игралиште, 5% во фискултурната сала, 4% во училницата и 3% во благајната. Забележано е дека чувството на сигурност значајно е поврзано и со доживувањето и со извршувањето на насилство (децата кои почесто доживуваат и почесто извршуваат насилство, се чувствуваат понесигурни во училиштето). Добиените резултати покажале дека скоро секое четврто дете, односно 27% од испитаните ученици секојдневно доживуваат барем еден вид на

насилство во училиштето, при што 19% од децата се пасивни жртви (само доживуваат насилство), а 8% од децата се „провокативни жртви" (доживуваат и вршат насилство). Истражувањето исто така покажа дека 8% од децата секојдневно се однесуваат насилно кон другите деца, а самите не доживуваат насилство (вкупно 16% од децата секојдневно се однесуваат насилно кон другите деца). Постои значајна поврзаност меѓу извршеното и доживеаното насилство, имено, децата кои почесто доживуваат насилство, често и самите се однесуваат насилно кон другите деца. Споредувајќи ги девојчињата и момчињата, добиените резултати покажуваат дека 35% од момчињата и 31% од девојчињата доживеале насилство, а дека 33% од момчињата и 17% од девојчињата се однесувале насилно спрема другите (Поликлиника за заштита на децата од градот Загреб, 2003).

Истражувањата на Агенцијата за студии и Одделението за јавно здравје на основа на истражувањето спроведено во Масачусетс во САД, во 2009 год. за поврзаноста на насилството и присустноста на насилство во семејството, дошле до резултати кои покажуваат поврзаност меѓу насилството на учениците и семејната клима. Истражувачите анализирале податоци за 2.859 ученички и 2.948 ученици од средните училишта и дошле до заклучок дека 27% од учениците кои се насилници и самите присуствувале на насилство во семејството.

Истражување за поврзаноста на насилството меѓу врсниците со особините на личност, воспитните ставови, спровеле Maksimović, Raković, Jovanović и Čolović, во 2008 година во Србија. Истражувањето е спроведено се цел да се утврди поврзаноста на насилството меѓу врсниците, особините на личноста и воспитните ставови на родителите, на примерок од 123 испитаници, од двата пола (59 момчиња и 64 девојчиња), на возраст од 11 - 13 години (ученици од V, VI i VII одделение). Во истражувањето се тргнало од претпоставката дека поизразената склоност кон насилно однесување ќе кореспондира со поизразена агресивност, импулсивност и склоност кон ризично однесување, и дека ваквите тенденции се во врска со поволната семејна клима. Исто така, генерално може да се очекува дека момчињата ќе имаат поизразена склоност да манифестираат облици на насилство меѓу врсниците. Резултатите на ова истражување сведочат во прилог на тезата за комплексноста на феноменот на врсничко насилство, и неговата значајна поврзаност со осбините на личност, со воспитните ставови на родителите и со полот. Содржината на екстрахираните димензии е во согласност со наодите на претходните студии (Plut и Popadić, 2007), при што маркерите на ризичните однесувања значајно учествуваат во содржината на димензијата која ја опфаќа и тенденцијата кон погруба физичка агресија. Поврзаноста на насилството меѓу врсниците и воспитните стилови е една од темите кои

заслужуваат подетално елаборирање. Имено, иако врската меѓу виктимизацијата и ригидните воспитни ставови на мајката е значајна, можело да се очекува дека полошите семејни односи ќе бидат поврзани и со димензиите кои се однесуваат на насилничкото однесување. Ваквиот резултат упатува на неопходноста од натамошни истражувања за врската меѓу семејната клима и насилството меѓу врсниците.

### 1.4.2 РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА НА РЕЛАЦИЈА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ-САМОПОЧИТУВАЊЕ

За поврзаноста на насилното однесување и самопочитувањето кај учениците се интересирала и студијата што ја спровеле Brajša-Žganec, Kotrla-Topić, Raboteg-Šarić во Хрватска во текот на 2005/06 година. Целта на ова истражување е двојна. Пред се, се настојувало да се испита поврзаноста на стравот од училиштето и изложеноста на насилство од страна на врсниците кај учениците од погорните одделенија од основните училишта и да се провери дали постојат разлики во изразеноста на тие мерки од аспект на возраста и полот на учениците. Втората цел на истражувањето беше да се испита поврзаноста на особините на самите ученици-како нивниот пол, возраста, самопочитувањето, социјалните и организациските вештини-со стравот од училиште и изложеноста на насилство од врсниците.

Во испитувањето учествувале ученици од повисоките одделенија од основнто училиште (од 5. одделение до 8. одделение) од 49 основни училишта од сите општини во Република Хрватска. Испитани се вкупно 4999 ученици (51,8% момчиња и 48,2% девојчиња) на просечна возраст од 12,5 години (SD = 1,22). Ако резултатите на скалата на изложеност на насилство од страна на врсниците се изразат во единици на скалата, може да се утврди дека учениците проценуваат дека во просек 1-2 пати во месецот се изложени на насилство од своите врсници. Резултатите од истражувањето покажуваат дека 14,65% од учениците проценуваат дека на некој вид на насилство од страна на врсниците се изложени дури од еднаш неделно до секојдневно. Добиениот процент до извесна мера е во согласност со податоците од другите земји, кои, во зависност од истражувањето, упатуваат дека 10 до 30% од учениците се изложени на насилство од страна на врсниците (Nansel и сор. 2001, Hunter и сор. 2007, според Brajša-Žganec, Kotrla-Toić, Raboteg-Šarić, 2006). Самопочитувањето во ова истражување е испитувано на скала од 5 тврдења, кои се преземени од прашалник на Niemivirt (1999), а која во претходните истражувања била прилагодена за примена на ученици во основните училишта во Хрватска (Rijavec и сор.

2001). Учениците го проценувале степенот на сложување со секое од тврдењата кои се однесувале на мислењето на учениците за нив самите и на задоволството со себе на скала од 1 (воопшто нер се сложувам) до 5 (потполно се сложувам). Вкупниот резултат на скалата е формиран како збир од процените на тврдењата кои ја сочинуваат скалата. Во ова истражување негативните аспекти на училишната средина се опишани во две варијабли: изложеност на насилство од врсниците во училиштето и процена на стравот од училиштето. Иако процената на стравот од училиштето всушност е индивидуална особина на учениците, опишана е како негативен аспект на училишната средина бидејќи е испитувана така што се врзува исклучиво со училишниот контекст. Во истражувањето се интересирале во колкава мера другите индивидуални карактеристики на учениците се поврзани со тие негативни социјализациски аспекти на учениците во училишната средина. Учениците кои во поголемамера чувствуваат страв од училиштето, како и учениците кои во поголема мера се изложени на насилство од врсниците, имаат послабо развиени социјални и организациски вештини и пониско самопочитување. Иако поради големиот примерок на испитаници малите коефициенти на корелација се статистички значајни, добиените корелации упатуваат на поврзаност на негативните аспекти на училишната средина со индивидуалните. Кога е во прашање стравот од училиштето, контролирајќи ги половите разлики и возраста во резултатите на испитаниците кои објаснуваат само 2,3% од варијансата на критериумот, другите индивидуални карактеристики на учениците објаснуваат дополнителни 9,4% од вкупната варијанса на овој критериум. Добиените резултати покажуваат дека учениците кои во поголема мера осеќаат страв од училиштето, како и учениците кои се изложени на насилство од врсниците, имаат во помала мера развиени социјални и организациски вештини и пониска самодоверба. Со други зборови, учениците со поголема самодоверба се помалку склони да чувствуваат страв од испитување и тестирање, страв од реакциите на родителите заради пониските оцени и слично, бидејќи повеќе веруваат во своите способности, се чувствуваат компетентни и задоволни се од себе при што самопочитувањето на учениците е единствен значаен предиктор. Со други зборови, учениците со поголема самодоверба се помалку склони да чувствуваат страв од испитување и тестирање, како и да чувствуваат помал страв од реакциите на родителите во однос на пониски оцени и слично, бидејќи повеќе им веруваат на своите способности, се чувствуваат посигурни.

Истражувањата покажуваат дека социјалното функционирање и самоперцепцијата на самопочитувањето, претставува едно од подрачјата на функционирање на децата во кое се огледа ефектот на меѓусебното злоставување на децата во училиштето. Истражувањето

кое се интересира за испитување на овој проблем во Хрватска го реализирала Елез во 2002 година. Во него се настојувало да се испита дали постојат разлики меѓу неутралните, насилниците, жртвите и насилниците/жртвите, од аспект на општото самопочитување и одделни аспекти на сликата за себе.

Истражувањето имало цел да го испита присуството на насилното однесување (бројот на жртви и насилници) на примерок деца од основно училиште и да утврди дали се разликуваат во одделни аспекти од самодовербата и општото самопочитување. Учениците се ставени во четири категории и тоа со оглед на полот (неутрални, насилници, и насилници/жртви, жртви), а целта била да се утврди дали постојат разлики во одделни аспекти на самодовербата, во општото самопочитување на девојчињата со оглед на категоријата на која и припаѓаат (неутрални, насилници, и насилници/жртви, жртви). Во ова истражување учествувале ученици од 5.-8.одделение од основно училиште, а примерокот го сочинувале 309 ученици (48,9% девојчиња и 51,1% момчиња). Наодите од ова истражување покажуваат дека е утврдена значајна разлика во просечните вредности на проценките на скалата за општото самопочитување меѓу групите на испитаните девојчиња. Имено, неутралните девојчиња се позадоволни со себе во споредба со девојчињата кои се категоризирани во групата насилници/жртви.

Насилниците/жртвите се слични со пасивните жртви во поглед на депресивноста, социјалната анксиозност и ниското самопочитување. Со методот на едноставна анализа на варијанса добиена е статистички значајна разлика меѓу четирите групи момчиња на скалата за општо самопочитување. Постои значајна разлика меѓу просечните резултати на неутралните момчиња во однос на групата жртви и насилници/жртви. Значи, момчињата од неутралната група се позадоволни од себе и воопшто од својот живот во споредба со групите на жртвите и насилниците (Elez, 2002).

Со изучување на поврзаноста на воспитните стилови на родителите и стабилноста на самопочитувањето кај адолесцентите, во Србија се занимавала Todorović. Истражувањето имало цел да ја испита поврзаноста на самопочитувањето и неговата стабилност од една страна, со воспитните стилови на родителите од друга страна, и неговата стабилност. Истражувањето е спроведено на пригоден примерок на ученици од третите класови во средните училишта на возраст од 16 до 18 години, на штитеници од Заводот за воспитување на малолетници и на пациенти од Клиниката за заштита на менталното здравје. Во истражувањето учествувале вкупно 280 испитаници. Добиените резултати покажаа дека во адолесценцијата постои поврзаност на емоционалната компонента од идендитетот, самопочитувањето и значајно е поврзана со емоционално

топлиот и воспитниот стил на прифаќање од страна на мајката, додека воспитниот стил на отфрлање води до стабилно ниска самопроцена. Ако се анализира актуелната самопроцена, тогаш доминантна улога има таткото. Анализата на социо-економскиот статус во ова истражување, покажа дека индикаторите за општествено-економскиот статус имаат значајна улога како во висината, така и во стабилноста на актуелното самопочитување. Поврзаноста на социо-економските фактори и воспитните стилови во ова истражување има висока вредност. Примерокот на адолесценти од Заводот за воспитување и од Клиниката за заштита на менталното здравје, илустрираше како социо-економската и воспитната депривација придонесуваат за психички пореметувања и за општествени проблеми. Самопочитувањето во ова истражување е поврзано со полот на испитаниците. Во групата со осцилации во глобалното самопочитување и тоа во правец на опаѓање, доминантно се застапени девојчињата (Todorović, 2005).

## 1.5 ПРОБЛЕМ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Учениците од осмо одделение се деца кои се наоѓаат во раниот адолесцентен период. Поради фактот што развојот на адолесцентите е многу комплексен и неделив од семејната динамика која во тој период има специфични карактеристики кои пред неа ги поставува адолесцентот, може да се рече дека во развојна смисла семејната интеракција е неодвоив дел од индивидуалниот развој. Ериксон истакнува дека основни "задачи" на периодот на адолесценција се формирањето на идентитет, постигнување сепарација од примарните објекти и од нивните вредности, успешно решавање на конфликтите што ги носат процесите на индивидуализација и сепарација (Erikson 1968, според Fulgosi, 1987), како и управување со сопствената сексуалност и сопствената агресивност. Во фокусот на важноста на адолесцентното созревање е квалитетот на веќе изградената емоционална врзаност, односно приврзаноста како рано искуство добиено преку интеракцијата со родителите како примарни објекти или со нивните замени. Но, тие искуства можат да бидат многу различни и токму тие го претставуваат квалитетот на семејната интеракција во секоја смисла земајќи ја предвид и насилната интеракција која го подразбира однесувањето меѓу луѓето кое има цел да ја изрази контролата, моќта или да заплаши.

**Психолошкиот модел** насилството го објаснува преку психичките карактеристики на учесниците во насилството, како жртвата така и злоставувачот, набљудувајќи ги во динамичен причинско-последичен однос. За разбирање на доживеаното насилство кај

децата, во рамки на семејната динамика важни се два односи. Едниот се однесува на емоционалното искуство на детето со примарните објекти, а вториот се однесува на квалитетот на партнерскиот однос на родителите и појавата на евентуално насилство во тој однос, нивните психички карактеристики, односно особини на личност и евентуалните психопатолошки тенденции (ниско самопочитување и надмоќ над партнерот). Бидејќи родителските ставови влијаат на однесувањето на децата, прифаќањето и одбивањето на децата од страна на родителите имаат големо значење за развојот на нивната личност (Roner според Kuburić,1996). На децата им е потребно присуство на родителите и заинтересираност од нивна страна. Потребно е родителите да покажуваат искрена заинтересираност за она што го работат децата, бидејќи тоа ќе ја зголеми нивната мотивација, а тоа е сигурен пат кон самоостварување (Todorović, 2005). Детето развива самоостварување и способност за проценување на сопствената личност базирајќи се на мислењето од родителите, на мислењето на другите возрасни како и на мислењето од своите врсници. Доколку во семејството се негува позитивен став кон почитувањето на правата на детето, тоа ќе ја задоволи неговата потреба за самопочитување. Прифаќањето и топлината на родителите придонесуваат за градење на позитивна слика за себе и за самопочитување. Родителите кои ги отфрлаат своите деца и користат физички казни, не им посветуваат доволно внимание и не ги поддржуваат своите деца ја зголемуваат емоционалната зависност од нив, бидејќи љубовта на децата е условена со нивното добро однесување (Todorović, 2005). Доколку родителите немаат воспоставени емотивни врски со детето, тоа нема да биде упорно во своите постапки и може да се случи да биде и непријателски настроено кон своите врсници.

Како што беше кажано, развојот на различните форми на емоционално врзување зависи од начинот на кој се одвива интеракцијата меѓу детето и родителите. Најчест вид на интеракција претставува сигурниот тип на емоционално врзување и според некои истражувања тој е присутен кај две третини од децата. Во тој случај примарниот објект е емоционално достапен за развојните и емоционалните потреби на детето. Квалитетот на емоционалното врзување не е ограничен единствено на врската меѓу родителите и детето, туку претставува и специфичен тип на врзување што детето ќе го создава во текот на животот.

Имено, обрасците на емоционално врзување кои се развиени во првите години можат делумно да се менуваат во текот на животот, но поголемиот број од децата во текот на животот ги задржуваат оние обрасци кои ги стекнале уште во семејниот круг. Раните емоционални искуства се повторуваат во текот на животот со трансгенерацискиот пренос

на емоциите и однесувањето. Искуствата од казнувањето, контролирањето, занемарувањето, отфрлањето во периодот на детството, во адолесценцијата и подоцна во животот можат да се активираат и да се насочат во релациите со другите. Така, насилните однесувања на децата водат кон сериозни прекршувања и криминални активности во младоста. До 27-та година од животот 60% од овие деца барем еднаш биле осудени за сторено прекршочно или кривично дело, а 40% за направени повеќе прекршочни и кривични постапки (Olweus, 1998). Таквите деца, во споредба со просекот од својата генерација, исто така се повеќе склони кон земање дроги и алкохол.

Клучен концепт за разбирање на односот на доживеаното и манифестираното насилство е самопочитувањето.

Бидејќи се работи за адолесценти јасно е дека самопочитувањето на оваа возраст е мошне ранлива категорија поради развојните карактеристики и периодот во кој „се ставаат на проба" сите претходно стекнати развојни карактеристики. Градејќи го својот идентитет и интегритет на личноста, адолесцентите често имаат проблеми со своето самопочитување.

Како што е познато, самопочитувањето се развива во текот на растењето и во интеракција со другите лица. И овде приказната почнува од најблиските релации со родителите кои во контекст на семејната интеракција може да се доведат со различни облици на насилство на кои детето е изложено. Во секој случај, детето помалку или повеќе во текот на подолг или пократок временски период може да биде изложено на страв за својот телесен интегритет, може да биде изложено на отфрлање, деградирање, тероризирање, изолирање, експлоатирање, скратување на есенцијалната стимулација, на емоционалната размена, како и на несигурно и неконзистентно родителство. Генерално, во вакви услови детето нема чувство дека е сакано, сигурно и почитувано. Дури, кај него може да се развие поголемо или помало чувство на вина поради се што се случува, па јасно е дека развојот на детското самопочитување во семејната интеракција во која има насилство е многу проблематичен. Како последица на ваквиот развој, кај детето може да се препознае немоќ или депресивност од кои детето сака да се ослободи избирајќи насилно однесување кон другите од опкружувањето. Недостатокот на комуникација и потврдување, потценувањето и социјалната дистанца уште повеќе го поткрепуваат насилното однесување.

Во последните децении на глобално ниво дојде до зголемување на насилството во училиштата и бројни истражувања во оваа област се спроведени и насочени кон утврдување на поврзаноста на насилството на учениците со квалитетот на семејната

интеракција и со самопочитувањето. Истражувачките наоди укажуваат дека постои значајна доследност на добиените резултати. Тие беа и понепосреден поттик за проблемот на ова истражување, кој гласи:

**Дали постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција и со самопочитувањето кај учениците од осмо одделение.**

Во врска со поставениот проблем, истражувањето треба да даде одговор на следните прашања:

1. **Дали постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција кај учениците од осмо одделение?**
2. **Дали постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со самопочитувањето кај учениците од осмо одделение?**
3. **Дали постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилство?**
4. **Дали постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживувањето на квалитетот на семејната интеракција (општата семејна атмосфера, прифаќањето од страна на мајката и таткото, одбивањето од страна на мајката и таткото)?**
5. **Дали постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживувањето на самопочитувањето?**
6. **Колку квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето придонесуваат за објаснување на доживеаното и манифестираното насилно однесување?**

## 1.6 ИСТРАЖУВАЧКИ ХИПОТЕЗИ

Во согласност со проблемот на истражувањето формулирана е основната хипотеза на ова истражување, која гласи:

**Постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција и со самопочитувањето на учениците од осмо одделение.**

Врз основа на соопштените наоди од релевантните истражувања претпоставуваме дека доживеаното и манифестираното насилно однесување ќе бидат помали при подобра семејна интеракција. Доколку самопочитувањето на учениците е поголемо наодите не наведуваат на очекување дека тие во помала мера ќе доживуваат и манифестираат насилство кон другите ученици.

Со оглед на тоа дека насилното однесување на учениците, семејната интеракција и самопочитувањето се комплексни варијабли, односно се составени од повеќе димензии, од основната хипотеза произлегуваат неколку групи на субхипотези.

**Субхипотези**

**Субхипотеза 1:**

**Постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција на учениците од осмо одделение.**

Испитувањето за поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција, е поттикнато од резултатите на истражувањата кои се од понов датум. Тие упатуваат на фактот дека насилното однесување на учениците е поврзано со квалитетот на семејната клима. Децата кои во семејството се изложени на отфрлање ќе манифестираат во своето однесување насилство и непослушност (Todorovic, 2005). На насилството меѓу учениците големо влијание имаат родителите, односно нивната интеракција, како и воспитните стилови. Истражувањата биле насочени на испитување на квалитетот на интеракцијата родител-дете (Lebedina-Mazoni,2006). Познат е фактот дека насилството е трансгенерациски феномен, односно дека децата кои израснале во услови кои се одликуваат со насилство ќе имаат големи шанси и самите да се однесуваат насилно. Доколку во рамките на семејните односи децата на директен или индиректен начин (преку насилството на едниот родител кон другиот –во присуство на детето) се изложуваат на разни форми на насилство, тогаш доживеаното насилство ќе влијае на квалитетот на емоционалните реакции на детето. Нему му

недостасува базична сигурност и доверба спрема едниот или спрема двата родитела, но има зголемен страв, несигурност, ниско себевреднување. Во вакви услови детето има мали можности своите потреби да ги задоволи на ненасилен начин, да развие комуникациски вештини, стилови на ненасилно решавање на проблемите и емпатија. Од друга страна, доколку доживеаното насилство е карактеристично за детскиот развој, детето нема да може да ги задоволи своите потреби на адекватен начин, ќе има потешкотии да сочувствува со друго дете кое е изложено на насилство, а сериозно може да биде спречен и развојот на неконфликтните комуникациски вештини.

Доколку квалитетот на семејната интеракција е поголем учениците помалку ќе доживуваат и помалку ќе манифестираат насилство, во споредба со оние кај кои квалитетот на семејната интеракција е помал.

**Субхипотеза 2.**

**Постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со самопочитувањето на учениците од осмо одделение.**

Испитувањето на поврзаноста на насилното однесување со самопочитувањето е поттикнато од резултатите добиени од истражувањата во текот на последните неколку децении. Од варијаблите што се предмет на интерес во овој труд, во областа на личноста, најчесто е истражувана поврзаноста на притисокот од врсниците и самопочитувањето. Du Bois i Silverthorn, (2004) наведуваат дека постои поврзаност меѓу ниското глобално себепочитување и дружењето со ученици со девијантно однесување. Како што е познато, нивото на сигурност и самопочитување на децата кои растат во атмосфера на насилство е многу пониско во споредба со децата кои немаат такви искуства. Бидејќи насилното однесување на кое детето е изложено е директно поврзано со чувство на загрозеност (физичка, емоционална и социјална), природно е овие емоции да го насочуваат детето кон чувство за непожелност, отфрленост, вина. Самопочитувањето кај децата кои во своето искуство доживеале насилство зависи од многу фактори меѓу кои ќе ги издвоиме-видот на насилството, хроницитетот, степенот на блискост со извршителот на насилтвото, возраста на детето, неговите конституционални карактеристики, дали детето е само или припаѓа на група деца во која можат да се зголемат факторите на ризик. Секое искуство од злоставување на детето (особено, кај некои видови на насилство) придонесува кај него да

се формира многу силна перцепција дека тоа се разликува од другите а тоа пак води до појава на интензивен срам. Ако детето се чувствува загрозено, омаловажено, отфрлено, несакано, игнорирано таквото искуство по својата природа е некомпатибилно со чувството на сигурност и влијае на перцепцијата на самопочитувањето *(себедоживување)*.

Очекувањата, компетенциите и ставовите кои се формирани на релацијата родител-дете, влијаат на ориентацијата на детето и кон врсниците. Децата кои со родителите имаат сигурни емотивни односи би требало себе си да се доживуваат како лица кои заслужуваат љубов и почитување, а кон врсниците тие се однесуваат со позитивни очекувања. И обратно, децата кои имаат несигурни односи во кои нивната сигурност не е задоволена, веројатно кон врсниците ќе се однесуваат без емпатија и ќе се обидат да ги исклучат од социјалната интеракција. Резултатите од некои истражувања упатуваат на заклучок дека од квалитетот на релацијата родител-дете ќе зависат успешните или неуспешните односи со врсниците (Krnjajić, 2006). Искуствата од тие односи влијаат и на проценувањето на себедоживувањето на детето врз основа на претпоставката за тоа како другите го проценуваат (*доживување на другите*).

Доколку самопочитувањето на учениците е повисоко тие помалку ќе доживуваат и помалку ќе манифестираат насилство, во споредба со оние кај кои самопочитувањето е пониско.

**Субхипотеза 3.**

**Квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето (*себедоживување и доживување од другите*) придонесуваат за објаснување на доживеаното и манифестираното насилно однесување.**

**3.1.Квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето (*себедоживување и доживување од другите*) придонесуваат за објаснување на доживеаното насилно однесување.**

**3.2.Квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето (*себедоживување и доживување од другите*) придонесуваат за објаснување на манифестираното насилно однесување.**

**Помошни хипотези:**

1. **Постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување.**

Испитувањето на разликите меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилство беше поттикнато од резултатите добиени од истражувањата спроведени во последната деценија. Досегашните истражувања покажаа дека во Црна Гора (Конференција за Училиште без насилство-кон сигурна и поттикнувачка средина за децата, Подгорица, 2011), како и во светот (Brentdt,1979, Brown, Clasen и Eicher,1986 според Lebedina-Mazoni,2005) одредени облици на насилство се поврзани со полот на детето. Така, момчињата се повеќе изложени на физичко насилство отколку девојчињата, а и самите во споредба со девојчињата почесто се и извршители на физичкото насилство. Кога е во прашање емоционалното насилство тоа се наоѓа на прво место како доживеано насилство како кај девојчињата така и кај момчињата. Врз основа на спомenатото истражување, социјалната изолација претставува вид на насилство меѓу врсниците кој е почесто застапен кај девојчињата и како извршено и како доживеано насилство. Оваа тенденција, кога е во прашање социјалната изолација како вид на социјално-емоционално насилство е констатирана и во други земји.

Врз основа на резултатите од едно истражување кое е спроведено во четири основни училишта во Црна Гора во периодот март-јуни во учебната 2010/2011 година на примерок од 2249 ученици, се покажало исто така дека емоционалното насилство претставува најчест вид на насилство што децата го доживуваат и го манифестираат кон другите деца, без оглед на полот. Меѓутоа, се покажало дека во рамки на различни форми на емоционално насилство момчињата повеќе трпат навредување и нарекување со навредливи имиња отколку девојчињата, а и самите ги манифестираат почесто во споредба со девојчињата. Како и во претходното истражување (2006-2008 UNICEF, Министерство за образование и наука, ЦГ) на второ место е социјално-емоционалното насилство (и како доживеано и манифестирано). Според ова истражување во однос на социјално-емоционалното однесување девојчињата во споредба со момчињата почесто доживуваат и манифестираат социјална изолација, а момчињата почесто се изложени на уценување. Физичкото насилство и во ова истражување е на трето место и како доживеано и како извршено насилство меѓу врсниците, но е значајно почесто во групата на момчиња отколку во групата на девојчиња.

Учениците од машки пол во поголем број манифестираат насилно однесување во споредба со ученичките од женски пол.

2. **Не постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на квалитетот на семејната интеракција (општата семејна атмосфера, прифаќањето од страна на таткото и мајката, одбивањето од страна на таткото и мајката).**

Во нашето истражување испитувавме дали постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на квалитетот на семејните интеракции (општа атмосфера во семејството, прифаќање од страна на таткото и мајката и одбивање од страна на таткото и мајката). Во квалитетот на семејната интеракција клучно место имаат ставовите на прифаќање и одбивање на детето. Прифаќањето од страна на родителите овозможува развој на сигурни односи, љубов и доверба врз основа на кои се градат сите идни социјални релации на детето. Овој став на родителите е подеднакво стимулативен како за момчињата така и за девојчињата, бидејќи и на едните и на другите им овозможува сигурност. Ставот на отфрлање од страна на родителите се изедначува со несакање, и ваквиот став подеднакво тешко го доживуваат и момчињата и девојчињата бидејќи немаат квалитетно изграден однос со примарните објекти.

Учениците од двата пола на ист начин го доживуваат квалитетот на семејната интеракција (општа семејна атмосфера, прифаќање од таткото и мајката, одбивање од таткото и мајката).

3. **Не постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на самопочитувањето (*себедоживување и доживување од другите*).**

Во нашето истражување испитувавме и дали постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на димензијата самопочитување (*себедоживување и доживување од другите*). Кај двата пола сликата се формира преку емоционалниот однос со примарните објекти кои можат да бидат фрустрирачки и да го оневозможат детето да ги развие своите потенцијали. Без оглед на полот, детето е насочено кон тоа да се заштити од болните искуства (како реалните така и симболичките) и да изгради механизми на одбрана од својата анксиозност. Емоционалниот однос со родителите кој е стимулативен овозможува да се разберат потребите на детето, пред се емоционалните потреби и адекватноста на нивното задоволување. Таквото дете без оглед на тоа дали е

момче или девојче, има можност да ги инкорпорира добрите објекти за да го „штитат„ и да пронајде гратификација во рамки на сопствените вредности.

Учениците од машки и женски пол на ист начин ја доживуваат димензијата самопочитување (*себедоживување и доживување од другите*).

| 1.7 | ВАРИЈАБЛИ |
|---|---|

Варијабли во истражувањето се:

**Насилно однесување на учениците**

Насилното однесување на учениците е бихевиорала варијабла. Оваа варијабла вклучува две димензии: **доживеано и манифестирано насилно однесување.**

***Доживеано насилно однесување-*** се однесува на процената на ученикот дали е жртва на насилно однесување. Се смета дека ученикот е злоставуван кога еден ученик или повеќе ученици му зборуваат подли и наврдливи зборови, потполно го исклучуваат од својата група или намерно го занемаруваат, удираат со рака, со нога, го туркаат, гаѓаат или го заклучуваат ученикот во училница, лажат и шират гласини или настојуваат да ги одвратат другите ученици од него и ако прават други непријатни работи. Операционално оваа варијабла е определена со скорот постигнат на петстепена скала, на Прашалникот за испитување на насилно однесување на учениците (Olweus,1996), кој содржи 10 прашања. Поголем скор добиен на овој дел од прашалникот укажува дека ученикот бил изложен (доживеал) на поголем број насилни однесувања. Најнискиот скор што може да се добие изнесува 10, а највисокиот 50. Теорискиот среден скор изнесува 30.

***Манифестирано насилно однесување-*** се однесува на процената на тоа дали ученикот насилно се однесувал кон другите ученици. Операционално оваа варијабла е определена со скорот постигнат на петстепена скала, на Прашалникот за испитување на насилно однесување на учениците (Olweus,1996), кој се состои од 10 прашања. Поголем скор добиен на овој дел од прашалникот укажува дека ученикот манифестирал (направил) поголем број насилни однесувања. Најнискиот скор што може да се добие изнесува 10 а највисокиот 50. Теорискиот среден скор изнесува 30.

## Квалитет на семејната интеракција

Квалитетот на семејната интеракција претставува стимулусна варијабла, која се однесува на три димензии на семејната интеракција: ***општа атмосфера во семејството, прифаќање од мајката и таткото и одбивање од мајката и таткото***.

***Општа атмосфера во семејството*** – покажува како се чувствува ученикот во своето семејство. Операционално оваа варијабла е определена преку скорот постигнат на петстепена скала за квалиетот на семејната интеракција (Vulić-Prtorić, 1998), која вклучува 11 тврдења. Поголемиот скор постигнат на оваа скала укажува на поквалитетна семејна интеракција. Најниският скор што може да се добие изнесува 11, а највисокиот 55. Теориският среден скор изнесува 33.

***Прифаќање од мајката и таткото***- покажува колку ученикот е прифатен од мајката и од таткото. Операционално оваа варијабла е определена со постигнатиот скор на петстепена скала за квалиеттот на семејната интеракција (Vulić-Prtorić, 1998 ), која вклучува 12 тврдења. Поголемиот скор добиен на оваа скала укажува на поголемо прифаќање од страна на мајката и таткото. Најниският скор што може да се добие изнесува 12, а највисокиот 60. Теориският среден скор изнесува 36.

***Одбивање од мајката и таткото***- покажува во колкава мера ученикот е отфрлен од мајката и таткото. Операционално оваа варијабла е определена со скорот постигнат на петстепена скала за квалитет на семејна интеракција (Vulić-Prtorić, 1998 ), која вклучува 12 тврдења. Поголемиот скор укажува на поголемо одбивање од страна на мајката и таткото. Најниският скор што може да се добие е 12, а највисокиот 60. Теориският среден скор изнесува 36.

## Самопочитување

Самопочитуавњето е организмена варијабла, која се однесува на две димензии: ***процена на сопствената вредност (себедоживување) и доживување на вреднувањето од страна на другите (доживување од другите).***

***Процена на сопствената вредност*** – се однесува на процената на ученикот за сопствената вредност *(себедоживување)* и операционално оваа варијабла се определува со скорот постигнат на тристепена скала на Прашалникот за самопочитување (Vizek-Vidović i Kuterovec-Jagodić, 1996) во кој оваа варијабла се мери преку одговорите на 12 тврдења.

Повисокиот скор укаажува на повисоко самопочитување (*себедоживување*). Најниskиот скор што може да се добие е 12, а највисокиот 36. Теорискиот среден скор изнесува 24.

*Доживување од другите* - се однесува на тоа како ученикот претпоставува дека другите (учениците, наставниците и родителите) ја проценуваат неговата вредност (*доживување од другите*). Операционално оваа варијабла е определена со скорот постигнат на тристепена скала на Прашалникот за самопочитување (Vizek-Vidović i Kuterovec-Jagodić, 1996), на кој на оваа варијабла се однесуваат 8 тврдења. Повисокиот скор на оваа скала укажува на повисока процена на вредноста базирана на оцената од други. Најниskиот скор што може да се добие е 8, а највисокиот 24. Теорискиот среден скор изнесува 16.

**Пол на учениците**

Ова е организмена варијабла и се однесува на биолошката машкост или женскост. Полот е земен како варијабла во ова истражување за да се испита дали постојат разлики меѓу машките и женските испитаници во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување, во квалитетот на семејната интеракција и во самопочитувањето. Примерокот го сочинуваат 74 испитаници од машки пол и 68 испитаници од женски пол.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

## 2.1 ПРИМЕРОК

Истражувањето е спроведено во ОУ. «Душан Кораќ« во Бијело Поље, во Црна Гора и во истотот беа опфатени сите ученици од осмо одделение, односно шест паралелки од осмо со вкупно 142 ученици. Нивната возраст се движи од 13-14 години, односно просечната возраст изнесува 13.6 години. Примерокот го сочинуват 74 испитаници од машки пол и 68 испитаници од женски пол. Примерокот е пригоден и го сочинуваат ученици кои во учебната 2010/2011 беа ученици во осмо одделение, а кои беа на располагање во моментот на тестирањето.

## 2.2 ИНСТРУМЕНТИ

Во истражувањето се применети следните мерни инструменти: Прашалник за испитување на насилното однесување на учениците (Olweus, 1996), Скала за квалитетот на семејната интеракција (Vulić-Prtorić, 1998) и Прашалник за самопочитување (Vizek – Vidović i Kuterovec-Jagodić, 1996).

### Прашалник за испитување на насилното однесување на учениците

Прашалникот за испитување на насилното однесување на учениците го конструирал Dan Olweus, професор по психологија на Универзитетот во Берген, во 1996 година. Авторот го разработил наведениот прашалник во рамки на националната кампања против насилство. Инструментот овозможува да се согледа колку ученици во училиштето доживеале насилство и колку ученици биле жртви на насилство, како и за ставовите и уверувањата поврзани со насилството. Самопроцената на доживеаното насилство е независна од самопроцената на изложеност на насилство (се даваат одвоени одговори).

Прашалникот содржи 39 прашања, и истиот е наменет за групно задавање и анонимно пополнување. На почетокот во прашалникот е дадена детална дефиниција за насилството и прецизирано е дека истиот се однесува на училишна средина.

Насилството во овој прашалник Olweus го дефинира на следниот начин (Olweus, 1996): „Велиме дека ученикот е злоставуван кога друг ученик или повеќе ученици:

- зборуваат неубави и навредливи работи или гласно озборуваат или даваат неубави и навредливи имиња;

- потполно го игнорираат и го исклучуваат од својата пријателска група или намерно му земаат некои работи;

- го удираат, туркаат, гаѓаат или му се закануваат;

- лажат и шират гласини за него или испраќаат неубави пораки и настојуваат да направат другите деца да не го сакаат;

- прават други слични непријатни работи.

Овие настани можат да се случуваат често и на ученикот му е тешко да се одбрани. За насилство се зборува и кога ученикот постојано го задиркуваат на лош и болен начин. Но, не го нарекуваме насилство пријателското задиркање за време на играта. Исто така, не претставува насилство доколку два ученика со приближно еднакви сили се расправаат или тепаат. Во прашалникот потоа е прецизирано дека одговорите на учениците треба да се однесуваат на случувањата во училиштето во последните месеци. Учениците, прво треба да дадат две глобални самопроцени: колку самите биле жртви (доживеано насилство) и колку често тие биле насилници (манифестирано насилство). Потоа, учениците одговараат на 10 специфични прашања кои се однесуваат на нивната евентуална изложеност на конкретни видови на насилство (вербално, физичко, индиректно, на расна основа). Учениците одговараат и на 10 специфични прашања кои се однесуваат на тоа колку тие биле извршители на насилство. Прашалникот содржи и прашања за тоа каде се случило насилството, за ставовите кон насилникот и кон жртвата, и за тоа колку учителите, врсниците и родителите се информирани за злоставувањето и како реагираат (Olweus, 1996).

Прашалникот содржи два дела. Првиот дел од прашалникот е наменет за испитување фреквенцијата на ***доживеаното насилно однесување од страна на другите ученици,*** додека вториот дел се однесува на фреквенцијата на ***манифестирањето на насилно однесување над другите ученици.*** Прашалникот се пополнува со ставање знак X за да се означи зачестеноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување. Всушност, прашалникот претставува чек-листа на која учениците даваат детален опис на

однесувањето. За потребите на ова истражување направивме обработка и анализа на одговорите кои се однесуваат на доживеаното како и на одговорите за манифестираното насилно однесување. Двете самопроцени имаат 10 прашања.

Покрај тврдењата кои се однесуваат на жртвите од насилство и на насилникот, прашалникот содржи прашања за реакциите на другите на насилство, потоа како го доживуваат учениците, односно за реакциите на наставниците и родителите. Иако учениците одговараа на сите прашања, за потребите на ова истражување не беа обработени одговорите кои се однесуваат на реакциите на возрасните на насилство, потоа како го доживуваат учениците насилството, односно како реагираат наставниците и родителите.

Прашалникот се потполнува анонимно, а непотполните, неконзистентните и бесмислено потполнетите прашалници се исклучени од обработката. Главната цел на прашалникот е да се добијат информации за проблемот насилник/жртва.

На прашањата, испитаникот има можност да избере еден од понудените одговори. Најнискиот скор укажува на негативните чувства на ученикот кон училиштето *(воопшто не ми се допаѓа во училиште)*, а највисокиот скор ги опишува позитиние чувства во врска со училиштето (*многу ми се допаѓа во училиште*).

Сите прашања не се со ист број на понудени степени (некои имаат 4 алтернативи, некои 5, а некои и 6).

Olweus (според Elez, 2003 година) наведеува дека сигурноста на скалата за доживеано насилство изнесува Ckronbach=0.786, а на скалата за извршено насилство Chronbach =0.855. Во нашето истражување сигурноста на скалата за доживеано насилство изнесува Cronbach alpha = 0.81, а на скалата за манифестирано насилство Crhonbach alpha=0,68

**Скала за квалитететот на семејната интеракција**

***Скалата за квалитетот на семејната интеракција*** година)- *Моето семејство,* во својата основна верзија е наменета за адолесценти, но е модификувана и за млади возрасни од страна на Anita Vulić-Prtorić, во 1998 година. Оваа скала се состои од три субскали. Првата субскала е наменета за испитување на ***општата атмосфера*** во семејството- моето семејство, односно за интеракцијата во семејството преку 11 тврдења. Втората и третата субскала ја мерат посебно ***интеракцијата со мајката***, посебно ***со таткото***, со по 22 тврдења кои според содржината се идентични. Интеракцијата со

родителите е претставена преку две димензии, кои во литеаратурата најчесто се опишани како ***прифаќање*** (емоционална топлина, интимност) и ***отфрлање*** (контрола, емоционално занемарување). Двете димензии се концептуализирани во согласност со теоријата за прифаќање и отфрлање од родителите (PART - parental acceptance- rejection theory) од Ronald Rohner (Rohner. 1984., 1999). Така, ***прифаќањето*** се однесува на позитивните емоционални аспекти од односот родител-дете кои се изразуваат во форма на меѓусебна блискост, давање поддршка, доверба и разбирање, како и релативна симетричност во меѓусебните односи. ***Отфрлањето*** се однесува на различно доживување на постапките на родителите кои се наоѓаат во опсегот од неразбирање и преголеми барања, до занемарување и казнување. Притоа, занемарувањето се карактеризира со тоа што детето доживува дека родителите не се заинтересирани за него, дека не му посветуваат доволно време и внимание (особено за емоционалните потреби). Казнувањето пак се опишува со сите оние доживувања на безпричинско обвинување, несоодветно казнување за направените грешки или пак нерасположенија на родителите што детето ги доживува како грубост.

Врз основа на направената ајтем анализа и врз основа на факторската анализа за секоја субскала посебно, како и врз основа на крајниот резултат е добиена ***Скалата за квалитетот на семејната интеракција***, која се состои од 55 тврдења. 22 тврдења го опишуваат односот на детето со мајката, 22 тврдења го опишуваат односот на детето со таткото и 11 тврдња се однесуваат на општата атмосфера во семејството. Скалата се состои од пет субскали: Задоволство од сопственото семејство. Прифаќање од страна на мајката, Прифаќање од страна на таткото, Отфрлање од страна на мајката и Отфрлање од страна на таткото.

На скала од Ликертов тип со пет степени (од 0-воопшто не е точно до 5-да, потполно се согласувам), испитаникот се изјаснува колку секое од наведените тврдења се однесува на неговиот однос со мајката, таткото или со семејството како целина. Вкупниот резултат се утврдува за секоја скала посебно преку собирање на бодовите. Поголемиот резултат на субскала прифакање укажува на поголемо прифаќање, поголема меѓусебна блискост, доверба и разбирање меѓу детето и мајката/таткото. Поголемиот резултат на субскалата за отфрлање значи дека детето доживува повеќе забрани, грубости и занемарувања од страна на мајката/таткото. Субскалата на задоволство од семејството испитува како испитаникот се чувствува во своето семејство и какво е неговото задоволство со семејниот живот.

На Ликертова скала, учениците одредуваат во колкава мера го проценуваат однесувањето опишано во секое тврдење. Релијабилноста на скалата за општата атмосфера во семејството изнесува Cronbach=0,89. Скалата за интеракција со мајката/таткото покажува еднаква доследност во резултатите, односно, Cronbach alpha=0,90. Според овие показатели, инструментот ги задоволува метриските карактеристики за релијабилност.

**Прашалник за самопочитување**

Авторките на овој инструмент Vizek-Vidović и Kutorovec-Jagodić (1996), ја конструирале скалата според моделот на Rosenberg-овата скала за самопочитување.

Инструментот мери две димензии на самопочитувањето и се состои од 20 прашања. Делот од прашалникот за првата димензија ***Процена на сопствената вредност*** (*себедоживување*) - содржи 12 прашања на кои ученикот прави процена за сопствената вредност, односно што тој мисли и чувствува за себе. Операционално оваа варијабла е определан со скорото постигнат на тристепена скала каде одговорите се движат во распонот од се согласувам, делумно се согласувам и не се согласувам (Vizek-Vidović i Kuterovec-Jagodić,1996). Повисокиот скор на скалата укажува на повисока процена за сопствената вредност, односно повисоко *себедоживување*. Најнискиот скор што може да се добие е 12, а највисокиот е 36. Теорискиот среден скор изнесува 24.

Делот од прашалникот за втората димензија ***Процена на вредноста од страна на другите*** (*доживување од другите*) содржи 8 тврдења на кои ученикот прави процена за тоа како другите значајни лица (соучениците, наставниците и родителите) ја проценуваат неговата вредност. Операционално оваа варијабла е определана со скорот постигнат на тристепена скала каде одговорите се движат во распонот од добар, ниту добар ниту лош и лош. Повисокиот скор на скалата укажува на повисока процена за сопствената вредност базирана на оцената од другите, односно повисоко *доживување од другите*. Најнискиот скор што може да се добие е 8, а највисокиот е 24. Теорискиот среден скор изнесува 16.

## 2.3 ПОСТАПКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Истражувањето е спроведено групно во текот на месец декември 2010 година, а инструментите се потполнети анонимно од страна на учениците од шест паралелки на осмоодделенци од ОУ. «Душан Кораќ« во Бијело Поље, Црна Гора. Во истражувањето се применети три инструменти кои беа доброволно потполнети од 74 момчиња и 68 девојчиња.

Пред спроведувањето на истражувањето реализиран е разговор со психологот и директорот на училиштето, во текот на кој компетентните лица беа запознати со целта и содржината на истражувањето.

Истражувањето беше спроведено од авторот на овој труд за време на редовната настава на учениците и во отсуство на нивните предметни наставници, а во времетраење од еден наставен час.

Најнапред на испитаниците им беше објаснета целта на испитувањето, им беше укажано на анонимноста при испитувањето и дека резултатите од истото ќе бидат користени единствено за научни цели. По добиената согласност од учениците за учество во тестирањето, од нив беше побарано да дадат податоци за полот, возраста и одделението. За секој од инструментите беше дадено соодветното упатство, а индивидуално беа дадени и дополнителни објаснувања за начинот на нивното потполнување.

## 2.4 СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ

Истражувањето е спроведено со емпириска неекспериментална метода во која учениците го проценуваа доживеаното насилство од страна на други ученици и манифестираното насилство кои други ученици, интеракцијата во семејството и самопочитувањето.

Проблемот на истражување ќе биде проверен со квантитативна методологија, а статистичката обработка на податоците ќе биде направена со компјутерска обработка со примена на SPSS програмата и соодветните статистички постапки за пресметување на:

- Аритметичките средини и стандардните девијации
- Корелации –линеарна корелација
- Значајност на разлики на аритметичките средини, односно Mann-Whitney test.
- Регресивна анализа

## 3. РЕЗУЛТАТИ

Во овој дел од трудот ќе бидат прикажани резултатите кои се однесуваат на прашањата дефинирани во хипотезите и субхипотезите, поточно добиените резултати кои се однесуваат на поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција и со самопочитувањето кај учениците од основно училиште. Направена е статистичка обработка, пресметани се и графички се прикажани вредностите на параметрите кои се значајни за ова истражување.

Почетните очекувања беа дека корелациската анализа ќе покаже позитивна поврзаност меѓу варијаблите кои се предмет на истражување. Регресивната анализа овозможува да се испита природата на односот меѓу трите варијабли и врз основа на предикторските варијабли (општа атмосфера во семејството, прифаќање од страна на мајката/таткото, одбивање од страна на мајката/таткото, себедоживување, доживување на другите), да се оценат ефектите во критериумските варијабли (доживеано и манифестирано насилно однесување).

За појасно презентирање на резултатите и статистичка анализа на податоците добиени од истражувањето, релевантни за изведување заклучоци во врска со истражувачките хипотези, ќе бидат дадени табеларни прикази на добиените резултати.

Пред да одговориме на главните проблеми во ова истражување, ќе ги прикажеме наодите од дескриптивната статистика за сите варијабли што беа вклучени во спроведеното истражување: доживеаното насилно однесување, манифестираното насилно однесување, квалитетот на семејната интеракција (општа атмосфера во семејството, прифаќање од страна на мајката/таткото, одбивање од страна на мајката/таткото), проценката на самопочитувањето (себедоживување и доживување од другите). Резултатите за целиот примерок, во однос на наведените варијабли, се прикажани во Табела 1.

Табела 1:
**Дескриптивни вредности за насилството, квалитетот на семејната интеракција и самоопочитувањето (N=142)**

| | варијабли | M | SD | теориски скорови | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Min | Max | теориски среден скор | Min емпи-риски | Max емпи-риски |
| Насил-ство | доживеано | 13.27 | 4.04 | 10 | 50 | 30 | 10.00 | 30.00 |
| | манифестирано | 17.17 | 4.51 | 10 | 50 | 30 | 10.00 | 32.00 |
| Квалитет на семејна интеракција | општа атмосфера во семејството | 49.64 | 6.50 | 11 | 55 | 33 | 25.00 | 55.00 |
| | прифаќање-мајка | 43.80 | 6.22 | 10 | 50 | 30 | 19.00 | 50.00 |
| | отфрлање-мајка | 21.42 | 8.90 | 12 | 60 | 36 | 12.00 | 46.00 |
| | прифаќање-татко | 41.76 | 6.54 | 10 | 50 | 30 | 18.00 | 50.00 |
| | отфрлање-татко | 21.07 | 9.47 | 12 | 60 | 36 | 12.00 | 55.00 |
| Самопо-читување | себедоживување | 30.20 | 4.10 | 12 | 36 | 24 | 16.00 | 36.00 |
| | доживувањето од другите | 20.70 | 2.60 | 8 | 24 | 16 | 11.00 | 24.00 |

**А) Дескриптивни показатели кои се однесуваат на насилството**

Врз основа на просечните вредности кои се однесуваат на **насилството** се забележува дека просечната вредност за ***доживеаното насилно однесување*** изнесува M=13,27, (SD=4,04) и истата е помала од теориската средна вредност која изнесува 30, што наведува на заклучок дека испитаната група не била изложена на насилство (Табела 1). Тоа зборува дека испитаниците во ова испитување проценуваат дека во мала мера се изложени на доживување насилство од типот на зборување со навредливи зборови, потсмевање, исклучување од кругот на пријатели, удирање или извршување на други непријатни дејствија.

Се забележува дека просечната вредност за ***манифестираното насилно однесување*** изнесува M=17,17 (SD=4,51) и истата е помала од теориската средна вредност која изнесува 30, што наведува на заклучок дека испитаната група себе си се доживува дека не била предизвикувач на насилство (Табела 1). Тоа зборува дека испитаниците во истражувањето проценуваат дека во мала мера манифестираат насилство.

Ако се споредат просечните вредности за доживеаното (M=13,27) и манифестираното насилно однесување (M=17,17), се забележува дека испитаните осмоодделенци повеќе манифестираат а помалку доживуваат насилно однесување.

**Б) Дескриптивни показатели кои се однесуваат на квалитетот на семејната интеракција**

Дескриптивните статистички вредности за **квалитетот на семејната интеракција** (***општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката/таткото, одбивањето од страна на мајката/таткото***) се прикажани во Табела.1. Просечната вредност за општата атмосфера во семејството изнесува M=49,64 (SD=6,50) и истата е поголема од теориската средна вредност која изнесува 33. Врз основа на овој резултат може да се заклучи дека испитаниците во примерокот се задоволни од атмосферата во нивното семејство.

Врз основа на просечните вредности на испитуваните варијабли се забележува дека просечната вредност за ***прифаќањето од страна на мајката*** изнесува M=43,80 (SD=6,22) и истата е повисока од теориската средна вредност која изнесува 30 (Табела 1). Врз основа на просечните вредности на испитуваните варијабли се забележува дека просечната вредност за ***прифаќањето од страна на таткото*** изнесува M=41,76 (SD=6,54) и истата е повисока од теориската средна вредност која изнесува 30 (Табела 1). Ако се споредат просечните вредности за прифаќањето од страна на мајката (M=43,80) и прифаќањето од страна на таткото (M=41,76) се забележува дека мајката манифестира повисоко прифаќање од таткото.

Врз основа на просечните вредности на испитуваните варијабли се забележува дека просечната вредност за ***одбивањето од страна на мајката*** изнесува M=21,42 (SD=8,90) и истата е пониска од теориската средна вредност која изнесува 36 (Табела 1).

Ако се споредат просечните вредности на испитуваните варијабли се забележува дека просечната вредност за ***прифаќањето од страна на мајката*** (M=43,80) и ***одбивањето од страна на мајката***, (M=21,42), се забележува дека прифаќањето од страна на мајката е поголемо во однос на одбивањето. Значи, резултатите од ова истражување покажуваат дека прифаќањето од страна на мајката е фактор кој влијае на превенирање на насилство кај учениците.

Врз основа на просечните вредности на испитуваните варијабли се забележува дека просечната вредност за ***одбивањето од страна на таткото*** изнесува M=21,07 (SD=9,47), и истата е пониска од теориската средна вредност која изнесува 36 (Табела 1).

Врз основа на просечните вредности за одбивањето од страна на мајката/таткото евидентно е постоење на помало одбивање односно отсуство на неразбирање и преголеми барања, отсуство на занемарување и казнување, а поголемо присуство на прифаќање од страна на мајката/таткото кое упатува на поголема блискост, поддршка и разбирање. Ако се споредат просечните вредности за одбивањето од страна на мајката (M=21,42) со просечната вредност за одбивањето од страна на таткото (M= 21,07), се забележува дека во извесна мера одбивањето е нешто поголемо од страна на мајката.

Ако се споредат просечните вредности за ***прифаќањето од страна на таткото*** (M=41,76) и ***одбивањето од страна на таткото*** (M=21,07) евидентно е поголемо присуство на прифаќањето во споредба со одбивањето. Доживувањето за прифаќање има значајна улога во смисла на спречување на насилството меѓу учениците.

**В) Дескриптивни показатели кои се однесуваат на самопочитувањето**

Врз основа на просечните вредности кои се однесуваат на **самопочитувањето**- се забележува дека просечната вредност за ***себедоживувањето*** изнесува M=30,20 (SD=4,10) и истата е поголема од средната теориска вредност која изнесува 24 (Табела 1). Овој наод укажува дека испитаниците во ова истражување имаат високо ниво на самопочитување кое се темели врз основа на проценката за себедоживувањето.

Просечната вредност за варијаблата самопочитување- ***доживувањето на другите*** изнесува M=20,70 (SD=2,60) и истата е поголема од средната теориска вредност која изнесува 16 (Табела 1). Овој наод укажува дека постои високо ниво на самопочитување кога се зема предвид проценката за себе врз основа на доживувањето на проценката од другите.

## 3.1 ПОВРЗАНОСТ НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА

За утврдување на поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција користен е Пирсонов коефициент на корелација, на податоци кои претходно математички се трансформирани бидејќи не е задоволен условот за нормална дистрибуираност на сировите скорови (Табела 2).

**Табела 2:**
**Матрица на интеркорелации меѓу доживеаното и манифестираното насилство, квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето (N=142)**

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Доживеано насилство | 1,00 | | | | | | | | |
| 2.Манифестирано насилство | 0,518** | 1,00 | | | | | | | |
| 3.Општа атмосфера во семејството | -0,332** | -0,525** | 1,00 | | | | | | |
| 4.Мајка прифаќање | -0,327** | -0,512** | 0,541** | 1,00 | | | | | |
| 5. Мајка Одбивање | 0,420** | 0,563** | -0,629** | -0,692 | 1,00 | | | | |
| 6.Татко прифаќање | -0,351** | -0,360** | 0,521** | 0,435** | -0,492** | 1,00 | | | |
| 7.Татко одбивање | 0,527** | 0,527** | -0,568** | -0,490** | 0,748** | -0,664** | 1,00 | | |
| 8.Себедоживување | -0,448** | -0,396** | 0,514** | 0,322** | -0,500** | 0,493** | -0.581** | 1,00 | |
| 9. Доживување на другите | -0,485** | -0,497** | 0,400** | 0,418** | -0,465** | 0,454** | -0,463** | 0,538** | 1,00 |

** **значајност на корелација на ниво 0,01**

**Критична вредност за p (0,05) 0,159**
**Критична вредност за p (0,01) 0,208**

Меѓу **доживеаното и манифестираното насилно однесување** постои статистички значајна позитивна поврзаност (r=0,518, p<0,01), (Табела 2). Гледаме дека доколку учениците доживеале насилство, тие се исто така подготвени такви форми на однесување да изразат кон своите другари од училиштето и обратно.

**Квалитетот на семејната интеракција** беше испитуван врз основа на неколку субскали, а резултатите од интеркорелациите се соопштени во Табела 2. Евидентно е дека манифестираното насилно однесување статистички значајно негативно корелира со општата атмосфера во семејството (r= -0,525, p<0,01). Поставената хипотеза се потврдува, односно постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција кај учениците од основно училиште.

Доживеаното насилно однесување на учениците е помало кај учениците со поквалитетна семејна интеракција (r= -0,332, <0,01). Исто така и манифестираното насилно однесување на учениците се намалува кај учениците со поквалитетна семејна интеракција (r=-0.525, p< 0,01).

Од истата табела се забележува дека *доживеаното насилно однесување* негативно корелира со прифаќањето од страна на мајката ($r= -0,327$, $p<0,01$). Иста насока во поврзаноста е утврдена и меѓу *манифестираното насилно однесување* и прифаќањето од страна на мајката ($r = -0,512$, $p<0,01$) и прифаќањето од страна на таткото ($r = -0,360$, $p<0,01$). Поставената хипотеза се потврдува, односно манифестираното насилно однесување е помало доколку прифаќањето од страна на мајката и таткото е поголемо. Добиените статистички наоди ја потврдуваат поставената хипотеза дека **постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција кај учениците од осмо одделение.**

Насилните момчиња се одликуваат со агресивно однесување, анксиозност и несигурност. Во нашето истражување добивме резултати кои покажуваат дека доколку прифаќањето од страна на мајката и таткото е поголемо тогаш и доживеаното и манифестираното насилно однесување е помало. Значи, воспитниот стил на родителите кој се карактеризира со прифаќање на децата од страна на мајката и таткото, ги штити децата и да доживуваат и да манифестираат насилство, односно ги штити децата да бидат жртви и да бидат извршители на насилство. Поради емотивната приврзаност на родителите и децата, здравата семејна атмосфера најдобро поттикнува да се развиваат позитивни чувства како што се задоволство, чувство на сигурност, приврзаност, љубов, пријателство, друштвеност, а тоа е основа и претпоставка за моралниот развој, односно за вредностите.

**Истражувањето утврди значајна позитивна поврзаност меѓу манифестираното насилно однесување и одбивањето од страна на мајката ($r= 0, 563$, $p<0,01$) како и одбивањето од страна на таткото ($r = 0, 527$, $p<0,01$),** (Табела 2).

Доживеаното насилно однесување на учениците е поголемо кога одбивањето од страна на таткото ($r=0,527$, $p<0,01$) и мајката ($r= 0,420$, $p< 0,01$), е поголемо.

Манифестираното насилно однесување на учениците е поголемо кога одбивањето од страна на таткото ($r=0,527$, $p< 0,01$), и мајката ($r=0,563$, $p<0,01$) е поголемо.

Врз основа на резултатите можеме да заклучиме дека **постои поврзаност меѓу доживеаното и манифестираното насилно однесување со одбивањето од страна на мајката и таткото.**

## 3.2 ПОВРЗАНОСТ НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО САМОПОЧИТУВАЊЕТО

Варијаблите кои се однесуваат на самопочитувањето статистички значајно негативно корелираат со доживеанoто насилно однесување. Себедоживувањето негативно корелира со доживеаното насилно (r= -0,448, p<0,01). (Табела 2). Исто така и доживувањето од другите статистички значајно негативно корелира со доживеаното насилно однесување (r= -0,485, p<0,01), (Табела 2). Доживеаното и манифестираното насилно однесување статистички значајно корелират (r=0,518, p<0,01). Манифестираното насилно однесување негативно корелира со самопочитувањето, и тоа со себедоживувањето (r= -0,396, p<0,01), а со доживувањето од другите (r= -0,497, p<0,01), (Табела 2).

Врз основа на резултатите добиени во нашето истражување (Табела 2) можеме да заклучиме дека **постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со самопочитувањето на учениците од основно училиште.** Доколку самопочитувањето на учениците е поголемо тие ќе бидат поспособни да го препознаат насилното однесување и во помала мера ќе бидат насилни кон другите ученици (r =-0,396, p<0,01) (Табела 2).

Во нашето истражување се покажа дека доживеаното насилно однесување на учениците е помало кај оние ученици кај кои себедоживувањето е поголемо (r = -0,448, p< 0,01), (Табела 2). Исто така, се потврди дека доживеаното насилно однесување кај учениците е помало ако доживувањето од другите е поголемо (r = -0,485, p< 0,01).

Добиените резултати потврдуваат дека манифестираното насилно однесување на учениците е помало доколку себедоживувањето е со поголема вредност (r = -0,396, p < 0,01), но и дека манифестираното насилно однесување на учениците е помало кај учениците со повисоко доживување од другите (r = -0,497, p < 0,01) (Табела 2).

Покрај утврдените корелации со кои одговоривме на приот дел од проблемот на трудот, важно е да се нагласи дека се утврдени и статистички значајни корелации меѓу другите варијабли вклучени во истражувањето. ***Општата атмосфера во семејството*** позитивно корелира со прифаќањето од страна на мајката (r = 0,541, p<0,01) и таткото (r= 0,521, p<0,01) (Табела 2), и со варијаблите кои се однесуваат на самопочитувањето (себедоживување, доживување од другите). ***Прифаќањето од страна на мајката и таткото*** придонесува за позитивната атмосфера, односно за квалитетна интеракција во семејството.

Од друга страна, утврдена е негативна поврзаност меѓу општата атмосфера во семејството и ***одбивањето од страна на мајката*** (r = -0,629, p <0,01) како и со ***одбивањето од страна на таткото*** (r= -0,568, p < 0,01) (Табела 2). За општата атмосфера во семејството важно е односите меѓу децата и родителите да бидат топли, емотивни. Со тоа се придонесува и за поголемо прифаќање од страна на родителите, а општата атмосфера се проценува како поадекватна.

Резултатите од истражувањето покажуваат дека постои статистички значајна негативна поврзаност на прифаќањето од страна на мајката (r = -0,692, p<0,01) и таткото (r= -0,664, p<0,01) (Табела 2), со одбивањето од страна на мајката и таткото.

Варијаблите кои се однесуваат на **самопочитувањето** (себедоживување и доживување од другите) статистички значајно позитивно корелираат со прифаќањето од страна на мајката (r = 0,322, p<0,01, r = 0,418, p<0,01) и таткото (r = 0,493, p < 0,01, r = 0,454, p<0,01) (Табела 2). Општата атмосфера во семејството е во негативна корелација со одбивањето од страна на мајката (r = -0, 629, p <0,01) и таткото (r = -0,568, p <0,01), (Табела 2). Овој наод е и очекуван бидејќи ставот на одбивање без оглед дали е присутен кај мајката или таткото, не може да придонесе за позитивната атмосфера во семејството.

Утврдена е статистички значајна позитивна поврзаност меѓу себедоживувањето и доживувањето од другите (r = 0,493, p<0,01) и со прифаќањето од страна на таткото (r = 0,454, p<0,01) (Табела 2).

## 3.3 РЕЗУЛТАТИ ОД РЕГРЕСИВНАТА АНАЛИЗА

Целта на примената на регресивната анализа во ова истражување е со вклучување на сите предиктори, да се оценат ефектите на одделни предикторски варијабли во дефинирањето на критериумските резултати. Утврдувањето на интеркорелациите меѓу предикторите е еден од условите за спроведување на регресивната анализа. Во нашето истражување е утврдено дека интеркорелациите на предикторските варијабли го оправдуваат вклучувањето на сите предиктори во понатамошната регресивна анализа, бидејќи можат да се сметаат за умерени.

Корелациите меѓу предикторските и критериумските варијабли, исто така ја оправдуваат примената на регресивната анализа, бидејќи истите се статистички значајни.

За да ја спроведеме регресивната анализа потребно е да се провери нормалноста на дистрибуцијата на сите испитувани варијабли. Резултатите за доживеаното насилно однесување, манифестираното насилно однесување, општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката/таткото, одбивањето од страна на мајката/таткото, себедоживување и доживување од другите се дистрибуирани асиметрично. За да се задоволи предусловот за примена на регресивна анализа, односно-нормалност на дистрибуциите, за наведените варијабли направени се математички трансформации, а потоа е спроведена комплетна регресивна анализа.

**Резултати за поврзаноста на доживеаното насилно однесување со општата атмосфера во семејството и самопочитувањето**

Во согласност со претходно наведените постапки, во Табела 8 се прикажани вредностите во регресивниот модел во кој предикторски варијабли се општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката/таткото, одбивањето од страна на мајката/таткото, себедоживувањето и доживувањето од другите, а доживеаното насилно однесување е критериумска варијабла. Симултаното вклучување на сите предиктори во еден блок може да даде одговор за врската меѓу предикторските и критериумските варијабли, а тоа бара користење на комплетна регресивна анализа.

**Табела 3:**
**Резултати за поврзаноста на доживеаното насилно однесување, со општата атмосфера во семејството и со самопочитувањето (мултиплата регресивна равенка)**

| Модел | Доживеано насилно однесување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $R$ | $R^2$ | $R^2_{cor}$ | $F$ | df1 | df2 | p |
| 1 | 0,605[a] | 0,366 | 0,333 | 11,039 | 7 | 134 | 0,000[a] |

a) Предикторски варијабли – општа атмосфера во семејството, прифаќање од мајката, одбивање од мајката, прифаќање од таткото, одбивање од таткото, самопочитување, самопочитување од страна на другите
b) Критериумска варијабла – доживеано насилно однесување

Во Табела 3. на левата страна се наоѓаат вредностите за пресметаните мултипли статистици (R), коефициентот на детерминација ($R^2$), прилагодено $R^2$ и вредноста на стандардната грешка. Врз основа на претходно изработената мултипла регресивна анализа добиен е моделот 1, во кој предиктор варијабли се општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката/таткото, одбивањето од страна на мајката/таткото, себедоживувањето и доживувањето од другите. Предикторските варијабли го објаснуваат доживеаното насилно однесување, а процентот на заедничката варијанса на критериумот и предикторите изнесува 36% .

**Табела 4:**
**Регресивни коефициенти за квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето (доживувањето од другите) со доживеаното насилно однесување**

| модел | | Доживеано насилно однесување | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | B | SD | β | t | p |
| 1 | константа | .760 | .002 | | | |
| | одбивање од таткото | .106 | .031 | .430 | 3.430 | .001 |
| | доживување од другите | -.004 | .001 | -.283 | -3.240 | .002 |

Критериумска варијабла: доживеано насилно однесување

Во објаснување на критериумската варијабла (доживеано насилно однесување) придонес имаат варијаблите: одбивање од страна на таткото и предикторската варијабла самопочитување-други, што е потврдено со значајноста на Beta коефициентот (Табела 4). Врз основа на податоците од регресивниот модел, можеме да ги дефинираме регресивните равенки со кои може да се предвиди вредноста на доживеаното насилно однесување како критериумска варијабла имајќи ги предвид вредностите за одбивање од страна на таткото и доживувањето од другите.

**Доживеано насилно однесување = .760 + .106 x одбивање од страна на таткото**

**Доживеано насилно однесување = .760 + (-.004) x доживувањето од другите**

Општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката, одбивањето од страна на мајката, прифаќањето од страна на таткото и себедоживувањето, се исклучени како предикторски варијабли од регресивната анализа бидејќи статистички не придонесуваат значајно за објаснување на критериумската варијабла. Статистиците за исклучените варијабли се прикажани во Табела 5.

**Табела 5:**
**Коефициенти за варијаблите кои се исклучени од регресивната равенка [b]**

| Модел | | Beta in | T | p | r |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | општа атмосфера во семејството | .024 | .249 | 0,804 | -.332** |
| | прифаќање од мајката | -.069 | -.688 | 0,493 | -.327** |
| | одбивање од мајката | -.078 | -.596 | 0,552 | .420** |
| | прифаќање од таткото | .104 | 1.052 | 0,295 | -.351** |
| | себедоживување | -.125 | -1.326 | 0,187 | -.448** |

a) предикторски варијабли – општа атмосфера во семејството, прифаќање од мајката, одбивање од мајката, прифаќање од таткото, себедоживување

b) критериумска варијабла – доживеано насилно однесување

**Табела 6:**
**Резултати за поврзаноста на манифестираното насилно однесување со општата атмосфера во семејство и со самопочитувањето (мултиплата регресивна равенка)**

| 1 | R | $R^2$ | $R^2_{cor}$ | F | df1 | df2 | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | .670[a] | .449 | .420 | 15.599 | 7 | 134 | 0,000[a] |

a) предикторски варијабли - општа атмосфера во семејството, прифаќање од мајката, одбивање од мајката, себедоживување и доживување од другите
b) критериумска варијабла – манифестирано насилно однесување

Врз основа на резултатите од регресивната анализа (Табела 6) гледаме дека предикторските варијабли објаснуваат 44% од варијансата на критериумската варијабла (манифестно насилно однесување).

**Табела 7:**
**Статистици за предикторските варијабли**

| модел | | нестандардизирани коефициенти | | стандардизирани коефициенти | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | B | SE | ß | t | p |
| 1 | **Константа** | 2.520 | .286 | | | |
| | **Доживување од другите** | -.008 | .003 | -.263 | -3.235 | .002 |

Критериумска варијабла: – манифестирано насилно однесување

Врз основа на добиените податоци е изведена регресивната равенка, со која преку вредностите на предиктор варијаблите може да се предвиди вредноста на манифестираното насилно однесување како критериумска варијабла.

**Манифестно насилно однесување = 2.520 + (-.008) x Доживување од другите**

За критериумскиот резултат-манифестно насилно однесување најмногу придонесува доживувањето од другите, односно процената на самопочитувањето со оглед

на мислењето и вреднувањето на значајните други во средината во која се наоѓа адолесцентот (ß=- 0.263, p= .002, Табела 7).

Во Табела 8 се прикажани предиктор варијаблите кои се исклучени од регресивната анализа (општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката, одбивањето од страна на мајката, прифаќањето од страна на таткото, одбивањето од страна на таткото и себедоживувањето, бидејќи не придонесуваат значајно за објаснување на критериумската варијабла.

**Табела 8:**
**Коефициенти за варијаблите кои се исклучени од регресивната анализа[b]**

| Модел | | Beta in | t | P | r |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | општа атмосфера во семејството | -0.223 | -2.470 | 0, 15 | -.525** |
| | прифаќање од страна на мајката | -0.177 | -1.888 | 0,061 | -.512** |
| | одбивање од страна на мајката | 0.081 | .666 | 0,506 | .563** |
| | прифаќање од страна на таткото | 0.136 | 1.481 | 0,141 | -.360** |
| | одбивање од страна на таткото | 0.237 | 2.031 | 0,044 | .527** |
| | себедоживување | 0.029 | .324 | 0,746 | -.396** |

a) предиктор варијабли-општа атмосфера во семејството, прифаќање од страна на мајката, одбивање од страна на мајката, себедоживување
b) критериумска варијабла – манифестирано насилно однесување

За критериумскиот резултат- манифестирано насилно однесување, најмногу придонесува доживувањето од другите односно, процената на самопочитувањето со оглед на мислењето и вреднувањето направено од страна на други значајни личности во средината во која се наоѓа адолесцентот.

Врз основа на претходните податоци можеме да заклучиме дека придонесот на предикторските варијабли (прифаќање од страна на мајката, одбивање од страна на мајката, прифаќање од страна на таткото, одбивање од страна на таткото, себедоживување е статистички значаен, на што укажуваат добиените вредности за Beta пондерите. Овие предиктори немаат удел во предикцијата на манифестното насилно однесување на помладите адолесценти (Табела 8).

## 3.4 РАЗЛИКИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ ВО ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛСТВО

Добиените резултати прикажани во Табела 9 укажуваат на постоење разлики меѓу момчињата и девојчињата во манифестираното насилно однесување (Mann-Whitney z=-2,53, p<0,05). Момчињата наспроти девојчињата покажуваат поголема подготвеност за насилно однесување кон другите ученици, за применување на погрдни имиња или за исклучување на други ученици од својот круг на пријатели. Вака утврдената разлика може да се должи на процесот на социјализација низ кој на различен начин поминуваат момчињата и девојчињата во нашето општество.

За жал агресивното однесување на момчињата често се поткрепува, додека истото однесување кај девојчињата остро се критикува, се толкува како несоодветно и се потиснува. Помалата можност да одговораат за своето агресивно однесување може да влијае на зголемувањето на агресивноста кај момчињата (Mann-Whitney z=-2,53, p<0,05).

**Табела 9:**
**Разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување**

| насилство | M | | Сума од рангови | | Mann-Whitney | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | машки | женски | Z | |
| **Манифестирано насилство** | 79.84 | 62.42 | 5908.50 | 4244.50 | -2.53 | 0.01 |
| **Доживеано насилство** | 75.84 | 66.77 | 5612.50 | 4540.50 | -1.33 | 0.18 |

Помошната хипотеза која тврдеше дека **постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилство,** се прифаќа само во однос на манифестираното насилство.

## 3.5 РАЗЛИКИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ ВО ОДНОС НА КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА

Резултатите покажуваат дека помошната хипотеза 2 која тврдеше дека не постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на квалитетот на семејната интеракција (општа атмосфера во семејството, прифаќање од страна на мајката/таткото и одбивање од страна на мајката/таткото), делумно се прифаќа.

Имено, резултатите (Табела. 10) покажуваат дека постои разлика меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на квалитетот на семејната интеракција (прифаќање од страна на мајката/таткото и одбивање од страна на мајката/таткото) и дека не постои разлика во однос на општата атмосфера.

**Табела 10: Разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на квалитетот на семејната интеракција**

| Квалитет на семејна интеракција | M | | Сума рангови | | Mann-Whitney Z | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | машки | женски | | |
| општа атмосфера во семејството | 69.50 | 73.68 | 5143.00 | 5010.00 | -0.608 | 0,54 |
| прифаќање-мајка | 64.18 | 79.44 | 4749.50 | 5403.50 | -2,02 | 0,02 |
| прифаќање-татко | 78.72 | 63.64 | 5852.50 | 4327.50 | -2,18 | 0,03 |
| одбивање-мајка | 78.70 | 63.66 | 5824.00 | 4329.00 | -2,18 | 0,03 |
| одбивање-татко | 78.76 | 63.60 | 5828.50 | 4324.50 | -2,20 | 0,03 |

Утврдени се разлики меѓу момчињата и девојчињата во прифаќањето од страна на мајката (Mann-Whitney $z = -2,02$, $p<0,02$) и прифаќањето од страна на таткото (Mann-Whitney $z = -2,18$, $p<0,03$) (Табела 10).

Што се однесува до прифаќањето од страна на мајката, девојчињата во поголема мера ја проценуваат важноста на воспоставувањето на топол и емотивен однос со мајката.

Од друга страна, момчињата во споредба со девојчињата во поголема мера ја проценуваат важноста на прифаќањето од страна на таткото. На момчињата, таткото им претставува значајна личност во процесот на развој, тоа е личност со која тие се идентификуваат и според која го моделираат своето однесување.

Во табела 10 гледаме дека постојат разлики и кога е во прашање отфрлањето од страна на мајката (Mann-Whitney z = -2,18, p<0,03) и разлики кога е во прашање отфрлањето од страна на таткото (Mann-Whetney z= -2,20, p<0,03). Разликата во доживувањето на отфрлањето од страна на мајката и таткото е во корист на момчињата.

## 3.6 РАЗЛИКИ МЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ ОД МАШКИ И ЖЕНСКИ ПОЛ ВО ДОЖИВУВАЊЕТО НА ДИМЕНЗИЈАТА САМОПОЧИТУВАЊЕ

Субхипотезата која тврдеше дека **не постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на самопочитувањето (себедоживување и доживување од другите)**, делумно се потврди.

Резултатите прикажани во Табела 11 покажуваат дека постои статистички значајна разлика меѓу момчињата и девојчињата во доживувањето од другите (p<0,03). Девојчињата за разлика од момчињата на оваа димензија постигнуваат повисоки резултати.

**Табела 11:**
**Разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на себедоживувањето и доживувањето од другите кај момчињата и девојчињата**

| самопочитување | M | | Сума рангови | | Mann-Whitney Z | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | машки | женски | машки | женски | | |
| **Себедоживување** | 65,47 | 78,07 | 4844,50 | 5308,50 | -1,83 | 0,06 |
| **Доживување од други** | 64,57 | 79,04 | 4778,00 | 5375,00 | -2,11 | 0,03 |

Традиционално девојчињата се социјализираат да бидат послушни, зависни од другите и да се прилагодуваат на барањата од средината, додека момчињата се социјализираат да бидат самостојни и активни членови на општеството. Меѓу момчињата

и девојчињата постојат статистички значајни разлики кога е во прашање себедоживувањето и доживувањето од другите (Табела 11).

Неможноста да се докажат полови разлики на скалата на самопочитување кај младите адолесценти може да биде како последица од мерниот инструмент кој е применет во истражувањето бидејќи применетата скала на самопочитување ја мери глобалната вредносна ориентација кон себе, а не некои специфични аспекти на сфаќањето за себе.

## 4. ДИСКУСИЈА

Ова истражување е спроведено со цел да се испита поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција и со самопочитувањето кај учениците во основно училиште. Многу долго на повремените тепачки и конфликти се гледало како на составен дел на растењето и училишната атмосфера, односно се сметало дека тоа е составен дел на училишниот живот. Меѓутоа, се поголемата бруталност, несразмерност во тепачките каде група напаѓа поединец, како и бесмислените поводи за пресметување укажуваат на тоа дека насилството и културата на насилство претставуваат сериозен општествен проблем.

Во последните години многу истражувања покажуваат дека учениците во училиштето трпат одредени видови на насилно однесување од страна на своите врсници. Оттаму произлегува потребата да се надминат таквите обрасци на однесување, да ги научиме учениците да се адаптираат на промени, да бидат флексибилни, адаптибилни и да воспостават механизми на внатрешна контрола, да имаат увид во сопствените постапки, да прифатат одговорност и да манифестираат прифатливи обрасци на однесување.

Насилното однесување на учениците во последните неколку години доби некои нови карактеристики, бидејќи тоа не е изолирано од разни кризи и случувања во општеството, а со самото тоа не го заобиколува ниту училиштето. Зошто децата извршуваат насилство? Мотивите можат да бидат различни. Некои деца, особено оние на помлада возраст, немаат адекватен увид во сопственото однесување. Така, за нив нема одредена тежина реченицата која подразбира потсмевање на друго дете поради физички или други недостатоци. Постарите браќа или сестри, возрасните луѓе на кои им се воодушевуваат или едноставно ликовите од акционите филмови би можеле да бидат модели за имитација и креаирање на сопствениот имиџ. Комуникацијата со врсниците претставува вештина која се учи, па можно е децата да не ја усвојат на соодветен начин.

Во тој случај единствен научен модел на комуникација може да биде *кој тебе со камен, ти него со два*. Децата кои поминуваат низ тежок период во животот, губење или развод на родителите, преселба или нешто слично, можат своето незадоволство да го покажат преку агресија над другите деца. Насилство ќе извршува дете кое и самото е жртва на семејно насилство или доколку во семејството се толерира ваков вид на однесување. Родителите кои се без емпатија и топлина, или премногу се попустливи и не поставуваат граници во однесувањето, се одговорни за насилното однесување на децата.

Исто така, стереотипниот начин на мислење, системот на вредности и менталитетот влијаат на развојот на личноста на секој од нас, дури и негативно.

Учениците кои се жртви на насилство од страна на други ученици, се чувствуваат осамено во училиштата и немаат вистински пријатели. Семејството не е единствениот контекст во кој детето се развива. Во текот на растењето постојат други важни настани и извори за поддршка, а едни од најзначајните, особено во перидот на адолесценција, се врсниците.

Според резултатите од некои истражувања помалата социјална поддршка од страна на врсниците придонесува за пониско самопочитување на врсниците. Значи, многу е важно адолесцентите да чувствуваат дека на располагање имаат пријатели на кои можат да сметаат, кои им ставаат на знаење дека се ценети, сакани и вредни.

Социјалната поддршка влијае на психичкото здравје, таа ја штити личноста од негативните ефекти од стресот и овозможува успешно соочување (според Klarin, 2004). За повеќето млади пријателите и врсниците се важен извор на социјална поддршка (според Klarin, 2004). Дружењето со врсниците овозможува чувство на пријатност, помага во решавањето на проблеми, охрабрува. Значењето на врсниците и задоволството од престојот во групата на врсници претставува извор за задоволување на бројни емоционални и социјални потреби, а перцепцијата на социјалната поддршка условува позитивни развојни исходи.

Тргнувајќи од потребата во училиштето да се развива и да се негува позитивна атмосфера, училиштето да претставува сигурно и поттикнувачко место за секое дете, го спроведовме ова истражување со цел да утврдиме во колкава мера е поврзано доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција и со самопочитувањето кај учениците од осмо одделение.

Во продолжение ќе бидат дикусутирани резултатите кои се однесуваат на основната хипотеза и субхипотезите кои зборуваат за поврзаноста на истражуваните варијабли во овој труд.

## 4.1 ДИСКУСИЈА ЗА ПОВРЗАНОСТ НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕЈНАТА ИНТЕРАКЦИЈА

Субхипотезата *која тврдеше дека постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција*, се потврди. Поврзаноста ја утврдивме врз основа на општата атмосфера во семејството,

прифаќањето од страна на мајката/таткото, како и отфрлањето од страна на мајката/таткото. Како што нагласивме во теорискиот дел од трудот, семејството влијае на развојот на насилното однесување бидејќи семејството претставува примарен извор за стекнување на детските искуства. Предмет на истражување на многу автори била интеракцијата на родителите со детето и неговите особини и начинот на однесување во животната, а особено во училишната средина. Влијанија на семејството се значајни за ефикасна комуникација на детето со средината и училиштето (Bandura,1979).

Помошните хипотези се потврдија. Резултатите покажаа дека доживеаното и манифистираното насилно однесување на учениците е помало кај учениците со поквалитетна семејна интеракција. И во нашето истражување се покажа дека постои поврзаност на доживеаното насилно однесување со ***општата атмосфера во семејството*** (r=-0.332). Доколку учениците полошо се чувствуваат во сопственото семејство, тоа ќе доведе до помала сигурност во себе, пасивност и подготвеност да се трпи насилство од страна на другите. Од друга страна, доколку општата атмосфера во семејството е попозитивна и учениците ќе бидат повеќе подготвени да им се спротивставaт на оние кои би вршеле насилство над нив и помалку ќе манифестираат насилно однесување.

Квалитетните односи на родителите и нивните деца придонесуваат за прифаќање на детето, квалитетна комуникација и квалитетно поминато време заедно а како резултат на таквите односи е квалитетната семејна средина, која во исто време е и резултат и продукт од однесувањето на членовите на семејната заедница и од квалитетот на нивните меѓусебни односи. Ако децата се задоволни од семејната клима и од своите родители, ќе развијат чувство на задоволство, сигурност, доверба, топлина, а сето тоа ќе влијае ученикот помалку да манифестира насилно однесување кон другите ученици, и ќе најде адекватен начин да се спротивстави на насилството од другите ученици.

Резултатите од нашето истражување укажуваат дека доживеаното и манифестираното насилно однесување на учениците епомало кога прифаќањето од страна на таткото и мајката е поголемо. Прифаќањето од страна на мајката е во негативна корелација со доживеаното ($r = -0,327$, $p<0,01$) и манифестираното насилно однесување ($r = -0.512$). Ваквите резултати добиени во нашето истражување, би можеле да се протолкуваат на следниов начин: доколку степенот на проценетото прифаќање од страна на мајката е поголем, појавата на манифестираното и на доживеаното насилно однесување е помал. Значи, прифаќањето од мајката ги штити децата од искуствата на насилство како од типот на доживеано така и од типот на манифестирано насилство.

Ставот на прифаќање од страна на мајката би требало да биде дел од позитивната атмосфера, што се покажа и во нашето истражување, бидејќи постои позитивна корелација меѓу прифаќањето од страна на мајката и општата атмосфера во семејството (r = 0,541). Позитивната корелација меѓу ставот на прифаќање од таткото и општата атмосфера во семејството (r = 0,521), е очекувана бидејќи прифаќањето на таткото и прифаќањето на мајката е во согласност со позитивната семејна клима. Резултатите добиени во нашето истражување покажуваат дека децата на кои родителите им покажуваат љубов, поддршка и разбирање во помала мера ќе манифестираат насилство и во помала мера ќе бидат жртви од насилното однесување на другите ученици. Прифаќањето од страна на родителит вклучува давање поддршка, покажување топлина и позитивни емоции во односите со детето.

Претпоставивме дека доживеаното насилно однесување на учениците е поголемо кога одбивањето од страна на таткото и мајката е поголемо. Манифестираното насилно однесување на учениците е поголемо кога одбивањето од страна на таткото и мајката е поголемо и прифаќањето од страна на мајката негативно корелира со доживеаното насилно однесување (r = -0,327). Прифаќањето од страна на таткото статистички значајно негативно корелира со доживеаното насилно однесување (r = -0,351). Прифаќањето од страна на мајката и таткото се однесува на емоциите кои родителот ги доживува и ги покажува во односот кон детето, му посветува внимание и грижа, пријателски е расположен, трпелив во разговорите, итн. Доколку постојат овие видови на однесувања, во односот меѓу детето и родителите, сигурно ќе ја намалат појавата на насилно однесување. Нивното отсуство пак ќе влијае децата своето незадоволство да го изразат преку агресивно однесување или повлекување, а со самото тоа и да станат жртви на насилство.

Одбивањето од страна на мајката е ризик фактор како за доживеаното (r = 0,420) така и за појава на манифестираното насилно однесување (r = 0,496) е како се покажа и во нашето истражување.

Општата атмосфера во семејството негативно корелира со одбивањето од страна на мајката (r = -0, 629), што претставува и очекувана процена во смисла дека ниту еден став на одбивање од страна на родителите не може да биде во склад со позитивната атмосфера во семејството.

Одбивањето од страна на мајката (r = 0,420) и таткото (r = 0,527) значајно позитивно корелира со доживеаното насилно однесување. Позитивната корелација меѓу ставот на одбивање од страна на таткото со доживеаното и манифестираното насилно

однесување, зборува во прилог на познатиот факт дека доколку проценетиот однос е ваков постојат големи шанси во таквиот однос да се развие појава на насилно однесување во двата вида (доживеано и манифестирано).

Отфрленоста од страна на мајката и од страна на таткото значајно позитивно корелира со доживеаното насилно однесување. Важен е емоционалниот однос на родителите, особено на помала возраст, бидејќи недостатокот на топлина и внимание, ја зголемува опасноста од подоцнежното насилно однесување.Многу е важно и тоа колку родителите се попустливи кон детето и колку му дозволуваат да се однесува насилно, како и кога го зголемуваат насилството кон детето применувајќи физички казни и изливи на насилство, а таквото однесување е поткрепено со сфаќањето дека „силата раѓа сила„. Малата љубов и отсуството на внимание во перидот на детсвото, а многу големата слобода, претставуваат услови кои во голема мера придонесуваат за развивање на агресивните обрасци на однесување.

Љубовта и вниманието на родителите, јасно поставените граници во однесувањето (кое е дозволено а кое не е), избегнувањето на физичките казни при воситувањето на детето, создаваат дете кое е самостојно (Olweus, 1998). Ваквото однесување на родителите кон децата подеднакво е важно и за момчињата и за девојчињата, како за помладите така и за постарите деца. Со созревањето на децата, значајно е родителите да се обидат да го надгледуваат однесувањето на детето надвор од училиште и да бидат во тек со тоа кои се неговите пријатели (Patterson, 1982, според Olweus, 1989). Ова е особено значајно бидејќи поголемиот број на непожелни активности, меѓу кои и насилното однесување и антисоцијалното или криминалното однесување, се случуваат особено кога родителите не знаат што прави нивното дете или кога не се интересираат за него. Родителите треба да настојуваат да му помогнат на своето дете да стекне поголема самостојност, поголема самодоверба и способност да се потврди меѓу врсниците.

Vulić - Prtorić (2002) утврдила дека сите аспекти на интернализираните (депресивност, анксиозност, соматизирање) и екстернализираните проблеми (агресивност) најмногу се поврзани со перцепцијата на отфрлање од страна на мајката и таткото. Ваквите резултати ги потврдивме и во нашето истражување.

Врз основа на досегашните истражувања може да се каже дека проучувањата на семејството како фактор на социјализација ставаат акцент на интеракцијата мајка-дете, иако не можеме да го прифатиме фактот дека таткото е помалку значаен или е незначаен фактор за социјализацијата. Оттаму, интеракцијата на детето со семејството се објаснува

со детското доживување на прифатеноста од страна на мајката и таткото, одбивањето од мајката и таткото, како и доживувањето задоволство во семејството (Hartup, 1979).

Истражувачите со различни теориски ориентации забележале голем број карактеристики на семејствата, односно децата, кои манифестираат насилно однесување. Голем број од нив се однесуваат на дисфункција во психичкото функционирање или на несоодветните стратегии на родителите. Кај родителите злоставувачи често се сретнуваат ниската самопроцена, слабата контрола на импулсите, агресивноста, анксиозноста. Дополнителните фактори на ризик произлегуваат од недоволните или неточните знаења за детскиот развој, несоодветните очекувања од детето и негативното доживување на родителството.

Современите психолошки истражувања укажуваат дека за здрав и усогласен интелектуален, емоционален и морален развој на личноста неопходно е потполно и стабилно семејство во кое постои љубов и грижа за децата. Незаменлива е улогата на семејството во развојот на неговите членови и во воспитувањето на децата. Детето го стекнува семејството со раѓањето и тоа е нешто на што не може да влијае. Семејството на човекот му останува во текот на целиот живот, а неговото влијание за развојот на личноста е позначајно од влијанието на било која општествена група (Trebješanin,2004). Семејството на детето му обезбедува емоционална поддршка, чувство на припадност, поддршка во разни ситуации и безусловна доверба.

Емоционалните односи и целокупната семејна атмосфера се дел од воспитното дејствување и нив семејството ги остварува директно и инидректно. Ако постапките на родителите и нивните вопситни настојувања не се во согласност со возрасните можности на детето тие може да имаат дејство на кумулативна траума за детето. Покрај ставовите на родителите, на однесувањето на детето влијаат и други фактори: брачната состојба на родителите, конфликтите во семејството, стамбено-материјалните услови, бројот на членови во семејството и бројот на деца во семејството. Бројот на стресори-развод на родителите, алкохолизам на родителите, хронични болести на членови од семејството, во одредени периоди од животот можат да доведат до зголемена агресивност на детето (Olweus 1998).

Доколку родителите, како најзначајни други лица го отфрлаат детето тоа станува склоно себе си да се смета за лице кое не е достојно за туѓа љубов а тоа води до негативно самовреднување. Во зависност од степенот и фреквенцијата на отфрлања, отфрлените деца се стремат кон тоа да станат зависни или одбранбено независни.

Поради незадоволената потреба за топлина и нежност, децата ги зголемуваат своите напори во стекнувањето љубов и внимание до таа мера што стануваат зависни од другите. Одбранбено независниот став е резултат од изразито отфрлање од страна на родителите. На таквите деца им недостасуваат модели според кои ќе го обликуваат своето однесување, па поради тоа тешко возвраќаат и ги прифаќаат чувствата дури и во оние ситуации кога имаат потреба од тоа. За да се заштитат од емоционални повреди, отфрлените деца се склони да се дистанцираат и често ги прикриваат своите чувства. Зад одбранбената независност и емоционално отстапување, најчесто се наоѓа непрепознаената желба за вопоставување на топол и нежен однос со родителите.

Отфрлените деца се емоционално осамени и неспособни за создавање топли, трајни и интимни односи со другите луѓе. Воспоставувањето на приврзаност ја отежнува емоционалната конструкција и дефанзивноста која во екстремни случаи поминува во потполна емоционална рамнодушност. Истражувањата потврдуваат дека недостатокот во емоционалниот развој, се забележува и во недостатокот на социјална и комуникациска компетентност. Таквите деца поинаку ги опишуваат и доживуваат меѓуодносите на децата и возрасните, па децата се емоционално понестабилни и помалку отпорни на стресните настани. Непријателски расположените родители кај детето поттикнуваат агресивност. Според теориите за социјално учење (Vasta, Haith, Miler, 1998), во такви ситуации на дело се два процеси. Прво, родителите моделираат агресивно однесување кај своите деца, па тие се однесуваат на начинот што го гледаат и второ, доаѓа до градење однос кој го предизвикува, го одржува и го одобрува насилството.

На детето му се праќа порака за родителското насилство како легитимен начин на интеракција меѓу луѓето, поради што не не изненадуваат наодите според кои агресивното однесување формирано во раното детство е релативно стабилно во текот на целиот живот (Ajduković, 2001).

Во нашето истражување добивме резултати кои ни покажуваат дека доколку прифаќањето од страна на мајката и таткото е поголемо, доживеаното и манифестираното насилно однесување е помало, што значи дека односот на прифаќање од страна на мајката и таткото ги штити децата од искуство со двата вида насилство (доживеаното и мнаифестираното). Доживеаното но, и манифестираното насилно однесување на учениците е помало кога прифаќањето од страна на мајката и таткото е поголемо.

Постои негативна статистички значајна поврзаност и тоа меѓу општата атмосфера во семејството и одбивањето од страна на таткото и од страна на мајката. За општата атмосфера во семејството е значајно односите меѓу децата и родителите да бидат топли,

емотивни со што се карактеризира прифаќањето на рдоителите па согласно на тоа и општата атмосфера се проценува како адекватна.

Во нашето истражување резултатите покажале дека постои поврзаност меѓу прифаќањето од страна на мајката (r = 0,322) и таткото (r = 0,493), со самопочитувањето (себедоживување и доживувањето од другите). Утврдена е значајна поврзаност меѓу себедоживувањето и доживувањето од другите (r = 0.493 и r = 0. 454), прифаќањето од страна на таткото (r = 0. 521) и двете компоненти на самопочитувањето (Табела 2).

Семејството е заедница која со своите карактеристики, чувства и способности претставува основа за меѓусебна соработка и припаѓање, не само на рационална туку и на емоционална основа. Една од суштинските карактеристики на семејството е дека обезбедува задоволување на потребите на детето, негов развој и овозможува услови во кои ќе се испробаат стекнатите социо-психолошки вештини за подоцна да се генерализираат и во општеството во кое детето живее.

За пренесување на сите знаења, вештини, чувства, одредени видови на однесувања, најдобар начин е воспитувањето во кое примарна улога има семејството. Преголемата грижа за детето ја спречува неговата независност, а сепак и отфрлањето на чувствата на детето предизвикува фрустрираност и агресивност. Погрешниот пристап во комуникацијата на родителите и децата, невоспитувањето на емоционален трансфер, негрижата за децата, води до формирање на личност која ќе биде асоцијална во своето однесување.

Резултатите од нашето истражување покажуваат дека во периодот на раната адолесценција за правилен развој и позитивни развојни исходи многу се битни врсниците и нивната социјална поддршка, но од друга страна не се губи емоционалната врска меѓу родителите и децата.

Ако односите меѓу родителите и децата се менуваат од однос во кој постои еднонасочен авторитет на однос во кој постои меѓусебна зависност, соработка и договарање, адолесцентите и натаму ќе бараат совети од родителите и тодителите на тој начин и понатаму ќе имаат влијание врз развојот на децата (Youniss i Smollar, 1985, според Raboteg-Šarić, Brajša- Žganec, 2001).

Ваквите резултати можеме да ги потврдиме со добиените резултати во нашето истражување кои покажуваат дека доколку учениците полошо се чувствуваат во своето семејство, тоа ќе доведе до помала сигурност во себе, пасивност и подготвеност да се трпи, односно доживува насилство од страна ан другите.

Од друга страна, доколку семејната атмосфера е попозитивна, учениците ќе бидат поподготвени да се спротиставаат на оние ученици кои би вршеле насилство над другите. Позитивното семејно опкружување во нашиот примерок е заштитен фактор во смисла на намалување на можностите ученикот да биде изложен на насилство, односно да доживува насилни искуства и да манифестира насилно однесување кон другите ученици. Добиените резултати во нашето истражување, зборуваат за тоа колку е важно родителите да му покажуваат и да му подаруваат љубов, на детето позитивни емоции, пријателски да разговараат со него, да го почитуваат, да го охрабруваат и да го поттикнуваат во активностите.

| 4.2 | ДИСКУСИЈА ЗАПОВРЗАНОСТ НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ СО САМОПОЧИТУВАЊЕТО |
|---|---|

*Во нашето истражување претпоставивме дека постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со самопочитувањето кај учениците од основно училиште. Оваа хипотеза се потврди.*

Личноста со високо самопочитување себе си се почитува и цени, смета дека заслужува почитување и има позитивно мислење за себе, додека личноста со ниско самопочитување најчесто не се прифаќа себе си, се потценува и има негативно мислење за себе и повеќе е подготвена пасивно да се прилагоди на барањата од средината. Самопроцената е заснована на вредносни судови, на когнитивни претстави за себе, на успехот, на телесниот изглед и чувството за прифаќање односно неприфаќање. Сликата за себе децата ја формираат врз основа на вредносните судови од родителите, наставниците, врсниците, нивниот емоционален однос, нивното однесување во склад со когнитивната и емоционалната компонента на овој став.

Доколку самопочитувањето на учениците е поголемо, тие ќе бидат поспособни да го препознаат насилното однесување и во помала мера ќе изразуваат насилство кон другите ученици. Доживеаното насилно однесување е во негативна корелација со себедоживувањето (r=- 0,448,) и со доживувањето од другите (r=-0,485). Добиените резултати во нашето истражување покажуваат дека манифестираното насилно однесување е во значајна негативна корелација со самопочитувањето и тоа со себедоживувањето (r = -0,396) и со процената од страна на другите (r = -0,497). Може да се заклучи дека за двете форми на насилство постои повисока негативна корелација со доживувањето од другите.

Високото самопочитување, кое што се манифестира уште во детството, е еден од најдобрите индикатори за стабилно ментално здравје во подоцнежните години.

Отворената комуникација меѓу децата и родителите во семејството, демократското одлучување и поддржување на емоционалната експресија се услови во кои се негува позитивно самопочитување. Претерано крутите воспитни ставови на родителите и преголемите барања на семејството водат до изразено бунтовништво и отфрлање на нормите и вредностите на семејството. Воспитните влијанија на родителите се многу поприфатливи ако детето знае дека во семејството го прифаќаат, почитуваат и сакаат. Отфрлањето има далекусежни последици и влијае на развивање на деструктивно поведение, како и на изборот на врсници на кои апсолутно им се верува и кои ги прифаќаат своите стари и нови членови, но според свои закони (според Todorović, 2004).

Во литературата се смета дека децата имаат сопствено доживување за своите односи со средината на која и припаѓаат, што се очекува од нив, какво е нивното место во семејството, меѓу врсниците. Сите тие сознанија се интегрираат во еден посебен психички ентитет, односно во специфична слика за себе (Takašmanova-Sokolovska, 1998).

James (1890, според Bezinović, 1988) сметал дека самопочитувањето претставува мерка за компетентноста и аспирациите на поединецот, односно дека поединецот се вреднува себе си врз основа на компетенциите во избрани подрачја и дека вреднувањето директно влијае на самопочитувањето.

Lebedina –Mazoni истакнува дека за развој на самопочитувањето се значајни односите на поединецот со другите од неговата социјална средина. Самопочитувањето зависи од тоа како поединецот замислува дека го проценуваат другите луѓе од неговото опкружување (доживувањето на другите). Сите интеракции не се подеднакво важни за создавање на поимот за себе. На помала возраст важна е интеракцијата со родителите, а подоцна е важна интеракцијата со врсниците. Дури, на поголема возраст се развиваат сопствените верувања и ставови кои во помала мера се под влијание на средината (Lebedina-Manzoni, 2007).

Перцепцијата на личната компетентност го определува глобалното самопочитување на поединецот. Самопочитувањето е еден од важните аспекти на личноста и тоа претставува предмет на голем број истражувања. Повеќето автори се согласуваат дека во луѓето постои основна потреба за позитивно самопроценување, па врз основа на тој податок испитале и интерпретирале цела низа на феномени (Leary, M. R. 1999).

Најзначајните други личности се секако родителите, кои уште на самиот почеток од животот почнуваат да влијаат врз развојот на самопочитувањето. Ако родителите кон децата постапуваат со љубов и со почитување на нивните лични карактеристики, тие за

себе ќе мислат како за позитивни човечки суштества, а самопочитувањето ќе им биде високо. Значи, клучни компоненти во развојот на самопочитувањето се грижата, емоционалната топлина и интересот за детето и за неговите потреби. Негативно влијание врз самопочитувањето ќе имаа претераното ограничување на слободата, изразувањето на непријателство и индиферентноста.

Доколку учениците полошо се чуствуваат во рамки на сопственото семејство, тоа ќе придонесе за помала сигурност во себе, за пасивност и подготвеност да се трпи насилство од страна на другите. Од друга страна пак, доколку општата атмосфера во семејството е попозитивна, и учениците ќе бидат поподготвени да се спротивставаат на оние кои би вршеле насилство над нив. Тоа значи дека децата на кои родителите им пружаат љубов, поддршка и разбирање ќе имаат повисоко самопочитување.

Прифаќањето од страна на родителите претставува димензија на родителското однесување која вклучува давање поддршка, покажување топлина и позитивни емоции кон детето. Изразувањето на вакво однесување од страна на родителите е поврзано со позитивни развојни резултати кај децата, вклучувајќи ја себеевалуацијата, односно самопочитувањето (Vulić-Prtorić, 2007). Децата кои се прифатени, кои родителите ги поддржуваат и им искажуваат позитивни емоции, ќе имаат и повисоко самопочитување.

Родителите позитивно влијаат на развојот на самопочитувањето кај децата ако ги прифаќаат такви какви што се и ако својата грижливост ја покажуваат со поттикнување, односно со создавање можности кои на децата им овозможуваат чувство на компетентност (Vulić-Prtorić, 2007). Можеме да речеме дека за развој на високо самопочитување кај децата, важни се позитивните емоции и поддршката во односот дете-родител. Резултатите од нашето истражување се компатибилни со истражувањата кои покажаа дека искажувањето на љубов и приврзаност кон децата и создавањето услови да се доживее успех и да се чувствуваат компетентни, позитивно влијае на развојот на нивното самопочитување (Vulić-Prtorić, 2007).

Некои истражувања покажуваат дека на насилството меѓу учениците големо влијание имаат родителите, односно воспитните стилови на родителите, како и квалитетот на односот родител-дете (Snuder, Dishioni Patterson 1986, според Lebedina-Manzoni, 2007).

Наодите од повеќе истражувања покажуваат дека антисоцијалните однесувања со врсниците се повеќе присутни доколку родителите се пермисивни, неконзистентни во воспитувањето (Steinberg и Silverberg 1986, според Lebedina-Manzoni, 2007).

Резултатите од некои истражувања покажуваат дека во периодот на раната адолесценција (помеѓу 11-13 години) момчињата и девојчињата имаат слични вредности

во однос на самопочитувањето. Hergovich, Sirich и Felinger (2004; Grozdek, 2007) утврдиле дека општото самопочитување кај девојчињата многу зависи од процената на наставниците и родителите, додека самопочитувањето на момчињата не зависи од тие процени.

Агресивните момчиња со влегување во адолесценцијата можат да бидат отфрлени од страна на врсниците, додека од друга страна, за нив врсниците можат да станат значајна група која го цени таквиот вид на однесување и со самото тоа го поттикнуваат и одржуваат. Во тој контекст станува значајна работата со децата во поглед на развивање на социјални вештини и унапредување на односот со врсниците. На тој начин би се спречиле проблемите кои би можела да ги има идентификацијата со групи кои поттикнуваат насилно однесување.

Од резултатите добиени во ова истражување, може да се заклучи дека димензијата прифаќање како за мајката така и за таткото е значаен фактор за испитуваните варијабли. Значи, и покрај тоа што периодот на адолесценција подразбира поголема насоченост кон врсниците, постигнување самостојност и одвојување од родителите (како развојна цел), родителската насоченост на детето, нивната поддршка, разбирањето, грижата и вниманието остануваат многу значајни фактори во адолесцентното прилагодување.

## 4.3 ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РЕГРЕСИВНАТА АНАЛИЗА

Поврзаноста меѓу насилното однесување (доживеаното и манифестираното) од една страна, и квалитетот на семејната интеракција (општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката и таткото, одбивањето од страна на мајката и таткото), самопочитувањето (себедоживувањето и доживувањето од другите) од друга страна, ја анализиравме и преку регресивна анализа. Таа постапка е применета во две ситуации. Во првата ситуација, како предиктор варијабли се вклучени квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето (себедоживувањето и доживувањето од другите), а критериумска варијабла е доживеаното насилно однесување (Табела 8). Во втората ситуација како предиктор варијабли се вклучени квалитетот на семејната интеракција (општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката и таткото, одбивањето од страна на мајката и таткото), самопочитувањето (себедоживувањето и доживувањето од другите), а критериумска варијабла е манифестираното насилно однесување (Табела 9).

Во првата ситуација, утврдивме дека процентот на заедничката варијанса на критериумот и предикторот изнесува 36%. Во Табела бр.9 гледаме дека родителското однесување-*одбивањето од страна на таткото* е значаен предиктор кој најмногу придонесува за критериумскиот резултат. Вредноста на Бета пондерот за варијаблата одбивање од страна на таткото е статистички значајна (ß= .430, p= .001).

Вредноста на Бета пондерот за варијаблата *доживувањето од другите* е статистички значајна (ß= -.283, p= .002) и тоа е следната предикторска варијабла која придонесува за критериумската варијабла доживеано насилно однесување. Земајќи ја предвид возраста на испитаниците, резултатите добиени во нашето истражување покажуваат колкава важност за самопочитувањето има процената од страна на другите. Човекот како општествено суштество поголемиот дел од своето време го поминува во дружење со други и од нив очекува поддршка и помош кога е потребно. Во постојана интеракција, на младите адолесценти им е од голема важност што мислат другите за нив. Прифаќајќи го потврдувањето од страна на другите, младата личност поуспешно ги надминува потешкотиите, пооптимистички гледа на светот околу себе и има поголемо самопочитување.

Вредностите на Бета пондерите на сите други предикторски варијабли (општата атмосфера во семејството ß= 0.024, p= 0.804, прифаќањето од страна намајката ß= -0.069, p= 0.493, одбивањето од страна на мајката ß= - 0.078, p= 0.552, прифаќањето од страна на таткото ß= 0.104, p= 0.295, самодоживувањето ß= -0.125, p= 0.187) покажуват дека овие предиктори не учествуваат во предикцијата на доживеаното насилно однесување кај учениците од основното училиште. Доживеаното насилно однесување кај младите адолесценти најдобро може да се предвиди врз основа на родителското однесување, односно одбивањето од страна на таткото. Негативен предиктор е процената на самопочитувањето од страна на другите (доживувањето од другите).

Од голема важност за развојот на детето и неговата личност е семејството, односно родителите кои ќе изградат позитивен однос кон детето а со самото тоа ќе придонесат за неговиот однос кон околината. Различните улоги на таткото и мајката во семејството имаат свои биолошки и општетсвени причини, но не треба улогата на таткото да се става на страна. Како детето расте, улогата на таткото станува се поголема. Во училишниот период кога детето ја гради сликата за светот во кој живее и односот кон другите во неговата околина, голема важност има таткото.

Добриот и топол однос со двата родители и учеството на двата родители во воспитувањето на детето го олеснуваат успешното формирање на идентитетот на детето,

неговиот складен развој. Добрите односи со другите, прилагоденоста и прифаќањето на одговорности ќе бидат подобри кај децата кои имаат блиски односи со двата родители.

Резултатите од регресивната анализа покажуваат дека важна улога за нивото на доживеанот насилно однесување и за неговата предикција, има односот меѓу детето и таткото. Доколку односот е полош детето нема да изгради самостојност и тешко ќе може да се потврди меѓу врсниците. Давањето љубов и внимание, развивањето на самостојност се поврзани со позитивните развојни последици кај децата.

Ваквиот резултат би можел да се објасни со тоа што децата при толкување на својот однос со мајката, односно таткото се фокусираат на различни однесувања. Односот на децата со мајката повеќе е симетричен и укажува на еднаквост меѓу оние кои го градат тој однос. Децата ја опишуваат мајката како личност која во голема мера дозволува, помага, се грижи за нив и почесто е со нив во секојдневните активности. Од друга страна, децата таткото повеќе го перципираат како личност која дава финансиска поддршка, која е авторитативна и која контролира. Со мајката децата можат отворено да зборуваат за своите проблеми и планови, додека таткото го перципираат како личност која дава совети или со која можат да се забавуваат. Критиките и негативните пораки упатени од страна на мајката полесно се прифаќаат отколку оние упатени од таткото.

Резулатите од регресивната анализа покажуваат дека важна улога во нивото на доживеаното насилно однесување и неговата предикција има односот меѓу детето и таткото. Доколку односот е нешто полош детето нема да изгради самостојност и ќе има помала можност да се потврди меѓу врсниците.

Семејството не е единствениот контекст во кој детето се развива. Во текот на адолесценцијата од голема важност се врсниците како извор на поддршка. Според резултатите од регресивната анализа гледаме дека значаен предиктор за објаснување на доживеаното насилно однесување е сликата за себе која децата ја формираат врз основа на мислењето на други значајни личности. Позитивниот однос на адолесцентот со лицата кои се значајни во неговиот живот, значајно ќе ја зголеми неговата самодоверба и ќе му помогне да го препознае насилното однесување.

Во втората ситуација, во која ја применивме регресивната анализа, а врз основа на резултатите прикажани во Табела .9, гледаме дека предикторските варијабли објаснуваат 44% од варијансата на критериумската варијабла (манифестираното нансилно однесување). Коефициентот на мултипла корелација меѓу сите предикторски варијабли и критериумот изнесува 0.670 ($F=15.599$, $p=.000$). Понатаму, од истата табела се забележува дека вредностите на Бета пондерите за другите предикторски варијабли (прифаќање од

страна на мајката, одбивање од страна на мајката, прифаќање од страна на таткото, одбивање од страна на таткото, себедоживување) не се статистички значајни, што значи дека овие варијабли не учествуваат во предикција на манифестното насилно однесување на адолесцентите.

Врз основа на претходно кажаното, можеме да заклучиме дека е потврдена главната хипотеза која гласи: **Постои поврзаност на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција и со самопочитувањето кај учениците од основно училиште.**

По анализата на сите релевантни наоди во ова истражување, уверени сме дека одговорот на општеството на појавата на насилно поведение меѓу учениците треба да биде поинаков. Без да го намалиме значењето на сите наведени постапки и активности кои се препознаваат како многу важни, сметаме дека на овој многу сериозен општествен проблем мораме да му пристапиме на поинаков начин.

## 4.4 ДИСКУСИЈА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ЗА ПОЛОВИТЕ РАЗЛИКИ ВО ОДНОС НА ДОЖИВЕАНОТО И МАНИФЕСТИРАНОТО НАСИЛСТВО, КВАЛИТЕТОТ НА СЕМЕЈНА ИНТЕРАКЦИЈА И САМОПОЧИТУВАЊЕТО

*Помошна хипотеза во нашето истражување беше дека постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување. Оваа хипотеза во истражувањето се потврди.*

Добиените резултати укажуваат на постоење разлики меѓу момчињата и девојчињата во доживеаното и манифестираното насилно однесување во прилог на учениците од машки пол. Момчињата, во споредба со девојчињата, се поподготвени насилно да се однесуваат кон другите ученици, да ги нарекуваат со навредливи имиња или да ги исклучуваат од својот круг на пријатели. За момчињата е покарактеристично агресивното однесување, додека за девојчињата тоа е понеобично. Агресивното однесување на момчињата често се поткрепува додека, од друга страна, кај девојчињата тоа остро се критикува, се толкува како несоодветно се осудува и се спречува.

Помалата можност да се одговара за агресивното однесување, може да влијае на зголемување на агресивноста кај момчињата. Фактор кој детерминира поголема количина на насилни акции на момчињата е и односот на социјалната средина и факторите на социјализација. Ако го набљудуваме насилството во контекст на културата, не е тешко да се разбере поголемиот интензитет на насилно однесување кај момчињата, во споредба со

девојчињата. Пред се, момчињата во споредба со девојчињата, од најраното детство имаат строги забрани во однос на изразувањето на позитивни емоции, а поблаги забрани во однос на изразувањето на негативните.

Одамна се знае дека машките се поагресивни од женските, односно дека тие агресијата ја изразуваат поотворено. Од најмала возраст децата ги учат половите улоги, перципираат и набљудуваат модели кои се однесуваат согласно на полот, при што родителите и средината ги одобруваат однесувањата кои се типични за полот. Така, момчињата најчесто се поттикнуваат на игри кои вклучуваат повеќе насилство, како играчки им се купуваат пиштоли и мечеви, додека девојчињата се воспитуваат да бидат емотивни и нежни, а најчесто им се купуваат кукли. Но, во контекст на насилството во училиштето, од многу поголемо значење е односот на училишниот персонал, како социјална средина, кон насилните акции. Низ процесот на социјализација научени сме во поголема мера да го толерираме насилното однесување на момчињата отколку на девојчињата, што веројатно ќе влијае наставниците насилното однесување на момчињата да го доживуваат како „помалку агресивно" (според Vasta, Haith и Miller, 1998).

Наодот за поголема изложеност на насилство на момчињата отколку девојчињата, како и за поголем број момчиња како извршители на насилство е очекуван. Овој наод е потврден и во други истражувања (според Olweus, 1998). Девојчињата се повеќе изложени на индиректни форми на насилство во голема мера од страна на момчињата. Резултатот од Бергенската студија е релевантен показател за ваквата ситуација бидејќи 60% од злоставените девојчиња пријавиле насилство од страна на момчињата, а повеќето момчиња (повеќе од 80%) злоставувале момчиња (Olweus,1998). И во нашето истражување се покажа дека момчињата се понасилни од девојчињата. Поголемата агресивност на момчињата е во одредена мера биолошки детерминирана од поголемата количина на тестостерон. Имено Olweus (според Vasta, Haith и Miller, 1998) утврдил поврзаност на хормонот тестостерон и процената за вербална и физичка агресија од страна на врсниците.

Генерално, момчињата се поагресивни и почесто се јавуваат како насилници во споредба со девојчињата. Bolton и Andervud (според Popadić, 2009) утврдиле дека во 65% епизоди на злоставување насилници биле момчињата, во 15% девојчињата, а во 19% девојчињата и момчињата заедно. За момчињата, насилството е дел од односите засновани на хиерархија на моќта, додека девојчињата се свртени кон афилијативните врски, па и изворот на агресивноста се поврзува во загрозување на тие врски (Popadić,2009).

Поголемата количина на насилни акции направени од момчињата, може да се толкува со билошката природа како и со различните односи меѓу девојчињата и момчињата. Додека играта и односите меѓу девојчињата повеќе е заеднички, и се темелат емпатија, помагање, односот меѓу момчињата е повеќе се компетитивен и вклучува желба за доминирање во групата на врсници. За да стекнат позиција на моќ во групата, момчињата многу често применуваат насилни акции со примена на физичка сила или со помош на закана (според Vasta, Haith и Miller, 1998).

Како типичен пример на желбата за доминација на момчињата, може да послужи тепачката со цел да се измерат силите меѓу момчињата, при што најјаките стекнуваат углед во групата. Поголемиот број на извршени насилства од страна на момчињата во однос на девојчињата, може да биде и последица на типичните обрасци на реакција на стресорите, кои се разликуваат меѓу девојчињата и момчињата. Имено, девојчињата и жените на хроничните стресори почесто развиваат интернализирани пореметувања, односно проблеми, па почесто развиваат депресија и невротицизам.

Во исти ситуации, момчињата и мажите реагираат со проблеми во однесувањето (на пример, алкохолизам) и со недостаток на контрола на импулсите (почесто реагираат со агресивни постапки). Родителите пред децата поставуваат се поголеми барања во врска со постигнувањата, родителите работат се поинтезивно и се помалку време имаат за одмор, што може да води до поголем број недоразбирања во семејството. Како дополнителна причина за поголема агресивност на момчињата, некои автори ги наведуваат разликите меѓу девојчињата и момчињата во поглед на сознајните процеси. Во едно истражување е утврдено дека девојчињата наспроти момчињата нејасните ситуации почесто ги толкуваат на позитивен начин или се повлекуваат од нив, додека момчињата во исти ситуации почесто реагираат со осветничка агресија (според Vasta, Haith и Miller, 1998).

Иако момчињата и девојчињата биолошки се различни единки, овие разлики во доживвањето и манифестирањето на насилството повеќе се засновани на културното отколку на билошкото влијание. Ако се вратиме на теоријата на К. Hornaj, според која културата игра многу значајна улога во формирањеsто на личноста, сите овие разлики можат да се согледаат токму низ влијанието на истата. Девојчињата се воспитувани како "послаб пол", нивната агресија во споредба со онаа на машките е поприкриена.

Од развоен аспект, машките деца во споредба со женските, порано манифестираат лутина. Дури, и игрите кај девојчињата се помирни од игрите на момчињата. Подоцна, во текот на развојот, девојчињата поуспешно се служат со социјалните вештини, имаат поголема емпатија и склони се кон компромиси. Во нивното воспитување биле

насочувани кон контрола на импулсите и кон развивање на просоцијално однесување. Тие се стремат кон конструктивно решавање на конфликтите, подготвени се да бараат помош и тоа го прават со искрена желба да се реши конфликтот. И девојчињата манифестираат насилно однесување, но тие за разлика од момчињата многу поретко користат физичка сила. Дури, во училишниот период пожелно е момчето да ја изрази својата маскулиност, бидејќи во спротивно му се заканува опасност од другите насилни момчиња, како и опасност од отфрлање и потсмевање од страна на другите ученици.

Резултатите за поголема изложеност на момчињата на насилство, може да се толкуваат и од аспект на развојните функции. Имено, децата до пубертетот најчесто учествуваат во игри со врсници од ист пол, а бидејќи момчињата се поагресивни, односно во поголем број се извршители на насилни активности, поголема е шансата нивната агресивност да биде насочена кон другите момчиња. Со зголемување на возраста, иако доаѓа до се поголем број на пријателства меѓу момчињата и девојчињата, момчињата агресијата ја насочуваат пред се кон момчиња (според Vasta, Haith и Miller, 1998).

Во периодот на адолесценција се позначајно место во животот на детето заземаат врсниците. За да се изборат за положба во хиерархијата на моќ, која е карактеристична за периодот на пубертетот, момчињата користат физичка сила и доминација, додека девојчињата потребите ги истакнуваат главно по вербален пат, кој иако може да биде агресивен, во поголем број случаи не го достигнува нивото на агресивност кое може да се изрази кај момчињата. Агресивните деца можат да имаат круг на агресивни пријатели кои од една страна, им пружаат пријателство и социјална поддршка, и од друга го поттикнуват одржувањето на агресивното однесување.

Кругот на агресивните пријатели е карактеристичен повеќе за момчињата отколку за девојчињата. Момчињата во пониските одделенија од основното училиште многу често се позитивно поткрепувани во форма на воодушевување, почитување и зголемување на омиленоста во паралелката ако во неа се најјаки.

Olweus во своите истражувања потврдува дека момчињата во поголема мера се однесуваат насилно. Во Бергенската студија се добиени податоци кои зборуваат дека голем дел од насилството што го доживеале девојчињата е извршено од момчиња. Повеќе од 60% од злоставуваните девојчиња пријавиле насилство од страна на момчињата. Повеќето момчиња, преку 80% злоставувале исто така момчиња. Насилното однесување со физички средства е вообичаено за момчиња. Наспроти ова, девојчињата користат посуптилни начини на злоставување што придонесува таквите видови на насилство потешко да се забележуваат (ширење на гласини, исклучување од групата, недружење).

Резултатите добиени во нашето истражување не се во колизија со досегашните истражувања за половите разлики во однос на агресивното однесување. Докажано е дека односите меѓу момчињата се погруби, поостри и понасилни отколку кон девојчињата (Olweus, 1996). Овие разлики се потврдени и во нашето истражување и истите можат да бидат последица од биолошките фактори како и од социјалните фактори и од средината.

Девојчињата се статистички значајно помалку изложени на физичко насилство и статистички значајно се помалку извршители на физичко насилство, односно помалку ги удираат или туркаат, тепаат или ги повредуваат другите ученици. Иако статистички значајна, разликата во количината на доживеано насилство меѓу момчињата и девојчињата е мала (според Olweus, 1998). Бидејќи момчињата се поагресивни, очекувано е дека ќе бидат и извршители на физичко насилство.

Причината за поголемото доживеано физичко насилство на момчињата може да се толкува на неколку начини. Имено, од еволуциско гледиште, момчињата во споредба со девојчињата имаат предодредена физичка конституција за борба па, почесто се учесници на физичко насилство. Од биолошко гледиште, желбата за доминација се јавува меѓу членови од заедницата од ист пол. Од социјализациско гледиште, децата учат полово типични однесувања во кои односите помеѓу машките се погруби, со многу почесто присуство на физички контакт. Ваквото однесување на момчињата во пониските одделенија од основното училиште многу често се позитивно поткрепени. Девојчињата имаат подобро развиени вербални способности и би можело да се очекува дека ќе искажуваат поголема вербална агресија отколку момчињата.

Резултатите од бројни истражувања покажуваат дека момчињата се почесто жртва на насилство, а во споредба со девојчињата исто така и почесто манифестираат насилно однесување. Ваквите резултати одговараат на очекувањата за половите разлики во агресивното однесување (Olweus, 1986 според Olweusu,1989).

***Помошната хипотеза која тврдеше дека не постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на квалитетот на семејната интеракција (општа атмосфера во семејството, прифаќање од страна на мајката и таткото и одбивање од страна на мајката и таткото), се отфрла.***

Резултатите покажаа дека постои разлика меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на квалитетот на интеракцијата во семејството (прифаќање од страна на мајката и таткото и одбивање од страна на мајката и таткото).

Во нашето истражување се утврдени разлики меѓу момчињата и девојчињата во прифаќањето од страна на мајката и прифаќањето од страна на таткото. Што се однесува до прифаќањето од страна на мајката, девојчињата во поголема мера ја проценуваат важноста од прифаќањето од страна на мајката, односно воспоставување на топол и емотивен однос со мајката-полн со разбирање. Од друга страна, момчињата во поголема мера ја проценуваат важноста на прифаќањето од таткото во однос на девојчињата. На момчињата таткото-како машка фигура, им е од голема важност во развојот. Таткото е личност со која тие подоцна се идентификуваат и го моделираат своето однесување. Belsky (1984) предложил процесен модел кој се однесува на детерминантите на родителството. Тој смета дека родителското однесување е под влијание на повеќе фактори, а еден од нив се и особините на детето.

Полот на детето уште од раѓање го детерминира родителското однесување. Тој влијае на изборот на облеката и видот на играчките со кои ќе биде окружено, но и на начините на интеракција на родителите со него. Така, момчињата повеќе се поттикнуваат на различни физички активности, додека со девојчињата повеќе се разговара. Половите разлики се потврдени и кај родителското прифаќање и одбивање. Процената за прифаќање од страна на мајката кај девојчињата е многу повисока отколку кај момчињата. Девојчињата доживуваат и помало одбивање и неразбирање од страна на двата родитела (Macuka и Vulić-Prtorić, 2006). Долго време љубовта на мајката се сметала за поважна од онаа на таткото, што веројатно влијаело за помал број истражувања во кои се испитувало влијанието на таткото за развојот на детето. Rohner (1998) наведува дека љубовта на таткото е исто толку важна како и љубовта на мајката, а некои истражувања покажуваат дека таа е и подобар предиктор кога се во прашање проблемите со прилагодувањето, деликвенцијата и психопатологијата.

Во нашето истражување, дојдовме до резултати кои покажуваат дека постојат разлики и кога се во прашање варијаблите одбивање од страна на мајката и одбивање од страна на таткото. Постоењето на разлики во доживувањето одбивање од страна на мајката и таткото е во корист на момчињата.

*Помошната хипотеза со која тврдевме дека не постојат разлики меѓу учениците од машки и женски пол во доживувањето на самопочитувањето (себедоживување и доживување од другите), делумно се потврдува.*

Резултатите покажуваат дека постои статистички значајна разлика меѓу момчињата и девојчињата во доживувањето од другите. Меѓу девојчињата и момчињата не постои статистички значајна разлика кога е во прашање самопроцената. Самопроцената е заснована на вредносните судови, на когнитивните претстави за себе, на сопствената успешност, на телесната шема и општото чувство за прифаќање односно неприфаќање. Сликата за себе децата ја формираат врз основа на вредносни судови за родителите, наставниците, врсниците, нивниот емоционален однос, нивното однесување, во согласност со когнитивната и емоционалната компонента на овој став.

Девојчињата, за разлика од момчињата, како позначајна ја доживуваат димензијата процена од страна на другите (доживување од другите). Резултатите од некои истражувања покажуваат дека во периодот на раната адолесценција (меѓу 11-13 години) момчињата и девојчињата имаат слично самопочитување. Hergovich, Sirich и Felinger (2004; Grozdek, 2007) утврдиле дека општото самопочитување кај девојчињата многу зависи од процената на наставниците и родителите, што не е случај со самопочитувањето кај момчињата.

Изворите за полови разлики во димензиите на сликата за себе пред се се наоѓаат во полово типизираната социјализација на момчињата и девојчињата, во разликите во општествената положба на половите од кои произлегува и поголемата економска зависност на жените, а некои ги бараат и во разликите во способностите (Block и Robins, 1993; Hattie, 1992; според Grozdek, 2007). Традиционално, девојчињата се социјализираат да бидат послушни, зависни од другите и да се прилагодуваат на барањата од средината, додека момчињата се социјализираат да бидат самостојни и активни членови на општеството.

Овие разлики се јавуваат и поради различни извори на самопочитување кај различните полови. Машките го градат своето самопочитување врз основа на положбата во групата. Тие го развиваат своето самопочитување врз основа на фактот дека се подобри од другите. Значи, за момчињата индивидуацијата, доминацијата на успешноста во училиште се клучни за развој на самопочитувањето (Kendler и сор., 1998; според Burić, Macuka, Sorić и Vulić- Prtorić, 2008). Спротивно на тоа, самопочитувањето на женските е повеќе интерперсонално насочено. Тие го поврзуваат своето самопочитување со меѓусебната зависност од другите, па со тоа поголема важност им придаваат на туѓите реакции на нивното однесување. Во прашалниците за самопочитување, девојчињата почесто нагласуваат дека самопочитувањето им се зголемува кога се сакани, омилени во

друштво, додека момчињата почесто нагласуваат дека самопочитувањето им се зголемува со зголемувањето на успехот.

Разликите во самопочитувањето на момчињата и девојчињата можат да се објаснат и со социјалното споредување. Девојчињата и жените во споредба со момчињата и мажите повисоко се проценуваат врз основа на изгледот. Ако нивниот изглед значајно се разликува од општествениот идеал за убавина, другите луѓе можат да имаат негативно мислење за нив, што негативно ќе се одрази и на нивната самопроцена придонесувајќи да се намали самопочитувањето. Во пубертетот кај девојчињата се случуваат телесни промени, како појава на масно ткиво и проширување на колковите, кои ги оддалечуваат од културниот идеал за убавина кој ја нагласува виткоста. За разлика од тоа, кај момчињата во пубертетот се зголемува мускулното ткиво и ширината на рамењата, а тоа се карактеристики кои одговарат на „идеална" слика за машко во западната култура. Понатаму, ако девојчето се чувствува физички помалку привлечно од девојчето со кое е во интеракција, неговото самопочитување ќе биде нарушено (Abell и Richards, 1996; според Burić, Macuka, Sorić и Vulić-Prtorić, 2008).

Важно е и да се осврнеме на карактеристиките на културата во која е спроведено ова истражување. Самата класификација на понежен (девојчиња) и појак пол (момчиња) покажува дека и родителите и околината имаат различни очекувања од момчињата и девојчињата. За културата во Црна Гора карактеристичен е голем број на стереотипи, особено стереотипи со оглед на полот на децата, во кој се фаворизираат момчињата.

Како што претходно беше наведено, според некои истражувања раната адолесценција е период во кој момчињата и девојчињата се слични во однос на самопочитувањето, а разлики во корист на момчињата се јавуваат со растењето (Rosenfield, 1999, McMullin и Cairney, 2004; според Burić, Macuka, Sorić и Vulić- Prtorić, 2008). Значи, и возраста на испитаниците би можела да биде една од причините за неможност на докажување на полови разлики во однос на самопочитувањето.

Меѓу момчињата и девојчињата не постојат статистички значајни разлики кога е во прашање самопроцената (себедоживувањето).

Постоењето на полови разлики во поглед на самопочитувањето од аспект на процената од страна на другите (доживување од другите), кај испитаниците во нашето истражување би можело да биде последица од мерниот инструмент кој е користен во истражувањето бидејќи применетата скала за самопочитување ја мери глобалната вредносна ориентација кон себе, а не некои специфични аспекти од сликата за себе. Имено, истражувањата во кои се користени повеќе димензионални скали за

самопочитување покажуваат дека не би можело да се зборува за разлики во општото ниво на самопочитување, туку за разлики во одделни димензии на самопочитувањето. Така, девојчињата ги перципираат компетенциите во регулирање на однесувањето, а момчињата во спортската компетентност и телесниот изглед.

Истражувањата на половите разлики за сликата за себе и самопочитувањето се бројни, но нивните наоди не се конзистентни. Најчесто може да се најдат податоци дека момчињата од рана возраст покажуваат поголемо самопочитување од девојчињата (Block и Robins, 1993; Hergovich, 2004), но присутни се и спротивни наоди (Lacković-Grgin и Deković, 1990; според Grozdek, Kuterovac-Jagodić, 2007). Испитани се и разликите во одделни подрачја на компетентност, при што во некои истражувања момчињата се перципираат како покомпетентни, во други покомпетентни се девојчињата (Lau и сор., 1998), а во трети не се утврдени разлики (Hergovich и сор., 2004; според Grozdek, Kuterovac-Jagodić, 2007).

Во некои истражувања се покажало дека момчињата се перципираат како покомпетентни во областа на телесните способности и изгледот, а девојчињата во областа на комуникацијата со врсниците и во однос на регулирањето на однесувањето (Marsh, 1989; Brajša-Žganec, Raboteg-Šarić и Franc, 2001). Важно е да се истакне дека половите разлики се јавуваат доста рано, дека со возраста се менуваат, а во адолесценцијата се зголемуваат (Hergovich и сор., 2004; според Grozdek, Kuterovac-Jagodić, Zarevski 2007).

Lacković-Grgin (1994) наведува дека не постои согласност меѓу авторите околу прашањето за самопочитувањето на адолесцентите од различен пол, но сепак, поголемиот број автори зборуваат дека самопочитувањето на девојчињата е пониско од самопочитувањето на момчињата. Во истражувањето што го спровеле Lacković-Grgin и Deković (1990; според Grozdek, 2007) како и во истражување спроведено од други автори (Burić, Macuka, Sorić и Vulić-Prtorić, 2008) добиени се разлики во самопочитувањето во прилог на девојчињата.

Изворите за половите разики во димензиите на сликата за себе пред се се наоѓаат во полово типизираната социјализација на момчињата и девојчињата, во разликите во општествената положба на половите од која произлегува и поголемата економска зависност на жените, а според некои таа се наоѓа и во разликите во способностите (Block и Robins, 1993; Hattie, 1992; според Grozdek, 2007).

Овие разлики се јавуваат и поради различни извори за самопочитување кај половите. Машките го градат своето самопочитување врз основа на својата положба во групата (каде се наоѓаат во хиерархиската скала). Тие го развиваат своето самопочитување

врз основа на фактот дека се подобри од другите. Значи, за момчињата индивидуацијата, доминацијата на успешноста во училиште претставува клучен фактор за развој на самопочитувањето (Kendler, 1998; според Macuka, и Vulić-Prtorić, 2008).

Како што беше кажано, според некои истражувања, раната адолесценција е период во кој момчињата и девојчињата се слични во самопочитувањето, а разликите во корист на момчињата стануваат поголеми во текот на процесот на растење (Rosenfield, 1999, McMullin и Cairney, 2004; според Burić, Macuka, Sorić и Vulić-Prtorić, 2008).

## 4.5 ОГРАНИЧУВАЊА И НЕДОСТАТОЦИ

Истражувањето што го спроведовме, е усогласено со принципите на истражувачката работа. Сепак, потребно е да се споменат некои ограничувања и недостатоци на трудот кои би можеле да имаат влијание на резултатите, а за кои мораме да водиме сметка при нивното интерпретирање.

Примерокот во нашето истражување беше пригоден и поради тоа заклучоците неможат да се генерализираат, но бројот на испитаници не го определува квалитетот на истражувањето. Друг недостаток може да бидат применетите инструменти. Многу често се наведува дека скалата на самопроцена не е одраз на вистинската состојба на испитаникот, туку одговорите зависат од тоа колку добро испитаникот се познава себе си и колку има увид во своите мисли, чувства, вредности и однеување.

На одговорите може да влијае социјалната пожелност на некој одговор како и интимноста на поставените прашања. Така на пример, може децата кои имаат проблематични семејни односи да ја „подобрат" сликата на семејната средина, односно да даваат социјално пожелни одговори. Од друга страна, децата чија семејна средина е задоволувачка немале потреба да ги искривуваат одговорите. Овие укажувања за крајна последица може да имаат слична процена на однесувањето на родителите. Возраста на испитаниците кои се во „критични" пубертетски години, може да доведе до искривување и до пристрасна процена на доживеаното и манифестираното насилно однесување и на родителското однесување во смисла на прифаќање и одбивање, како и во поглед на самопроцената и процената од страна на другите.

Овие недостатоци се обидовме да ги намалиме со помош на упатството во кое е нагласено дека нема точни и неточни одговори, дека испитуваните мисли, чувства, вредности и однесувања се карактеристични за сите деца во помала или поголема мера и

дека увид во нивните одговори нема да има никој освен истражувачот и дека податоците ќе се користат исклучиво за научни цели.

Во секое истражување важна е мотивацијата на испитаниците која во спроведеното истражување кај некои учесници беше прилично ниска. Имено, на децата им е здодевно да одговараат на три прашалници. Поради тоа, некои можеби биле невнимателни при давањето одговори, можеле да даваат одговори по случаен избор или да препишуваат еден од друг.

Како недостаток може да се наведе користењето на мерниот инструмент кој е користен во истражувањето за мерење на самопочитувањето, бидејќи применетата скала за самопочитување ја мери глобалната вредносна ориентација кон себе а не некои специфични аспекти од сликата за себе.

Учениците на испитуваната возраст подобро ги проценуваат сопствените вредности во однос на процената на вредноста од страна на другите и на возраста на која се наоѓаат избираат социјално пожелни одговори.

Учениците одговараа со самопроцена заокружувајќи ги понудените одговори.

## 4.6 ПРАКТИЧНИ ИМПЛИКАЦИИ ОД НАОДИТЕ

И покрај наведените недостатоци, можеме да речеме дека потврдивме одредени наоди од досегашните истражувања. Ја истакнавме поврзаноста на насилството (доживеано и манифестирано), семејната интеракција (општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката и таткото, одбивањето од страна на мајката и таткото), и самопочитувањето (себедоживување и доживување од други).

Насилното однесување меѓу учениците и причините кои доведуваат до вакви форми на однесување интензивно се проучуваат во последните години бидејќи одделни видови на насилно однесување меѓу учениците добиваат некои нови димензии, а се случува да завршуваат и трагично. Истражувањата на оваа тема треба да послужат да се создадат услови за квалитетно растење на децата во семејството и да се поттикнат прифатливи образци на однесување, а училиштето да стане сигурно место за сите ученици.

Ова истражување е спроведено со цел да се изработи магистерски труд и може да претставува потиик за некои идни истражувања на овие многу сложени проблеми. Некои ограничувања и слабости во нашето истражување можеби ќе инспирираат и поттикнат

некои други исти или слични истражувања. Исто така, може да се истражува поврзаноста на насилното однесување со квалитетот на семејната интеракција и самопочитувањето кај учениците во основно училиште тргнувајќи од поинаква концепција и со користење на други техники и методи.

Да се работи со учениците на развивање позитивна слика за себе, да се унапредува здравата комуникација во училиштето и семејството, јасно да се истакнува ставот за неприфаќање на насилството-се многу важни активности кои би можеле превентивно да влијаат на намалување на насилното однесување меѓу учениците во осовното училиште.

## 5. ЗАКЛУЧОК

Учениците во училиштето можат да бидат континуирано или одвреме на време вознемирувани или напаѓани од своите училишни другари. Појавата на насилно однесување меѓу учениците е добро позната но, за неа малку се зборува и пишува. Барајќи ги причините за насилното однесување меѓу ученците Олвеус (Olweus, 1998), заклучува дека отсуството на емоционални врски меѓу детето и мајката, пермисивноста кон агресивното однесување на детето, употребата на физичко казнување претставуваат основа за раѓање на агресивно однесување.

За да се дејствува превентивно на појавата на намалување на насилното однесување на учениците во основното училиште, многу важни активности се: да се работи со улениците на развивање на позитивна слика за себе, да се унапредува здрава комуникација во училиштето и во семејството, јасно да се истакнува ставот за неприфаќање на насилство. Резултатите што се добиени со истражувањето покажуваат дека и покрај тоа што адолесценцијата, како специфичен развоен период подразбира шпоголема самостојност и сепарација од родителите, сепак значењето на улогата на рдоителите не се намалува.

Значи, родителите се најзначајните фактори кои влијаат на прилагодувањето на младите адолесценти, но од друга страна, неопходна е модификација на родителските вопситни постапки и нивно усогласување со карактеристиките на развојниот период во кој се наоѓаат децата. Со ова неопходно е да се запознаат и родителите за да се корегираат погрешните мислења, доколку постојат, за намалената важност на улогата на родителите во растот и развојот на децата. Со едукација на рдоителите за правилните воспитни постапки би можеле да се обезбедат позитивни ефекти кај децата.

Исто така, за правилс развој и прилагодување на децата, неопходное да бидат изложени на влијанијата што доаѓаат од врсниците. Имено, за децата е многу значајно да имаат пријатели на кои можат да им се доверат, да чувствуваат пришадност на група врсници и секако, врсниците да ги прифаќаат.

Како што досега е евидентирано во соопштените истражувања, како во земјата и надвор од неа, насилното однесување е поприсутно кај момчињата во споредба со девојчињата. Со влегување во адолесцентниот период агресивните момчиња можат да бидат отфрлени од страна на врсниците, додека од друга страна, тие може да станат членови на групи кои го вреднуваат високо токму таквото однесување па со самото тоа и да го поттикнуваат и одржуваат, истовремено гаејќи го чувството за припадност на

групата. Во тој контекст станува значајна работата со децата на развивањето на социјални вештини и унапредувањето на односот со врсниците за да се спречат проблемите кои би можела да ги има идентификацијата со група која поттикнува агресивност.

Со ова истражување се обидовме да ја испитаме поврзаноста на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција (општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката и таткото и одбивањето од страна на мајката и таткото) и самопочитувањето (самополитување-јас и самополитување-други). Кај учениците од осмо одделение. Индикаторите за оваа поврзаност добиени се со обработка на резултатите добиени на следните тестови:

- Прашалник за испитување на насилното однесување на учениците (Olweus ,1996), со кој гомеревме доживеаното и манифестираното насилно однесување.
- Скала за квалитетот на семејната интеракција (Vulić-Prtorić,1998) со која ги меревме: општата атмосфера во семејството, прифаќањето од страна на мајката и таткото и одбивањето од страна на мајката и таткото.
- Прашалник за самопочитување (Vizek-Vidović i Kuterovec-Jagodić,1996), со кој го проценувавме самопочитувањето (себедоживување и доживување од другите).

Истражувањето е спроведено во основното училиште „Душан Кораќ„ во Бјело Поље, во Црна Гора. Во истражувањето учествуваа ученици од осмо одделение на возраст 13-14 години (просечна возраст на учениците 13,6 години), од шест одделенија, а вкупниот број на ученици вклучени во истражувањето изнесува 142 (74 момчиња и 68 девојчиња). Истражувањето е спроведено во декември 2010 година.

Примерокот во истражувањето е пригоден, а истражувањето е реализирано за време на еден училишен час.

Врз основа на резултатите добиени од корелационата и регресивната анализа, кои се добиени со тестирање на поставените хипотези, можат да се извлечат следните заклучоци:

1. *Постои поврзаност* на доживеаното и манифестираното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција и со самопочитувањето кај учениците од основно училиште. Утврдена е статистички значајна поврзаност меѓу доживеаното и манифестираното насилно однесување (r = 0,518). Доживеаното насилно однесување статистички значајно негативно корелира со општата атмосфера во семејството (r = -0,257), со прифаќањето од страна на мајката (r = -0, 332), со прифаќањето од страна на

таткото (r = -0,327). Отфрлувањето од мајката и од таткото статистички значајно корелираат со насилното однесување (r = 0,420 и r =0,527).

Себедоживувањето исто така значајно корелира со доживеаното насилно однесување (себедоживување r = -0, 448, а доживувањето од другите r = -0,485). Оваа констатација е идентична со наодите на различни истражувачи кои беа споменати во теоретскиот дел од трудот.

Имено, истражувачите со различни теориски ориентации забележале голем број заеднички карактеристики на семејствата од кои потекнуваат децата кои манифестираат насилно однесување. Кај родителите кои се злоставувачи често се сретнува ниско самопочитување, слаба контрола на импулсите, агресивност, анксиозност. Голем број од овие карактеристики се последица од спречување или дисфункции во психолошкото функционирање или пак се последици од несоодветното родителство (Kolko, 1996).

Секако дека најзначајни други личности се родителите, кои уште од самиот почеток на животот со своите постапки учествуваат во развивање на самопочитувањето. Доколку родителите кон децата постапуваат со љубов и почитување на нивните лични каракатеристики, тие за себе ќе мислат како за позитивни и коректни човелки суштества, а самопочитувањето ќе им биде високо. Значи, клучни компоненти за развој на самопочитувањето се грижата, емоционалната топлина, интересот за детето и неговите потреби. Негативно влијание на самопочитувањето ќе има претераното ограничување на слободата, искажување на непријателство и индиферентност (Tomljenović, Nikčević - Milković, 2005).

2. *Постои поврзаност* на доживеаното и манифестираното насилно однесување (r = - 0,332 и r=- 0,525) со квалитетот на семејната интеракција кај учениците во основно училиште. Овој заклучок се потврдува со статистички значајните корелации за поврзаноста на доживеаното насилно однесување со квалитетот на семејната интеракција (за општата атмосфера во семејството r = -0,332, прифаќањето од страна на мајката r = 0, 327 и од страна на таткото r = 0, 351) и одбивањето од страна на мајката (r = 0, 420) и таткото (r = 0, 527). Овој заклучок го потврдува заклучокот што го добиле истражувачите чии наоди се соопштени во теорискиот дел.

Vulić- Prtorić (2002) утврди дека сите аспекти на интернализираните (депресивност, анксиозност, соматизација) и на екстернализираните (агресивност) проблеми најмногу се поврзани со перцепцијата на одбивање од страна на мајката и таткото. Валвите резултати се потвредни и со резултатите добиени во нашето истражување.

*4.Постои поврзаност* на доживеаното и манифестираното насилно однесување со самопочитувањето на учениците во основно училиште. Добиените резултати укажуваат дека постојат разлики меѓу момчињата и девојчињата во манифестираното насилно однесување. Доколку самопочитувањето на учениците е поголемо тие ќе бидат поспособни да го препознаат насилното однесување и во помала мера ќе бидат насилни кон другите ученици.

4. *Постојат разлики* меѓу учениците од машки и женски пол во однос на доживеаното и манифестираното насилно однесување. Учениците од машки пол во споредба со оние од женски пол, почесто манифестираат насилно однесување.

